РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПОЧИТУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

## 2013

**Скопје, март 2014**

# СОДРЖИНА


НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НАЦИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА 7

СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ 9

ОД РАБОТАТА ВО 2013 10

ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ 19

Социјална сигурност и заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19
Пензиско и инвалидско осигурување . . . . . . . . . . . . 22
Здравствено осигурување и заштита . . . . . . . . . . . . 24
Права на детето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
- Воведни напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
- Права на детето во семејството . . . . . . . . . . . . . 28
- Семејно и друг вид насилство врз децата и насилство помеѓу децата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29
- Права на лицата/децата со посебни потреби и маргинализирани групи на деца . . . . . . . . . . . . 31
- Здравствена заштита на децата . . . . . . . . . . . . . 33
- Образованието на децата во основните и средните училиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
- Користењето на Интернет и употребата на социјалните мрежи и нивното влијание врз развојот на децата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
- Соработката на органите и организациите со Народниот правобранител во областа на правата на детето. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
Права од високото образование . . . . . . . . . . . . . . . . 38
Работни односи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41
Имотно-правни односи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43
Урбанизам и градба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
Станбени односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 48
Финансии. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49
Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
Полициски постапувања. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
Граѓански состојби и други внатрешни работи . . . . 58
Казнено – поправни и воспитно – поправни установи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61
Правосудство. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 63
Недискриминација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66

Соодветна и правична застапеност . . . . . . . . . . . . . . . 70
Други права. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 75
Локална самоуправа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 75
- Урбанизам и градба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 76
- Образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80
- Работни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 83
- Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 87
- Социјална заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 91
- Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 92
- Финансии. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 93

ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА 98

ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА 107

ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ 111

ВОНПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ 115

ИСТРАЖУВАЊА, ИНИЦИЈАТИВИ, МИСЛЕЊА И ПРЕПОРАКИ 116

КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ 119

МЕЃУНАРОДНА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА 120
СОРАБОТКА НА ЕВРОПСКО НИВО 121
СОРАБОТКАТА ВО РЕГИОНОТ 121

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 123
Податоци по области . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 127
Постапување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 131
Констатирани повреди и преземени мерки . . . . . . . . 132

ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА 135
Организација и начин на работа . . . . . . . . . . . . . . . 136
Кадровска екипираност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
Средства за работа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136

# *Вовед*



*Почитувањето на слободите и правата на човекот и примената на правилото подеднаква правда за сите е основата на функционирањето на демократијата и услов за постоење, градење и одржување на толерантно и мулти-културно општество, какво што е Република Македонија.*

*Овој граѓанско-правен концепт, воедно подразбира и доследно почитување на препораките на независните механизми, како што е Народниот правобранител, воспоставени со цел да им се помогне на граѓаните полесно да ги остварат своите уставни и законски права, но и да ѝ укаже на државата дека нормите кои таа ги воспоставила мора да ги почитува без исклучок.*

*Независноста и непристрасноста на Народниот правобранител придонесува во развојот на демократијата во општеството, го гарантира пристапот на граѓаните до правата на подеднаква основа и ја корегира евентуалната неефикасност и неефективност на органите на државната управа и органите и организациите со јавни овластувања.*

*Оваа улога го прави Народниот правобранител недвојбено поврзан со граѓаните, кои во него препознаваат заштитник на нивните слободи и права, односно орган кој ги сослушува, советува и упатува во начините на заштита на правата, воедно укажувајќи, сугерирајќи им на надлежните органи за потребата од доследно спроведување на законите и подзаконските акти.*

*Постапувајќи по поплаките на граѓаните Народниот правобранител покрај тоа што ја отсликува состојбата со функционирањето на системот, преку констатации и препораки упатува на начините за отстранување на повредите и препорачува мерки, со цел професионална и функционална администрација, која во секое време ќе биде во функција на граѓаните.*

***Иџет Мемети***



# НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НАЦИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Националните институции за човекови права се темелат врз основа на стандарди воспоставени со т.н. Париски принципи, согласно кои институцијата треба да има мандат за активна промоција и заштита на човековите права. Париските принципи истакнуваат дека Националните институции за човекови права треба да се овластат да ги промовираат и да ги штитат човековите права врз основа на овластувања утврдени во уставен или законски текст. Националната институција може да помогне во конципирање и спроведување на предавања за човековите права и истражувачки програми, како и да придонесе кон зголемување на јавната свест за човековите права преку информирање и едуцирање. Националната институција за човекови права, воедно е механизам преку кој државата ја исполнува својата меѓународна одговорност „да ги преземе сите соодветни активности”, за да обезбеди спроведување на меѓународните човекови права на национално ниво.

Народниот правобранител во октомври, 2011 година по поднесено барање за акредитација до Меѓународниот координативен комитет за Национална институција за човекови права доби Статус Б. Согласно добиениот Статус Б се утврди дека институцијата делумно ги исполнува критериумите за Национална институција за човекови права.

Во својата евалуација, Поткомитетот за акредитација утврди дека Народниот правобранител има широк мандат за заштита, но не и за промоција на човековите права. Од страна на Поткомитетот за акредитација беше побарано и воведување на плуралистички пристап во изборот на раководните функции во институцијата, како и зајакнување на независноста и јавната доверба на институцијата.

Во 2013 година, Народниот правобранител со цел исполнување на Париските принципи презеде иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Народен правобранител, врз основ на која беше формирана и работна група при Министерството за правда. Потребата од целосно исполнување на поставените критериуми беа образложени и на Меѓуресорското тело за човекови права, а дополнително се изготви и Нацрт - текст за изменување и дополнување на Законот за народен правобранител со кој ќе се овозможи плурализам, независност, како и ќе се прошири мандатот на Народниот правобранител со вклучување на промоцијата на човекови права во постоечката законска рамка.

Целосното исполнување на Париските принципи, како и стекнувањето Статус А беше побарано и на второто разгледување на Универзалниот периодичен преглед за Република Македонија во Обединетите Нации, односно беше дадена препорака да се преземат сите неопходни мерки со кои институцијата Народен правобранител ќе биде усогласена со Париските принципи и ќе биде целосно независна во поглед на финансирањето.

Меѓудругото, тоа ќе значи и обврска за имплементација на Париските принципи кои наведуваат дека Националната институција треба да има инфраструктура која ќе одговара на непрекинато спроведување на нејзините надлежности, преку соодветно финансирање.

Овие констатации се содржани и во Резолуцијата за Националните институции за промоција и заштита на човековите права, донесена од Советот за човекови права при Обединетите Нации, која ја нагласува важноста од финансиска и административна независност што државите членки треба да ја  обезбедат.

# СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

# ОД РАБОТАТА ВО 2013

## ТОРТУРА ВО КПД „ИДРИЗОВО", КОНСТАТИРА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

По претходно добиени сознанија, а подоцна и поднесена претставка од родител на осудено лице заради физичко малтретирање од страна на вработен во Службата за обезбедување на КПД ,,Идризово", Народниот правобранител покрена постапка, при што веднаш беше извршен целосен увид во оваа установа.

При извршениот увид е констатирано дека службеното лице злоупотребувајќи ја службената должност, физички малтретирало осудено лице кое веднаш било однесено во домската амбуланта, а поради сериозноста на повредите било однесено на Клиниката за урологија, каде што му биле извадени еден бубрег и слезинката. Народниот правобранител покрај целосниот увид по однос на предметниот настан, го посети и осуденото лице на Клиниката за урологија и изврши разговор со него, но и со лекар-уролог.

Со оглед на ваквата состојба и повредите кои му биле нанесени на осуденото лице, Народниот правобранител до Основното јавно обвинителство поднесе Барање за покренување постапка за утврдување казнена одговорност, која од страна на обвинителството беше прифатена. Службеното лице беше осудено на ефективна казна затвор од една година и шест месеци.

## НАМЕСТО ПРОЦЕДУРА, ПОЛИТИКА ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

По завршувањето на локалните избори, голем број вработени побараа интервенција од Народниот правобранител за заштита на правата од работен однос од постапувањата на градоначалниците на општините.

Имено, Општина Карпош донесе решенија за распоредување на вработени од општината во урбаните и месните заедници без да им обезбеди елементарни услови за вршење на работните задачи, градоначалниците на Општина Гостивар и Општина Теарце спрема директорите на неколку основни и средни училишта презедоа мерки за разрешување од функцијата директор пред истекот на мандатот, градоначалникот на Општина Крива Паланка изрече престанок на вработување без да спроведе постапка пропишана со Закон, градоначалникот на Студеничани донесе наредба за распоредување на работник, наместо да донесе управен акт за распоредување, градоначалникот на Општина Чучер Сандево спроведе постапка на оценување на вработен без да ги земе предвид податоците што се однесуваат на резултатите од неговото работење.

Во сите постапки Народниот правобранител утврди незаконски постапувања од страна на градоначалниците, односно не применување на одредбите од Законот за државните службеници во спроведувањето на постапките на оценување на државните службеници и во постапките на изрекување престанок на вработување, потоа утврди постапување спротивно на одредбите од Законот за работните односи, како и неправилна примена на материјалното право-Законот за основното образование и Законот за средното образование и не спроведена законска постапка предвидена за предвремено прекинување на мандатот на директорите.

Од изнесеното неспорно произлегува заклучок дека основна причина за преземање на овие незаконски дејства не е работењето на подносителите на претставките спротивно на нивните обврски, туку нивната припадност на друга политичка партија или дека тие биле вработени или именувани за време на мандатот на претходните градоначалници.

## КОМУНИКАЦИЈАТА МЕЃУ УПРАВНОТО СУДСТВО, УПРАВНИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНОТ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН, ПРИЧИНА ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

Оваа извештајна година продолжи лошата комуникација помеѓу управното судство и управните органи, со што се доведува во прашање остварувањето на правото на жалба и тужба како ефикасно правно средство.

Народниот правобранител констатира случаи во кои беа изгубени предмети од управните органи, а во најголемиот број од претставките органите на управата не одговараа на барањата на судовите да ги достават предметите заедно со нивните списи или иако со огромно задоцнување, по грешка доставуваа списи од други предмети, со што управното судство не можеше да обезбеди соодветна примена на начелото за судење во разумен рок.

И покрај препораките и укажувањата на Народниот правобранител дека за надминување на овој проблем потребна е комуникација на повисоко ниво меѓу претставници на судот, Министерството за правда и ресорните министри кои раководат со органите кои не постапуваат по барањето на судот, овој проблем како една од пречките за поголема ефикасност на судот, се уште не е надминат.

Продолжи праксата на лошо административно работење на управното судство со што се попречува и работата на Народниот правобранител.

## ДЕЦА/ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ НЕСООДВЕТНО ЗГРИЖЕНИ И ТРЕТИРАНИ ВО УСТАНОВА

Народниот правобранител од Националниот превентивен механизам беше информиран дека при посетата на Заводот за заштита и рехабилитација „Бања Банско", затекна дете кое нема физичка попреченост, туку е глуво и се наоѓа во социјален ризик. Заради безбедносни причини детето беше врзано, никој не комуницира со него и не ја добива соодветната грижа и нега, затоа што вработените не го познаваат гласовниот говор. Исто така, затекна друго малолетно лице со ментални пречки во развојот, кое наместо во установа за лица со ментална попреченост е во установа за деца/лица со физички пречки, како и лице кое има психички нарушувања.

Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби, покрена постапка по сопствена иницијатива и се обрати до Министерството за труд и социјална политика со барање за соодветно згрижување на овие лица и третман, согласно нивната попреченост.

## ПО ИНТЕРВЕНЦИЈА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ОПРЕДЕЛЕН Е МЕНТОР НА СТУДЕНТ

Народниот правобранител констатира дека на лице со посебни потреби, инаку студент на Филолошки факултет во Скопје шест години никој од професорите не прифаќал да и биде ментор. Имено, по завршување на пост дипломските студии, студентот не можел да одбрани магистерски труд, односно не можел да го заокружи образованието и да магистрира. Со случајот бил запознат и деканот, но не се предложило до Наставно-научниот совет да определи ментор. По интервенција на Народниот правобранител студентот го оствари тоа право, но и покрај тоа што е определен ментор, голготата продолжува, затоа што нема пред кого да го одбрани магистерскиот труд.

## КАУЦИЈА ИЛИ НЕМА БОЛНИЧКИ ТРЕТМАН!

Од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски"-Скопје, граѓаните беа условувани да платат кауција од 2.500,00 денари како услов за болничко лекување на клиниката што е спротивно на законот, а граѓаните се попречуваат во остварувањето на правата како пациенти, независно што овој износ потоа се пребива во вкупниот износ.

## КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА СО ПОТЕШКОТИИ ГИ ОСТВАРУВААТ НИВНИТЕ ПРАВА

Народниот правобранител во 2013 година, спроведе истражување заради согледување на причините поради отежнатото остварување на правата на граѓаните и со цел согледување на условите (материјално, кадровски и технички можности), начинот на работа и подготвеноста на центрите за социјална работа за навремено и квалитетно одлучување по барањата на граѓаните, а во врска со правата од социјална заштита и социјална сигурност.

Анализата на податоците добиени од центрите за социјална работа и посетите во дел од скопските одделенија за социјална работа, покажа дека центрите не се соодветно кадровски екипирани и работат без потребните материјално-технички услови. Исто така, голем дел од нив се наоѓаат во лоша состојба. Како последица на тоа, граѓаните со потешкотии ги остваруваат паричните права од социјална заштита, одлуките на надлежните центри ги добиваат задоцнето и често не се задоволни од односот на вработените и квалитетот на одлуките донесени по нивните барања за остварување на определено право од социјална заштита.

## СОСТОЈБАТА НА БРЕМЕНИТЕ И ЖЕНИТЕ СО ПАТОЛОШКА БРЕМЕНОСТ НЕ Е ИСТА!!!

Народниот правобранител цени и е на мислење дека патолошката бременост не е болест и не може да се изедначи со ниедна друга болест, туку е состојба на бремена жена, која заради ризикот на плодот има потреба од отсуство од работа и не би требало да биде оштетена со намален паричен надоместок од 100% (за бременост, раѓање и мајчинство) на 70%, а со тоа да биде оштетена и со намалена пензија.

## СПРЕЧЕН МОБИНГ ПО ИНТЕРВЕНЦИЈА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Професорка во средно училиште до Народниот правобранител достави претставка за повреда на правата во работниот процес и извршено вознемирување на работното место, кое траело во континуитет подолг временски период, што резултирало со донесување на акт за одземање на правото од паричен надоместок.

По спроведена постапка Народниот правобранител смета дека е сторена повреда вознемирување на работното место - мобинг, поради што достави укажување до директорот на средното училиште за поништување на поединечниот акт со кој беа повредени правата на подносителката на претставката и воедно да престане какво било вознемирување на подносителката во натамошната работа. Во законски предвидениот рок, директорот го извести Народниот правобранител дека е поништен актот со кој беа прекршени нејзините права, со што подносителката на претставката го оствари своето право.

## ЧИЧИНО СЕЛО СО СУБСТАНДАРДНИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ

Од извршената посета и увидот во Центарот за сместување на лица бездомници-Чичино село, утврдено е дека условите за живот се под стандардите.

Покрај тоа констатирана е недоволна ангажираност на стручните служби во прифатниот центар, непостоење на соодветни програми за изнаоѓање на решение за состојбата на лицата сместени во Центарот, како и нецелосно и непотполно остварување на нивните основни човекови права. Во Посебниот извештај, Народниот правобранител препорача Министерството за труд и социјална политика да изготви соодветна стратегија со акционен план за надминување на проблемите на бездомните лица.

## НАЈГОЛЕМИОТ БРОЈ ОД РОМСКИТЕ ДЕЦА ЗАПИШАНИ ВО ПОСЕБНИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА СЕ СО ЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ И ЕДУКАТИВНА ЗАПОСТАВЕНОСТ

Народниот правобранител во 2013 година спроведе истражување и оствари повторна посета на посебните основни и средни училишта за деца со посебни потреби во Република Македонија, при што констатира дека сите деца опфатени во посебните училишта се со наод и мислење од надлежен орган, а голем дел од децата, особено од ромска заедница се со лесна попреченост во развојот и едукативна запоставеност. Разговорите со службените лица во посебните училишта навестуваат сомневање во постоење на попреченост кај дете/деца, иако за тоа имаат наод и мислење од надлежен орган.

Народниот правобранител за состојбата со вклученоста на децата со посебни потреби во основните и средните посебни училишта изготви Информација која ја достави до Министерството за образование и наука, и до Министерството за труд и социјална политика и меѓудругото препорача да се преземат суштински мерки во однос на издавањето на наод и мислење од надлежен орган, составот на комисијата, да се воспостави соработка со стручните лица од училиштата при следење на прогресот во развојот на детето, како и да се измени Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, со цел спречување на можноста за издавање наод, кој не соодветствува на реалната состојба на детето.

## ПО ДВЕ ГОДИНИ ДЕЦАТА ВО ПРЕГРАТКИТЕ НА СВОЈАТА МАЈКА

Народниот правобранител констатира дека центрите за социјална работа се уште не располагаат со механизми за извршување на сопствените решенија особено во случаи на вонбрачно доверување дете.

Некоординираноста на органите и ненавременото постапување, доведе до ситуација две малолетни деца скоро две години да останат да живеат со вонбрачниот другар на мајката, кој не дозволувал да се одржуваат лични односи и контакти меѓу децата и мајката, а не постапувал ниту по Решението на Центарот за социјална работа, со кое децата се доверени на чување и грижа кај мајката.

## ЕКСТЕРНОТО ОЦЕНУВАЊЕ ПОМИНА СО НИЗА ПРОПУСТИ, А УЧЕНИЦИТЕ СЕ НАЈМНОГУ ОШТЕТЕНИ

Поради низа пропусти во начинот на којшто било организирано и спроведено екстерното оценување, голем дел од учениците во основно и средно образование добија пониски оценки.

Со посебна Информација до министерот за образование и директорот на Државниот испитен центар, Народниот правобранител препорача навремено да се преземат конкретни мерки за отстранување на пропустите од овогодинешното екстерно проверување на учениците, да се зајакнат капацитетите на службите во основните и средните училишта и нивно соодветно обучување, со цел правилно, ефикасно и ефективно остварување и заштита на правото на образование на децата. Воедно, укажа наместо пишување/внесување незадоволителна оценка во свидетелство, да се предвиди друго решение, од причина што свидетелството е јавна исправа во која не се пишува/внесува непреодна оценка.

## ОБЈАВУВАЊЕТО СНИМКИ ОД БЕЗБЕДНОСНИ КАМЕРИ НА ИНТЕРНЕТ ПРЕТСТАВУВА ПОВРЕДА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

За Народниот правобранител, неспорно е дека правните субјекти имаат право да преземат мерки за да обезбедат соодветни, сигурни и безбедни услови за работа и за заштита на стоката која ја имаат во супермаркетите, но треба да се води особено внимание поставувањето на камери за видео надзор да не се злоупотребува и да не се постапува спротивно на одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## СЕ УШТЕ Е ПРИСУТНО НАСИЛСТВОТО МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ, ВО И НАДВОР ОД УЧИЛИШТЕТО

Народниот правобранител повторно го актуелизира прашањето за безбедност на учениците и неопходната потреба од организиран пристап за справување со ситуации на конфликти и физички пресметки меѓу децата и подготвеноста на училиштата за справување со безбедносните ризици, вклучително и за превенција на насилството. Народниот правобранител смета дека е потребно да се преземат соодветни и континуирани мерки, да се развијат програми за безбедност во училиштето, како и воспоставување на активна и суштинска соработка на стручните служби со родителите, вклучување на претставници на учениците, наставници/професори и пошироката локална заедница за развој и унапредување на превенцијата како одговор на насилството.

## ДЕЦАТА НЕ ЗНААТ КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ КОГА КОРИСТАТ ИНТЕРНЕТ

При посетата на основните и средните училишта и разговорите со децата, Народниот правобранител утврди дека Интернет користи секое дете, но децата не знаат дека може да бидат злоупотребени или повредени преку информации кои се објавуваат на интернет страници и при користење на социјалните мрежи. Децата, особено од пониските одделенија и класови недоволно знаат за злоупотребите на Интернет и на кој начин да се заштитат од информации кои предизвикуваат непријатно чувство, а скоро и да не практикуваат да разговараат за ваквите содржини со родителите или возрасните лица во кои имаат доверба. Прашање е дали родителот/наставникот може да го контролира користењето на Интернет од децата или треба да се размисли за воведување на ограничен пристап до определени интернет страници и содржини за деца.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Народниот правобранител преку Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби во соработка со Подрачните канцеларии на Народниот правобранител во Битола, Куманово, Кичево, Струмица, Тетово и Штип, во периодот октомври-декември 2013 година, посети 67 училишта, од кои 39 основни и 28 средни училишта, и разговараше со над 2400 ученици од различна етничка припадност (Македонци, Албанци,Турци, Роми) кои покажале интерес за учество на едукативно-информативните средби со претставниците на Народниот правобранител.

Притоа, констатира недоволно познавање на правата и нејасно распознавање на правата од обврските, а во наставните предмети во кои учат за човековите слободи и права недоволно е разработено прашањето за правата на детето. Исто така, содржаниот материјал за Народен правобранител е апстрактен, поради што децата тешко може да добијат јасна претстава за улогата на Народниот правобранител како орган за заштита на правата на граѓаните, односно правата на децата, уште помалку за другите механизми за заштита на правата на детето.

### МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ СО ГОДИНИ МОЛЧИ–ПРЕДМЕТОТ ФОРМАЛНО РЕШЕН, А ИМОТОТ ДЕНАЦИОНАЛИЗИРАН, НО САМО НА ХАРТИЈА

Денационализираниот имот не е предаден во непосредно и фактичко владение на барателот, иако решението за денационализација е правосилно во 2006 година. Комисијата за денационализација Тетово, оттогаш упорно молчи и ништо не презема по многуте барања на лицето на кое имотот очигледно му е вратен само на хартија. Притоа, го игнорира и фактот дека со правосилна и извршна судска одлука, донесена од граѓански суд, како неосновано е одбиено тужбеното барање на третото лице, со кое бара, да се утврди дека е сопственик по основ на градба на предметното градежно земјиште и да се определи привремена мерка со која ќе се забрани негово располагање, отуѓување, оптоварување, оштетување, како и предавање во владение.

По интервенција на Народниот правобранител да се обезбеди правото на граѓанинот, Комисијата одговори дека ,,трето лице на 11.11.2011 година до Комисијата доставило барање за огласување за ништовно на предметното решение и се уште се обезбедуваат докази за постапување по барањето, доколку за истото се укаже таква потреба".

Заклучок, неефективна, ненавремена и неефикасна заштита на уставните и законските права на граѓаните без постоење каква било објективна и на Закон заснована причина за не преземање на правни дејства.

### ЗАГРИЖУВАЧКА ПОЈАВА-ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СЕ ГУБАТ ПРЕДМЕТИ !!!

Народниот правобранител констатира дека Агенцијата за катастар на недвижности не може да постапи по барањата на граѓаните „затоа што не може да ги најдат списите од предметот, односно истите се изгубени".

Ваквото постапување е противзаконско и ги повредува правата и правните интереси на граѓаните, бидејќи во никој случај не смее да се изгубат списи од предмет, кои се од официјален карактер и кои служат како основ за запишување промени во катастарската евиденција.

Народниот правобранител смета дека со ништо не може да се оспори правото на странката која се обратила до катастарот да добие соодветна потврда, со цел непречено да може да обезбеди натамошна заштита на уставните и законските права со користење на сите дозволени правни средства, а не да биде известена дека „предметот е изгубен".

### МРТВ ОСЛОБОДУВА, УЈП НАПЛАЌА РАДИОДИФУЗНА ТАКСА

Граѓаните и Народниот правобранител од службите на ЈП Македонска радио телевизија се известуваат дека поради постоење двојно задолжување на членови на исто семејно домаќинство, тие се избришани од регистерот на обврзници, дека издадените решенија се сторнирани и дека не произведуваат никакво правно дејство.

Спротивно на тоа, од Управата за јавни приходи упорно се доставуваат нови решенија за радиодифузна такса, а едновремено се спроведува и постапка за присилно извршување ѝ на решенијата, кои се сторнирани.

Ова не претставува ништо друго освен најгрубо кршење на правата на граѓаните, нивно непочитување, малтретирање, вознемирување и неоправдано предизвикување штетни последици. Заради тоа, Народниот правобранител препорача ЈП Македонска радио телевизија и Управата за јавни приходи, најитно меѓусебно да се координираат и во иднина во ниту еден случај да не се дозволи лицата за кои се сторнирани решенијата за радиодифузна такса да бидат подложни на присилна наплата на таквиот неоснован и незаконит долг.

## ВРАБОТЕНИ ОД ЕДНА УСТАНОВА РАСПОРЕДЕНИ ВО ДРУГА УСТАНОВА СО ОПШТ АКТ - НАРЕДБА

На тројца вработени во Затвор Скопје, издадена им е Наредба како акт за распоредување за извршување работи и работни задачи во Казнено-поправен дом „Идризово". Со оглед дека со Наредба не може да се одлучува за поединечни права и обврски на вработените, па оттука и не може некој вработен да се распореди на вршење работи и работни задачи, Народниот правобранител интервенираше да се преземат мерки за поништување на Наредбата.

Од страна на Затвор Скопје, дадената интервенција на Народниот правобранител делумно е прифатена, бидејќи истата за двајца вработени е ставена вон сила, додека пак, за третиот вработен се уште важи, иако се работи за иста правна и фактичка состојба.

## СОРАБОТКАТА СО ОМБУДСМАН ИНСТИТУЦИИТЕ ВО РЕГИОНОТ ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОБРЗО И ЕФИКАСНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКАТА ОБЛАСТ

По поднесени барања за остварување право на семејна пензија или сразмерен дел на пензија, засновани на меѓународни и билатерални договори граѓаните се соочуваа со потешкотии во постапките пред надлежните органи. За надминување на проблемите и забрзување на постапките Народниот правобранител во континуитет се обраќаше до надлежните органи во Републиката, но и до странските надлежни органи преку омбудсман институциите од другите држави, со што граѓаните полесно и ефикасно ги остваруваа правата.

## ПО ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА, РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА МОЛЧИ

Народниот правобранител воочи дека исклучените потрошувачи се задолжуваат со надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија и во услови кога нема регистрирана потрошувачка на топлинска енергија на мерниот уред.

Имено, од страна на снабдувачите строго се применува одредбата од Правилата за снабдување со топлинска енергија и во случаи кога постои едно мерно место со повеќе независни линии, односно кога една или повеќе независни линии се исклучени од топлификацискиот систем и мерниот уред не регистрира потрошувачка на исклучената независна линија. Токму поради ваквата состојба, Народниот правобранител поднесе Иницијатива за измена и дополнување на Правилата за снабдување со топлинска енергија до Регулаторната комисија за енергетика.

Народниот правобранител побара измена и дополнување на Правилата за снабдување со топлинска енергија, бидејќи истите ослободувањето од надоместокот за фиксен дел го поврзуваат само со еден мерен уред, без оглед од колку независни линии се регистрира потрошувачката на топлинска енергија на тој мерен уред.

Своето постапување Народниот правобранител го поткрепи со фактот дека влезовите во еден колективен станбен објект за домување имаат посебни грејни инсталации и дека во услови кога е технички изводливо да се прекине испораката на топлинска енергија на една независна линија и да не се регистрира потрошувачка на топлинската енергија на исклучената линија од системот, треба да се интервенира и во регулативата и давачката да не се поврзува само со постоењето на еден мерен уред.

### СЕЛЕКТИВНОТО ПОСТАПУВАЊЕ Е НЕДОЗВОЛЕНО И НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАДОЛЖУВААТ ГРАЃАНИТЕ ЗА УСЛУГА КОЈА НЕ ЈА ДОБИЛЕ

Постапувајќи по претставки на граѓани од улица „Бутелска"-Скопје за задолжување од ЈП„Комунална хигиена"-Скопје, Народниот правобранител констатира дека истите се задолжуваат за услуга која реално не ја добиле. Затоа побара од ЈП „Комунална хигиена"-Скопје граѓаните да бидат ослободени од стариот долг, бидејќи задолжувањето е за периодот во којшто воопшто не била користена услуга од претпријатието, како и корегирање на сметките, затоа што спомената улица претставува граница помеѓу руралниот и урбаниот дел на Општината Бутел.

Народниот правобранител укажа дека граѓаните не треба да се стават во нееднаква положба во однос на другите граѓани кои по овој основ добиваат намалени сметки.

Јавното претпријатие ги прифати сите забелешки и укажувања на Народниот правобранител и поголема група на граѓани од ул. „Бутелска"- Скопје, се ослободени од плаќање на стариот долг за услуга која не ја добивале и им се намалени сметките за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, идентично на руралните средини.

### ПО ПРЕПОРАКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ЧЛЕН НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗАШТИТЕН ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ЕТНИЧКА И ПОЛИТИЧКА ОСНОВА

Избран член на Советот на општина поднесе претставка до Народниот правобранител, поради етничка и политичка дискриминација сторена од непосредно претпоставен раководител во јавното претпријатие во кое работи. Во постапувањето по претставката беше констатирано дека подносителот е дискриминиран со фактот што не бил ослободуван од работното место во време на одржување на седници на Советот на општината.

Народниот правобранител упати Препорака до директорот на претпријатието за елиминирање на каква било дискриминација, со попречување од учество на подносителот на претставката во работата на Советот на општината и за доследно почитување на забраната од дискриминација што е санкционирано со меѓународни и домашни акти. Препораката беше прифатена и спроведена, што беше проверено и со последователен увид во претпријатието, но и потврдено од подносителот.

### НЕИСПЛАТЕНА ГЛОБА ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК ПРИЧИНА ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕСТОЈ

По доставена претставка од државјанин на Република Косово, Народниот правобранител констатира повреда на правото на законски престој во Република Македонија, од страна на Министерство за внатрешни работи, поточно органот надлежен за странци.

Со оглед на тоа што причина за неиздавањето на дозволата за престој е утврдена и неисплатена глоба за сторен прекршок од страна на надлежниот суд во Скопје, Народниот правобранител достави Препорака до Министерството за внатрешни работи за донесување решение за дозвола на привремениот престој, бидејќи плаќањето на глоба не е услов за престојот, согласно Законот за странците, односно извршувањето/наплатата на глобата не е во надлежност на органот за странци, туку на судските органи.

За непостапување по дадената Препорака, Народниот правобранител достави Посебен извештај до ресорниот министер, по што подносителката на претставката го оствари правото, односно Бирото за јавна безбедност ѝ издаде дозвола за привремен престој на странец со важност од една година.

## ЕТНИЧКАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПРИПАДНОСТ, БОЈАТА НА КОЖАТА- НАЈЗАСТАПЕНИ ОСНОВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА КАЈ ПРИПАДНИЦИТЕ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА

Резултатите од истражувањето „Аспекти на дискриминација кон ромската заедница и нивна заштита" покажуваат дека личната перцепција на припадниците на ромската заедница за најзастапени основи на дискриминација е етничката припадност, бојата на кожата и политичката припадност. Личниот и социјалниот статус, родот и државјанството помалку се застапени. Едновремено резултатите од истражувањето покажаа дека е потребно поголема промоција на стандардите за заштита од дискриминација, како и организирање на информативно- едукативни кампањи за подигање на свеста на граѓаните за облиците и формите на дискриминација.

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ ГРАЃАНИНОТ ЗА ДА МУ БИДАТ ВРАТЕНИ НЕПРАВИЛНО ПЛАТЕНИТЕ СУДСКИ ТАКСИ?

Имено, граѓанин го тужи Министерството за финансии, постапката трае неколку години и од Управниот суд добива решение дека треба на неговата трансакциска сметка да му се вратат паричните средства, платени на име судска такса за тужба. Министерството за финансии се жали на одлуката до Вишиот управен суд, кој ја одбива жалбата, но по барањето за поврат сепак не се постапува, со образложение дека одлуките не ги примиле.

Според Народниот правобранител, која било странка, во никој случај, не смее да биде попречена во остварување на право, кое е обезбедено со правосилна и извршна судска одлука, дека сите докази, странката ги има доставено до судот, судот ги ценел и по спроведената постапка, одлучил дека нејзиното барање е основано, поради што и има право на нивно враќање.

Ова не е изолиран случај, туку пракса во работењето на Министерството за финансии.

## ЗАРАДИ НЕЦЕЛОСНО СПРОВЕДЕНА УСТАВНА ОДЛУКА, ГРАЃАНИТЕ ТРПАТ ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ

Здружението „РОМА" СОС-Прилеп, достави претставка до Народниот правобранител во која наведе дека 50% од невработените лица и лица со ниски примања останале без здравствено осигурување, затоа што до Фондот за здравствено осигурување не поднеле изјава за остварени приходи, притоа објаснувајќи дека граѓаните се во забуна и не знаат дали треба или не треба да поднесат таква изјава до Фондот, затоа што за Уставниот суд ваквата обврска е неуставна.

При анализата на законската регулатива која го уредува ова прашање, Народниот правобранител констатира дека во ноември 2012 година, со одлука на Уставниот суд е укината одредбата во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, со која граѓаните беа обврзани да поднесуваат изјава за остварени приходи на пропишан образец, а со измените на овој Закон во јануари 2013 година, повторно се предвиде ваква обврска за граѓаните, со таа разлика што изјавата се поднесува во тековната година за остварени нето приходи во претходната година.

Уставниот суд оценил дека обврската да поднесе изјава не може да му се востановува на граѓанинот, од причина што ваква обврска може да вршат само надлежните државни институции, односно Управата за јавни приходи и нејзините надлежни органи и институции.

Народниот правобранител до Уставниот суд на Република Македонија поднесе Предлог за оценување на уставноста и законитоста на законската одредба, со која повторно се предвидува ваква обврска за граѓаните.

# ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

## СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА

Бројот и содржината на претставките од областа на социјалната заштита во овој извештаен период потврдуваат дека социјалната и економската состојба на граѓаните е на незадоволително ниво, а помошта која граѓаните ја добиваат е недоволна за задоволување на нивните основни егзистенцијални потреби. Од друга страна, забележано е бавно остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита и сигурност, поради ненавремено постапување од страна на надлежните органи.

Во 2013 година, најголемиот број претставки се однесуваа за правата на парична помош од социјална заштита, несоодветното и ненавремено постапување на центрите за социјална работа, одолжување на постапките и донесување на решенија по изминување на законски предвидениот рок. Граѓаните ги остваруваа правата по интервенциите на Народниот правобранител, но останува констатацијата дека надлежните центри за социјална работа не одлучуваа во законскиот рок, со што кај граѓаните се создава чувство на непочитување и сомневање во правилното одлучување на органот.

Народниот правобранител смета дека надлежните органи, во случајот центрите за социјална работа, се должни да ги почитуваат правата на граѓаните и во законски предвидениот рок од 60 дена да одлучат по нивните барања, со донесување на соодветен правен акт. Оттука, не е основано оправдувањето на центрите за социјална работа за дополнителни обврски и преоптоварување со нови задачи на стручните работници, ниту е прифатлива причината зголемен обем на работа и несоодветни услови за работење на центрите за социјална работа.

Постапувајќи по претставките на граѓаните Народниот правобранител констатира појава (особено карактеристична за центрите за социјална работа Кисела Вода и Карпош), на неукажување на соодветна стручна помош на граѓаните, навредливо однесување од страна на службените лица и недавање на архивски број за примен поднесок, поради што неуките/неинформираните граѓани не можеа да докажат дека биле во Центарот и дека поднеле барање за остварување на определено право од социјална заштита. Станува збор за случаи кога граѓаните беа доведени во ситуација да чекаат подолг временски период за одлука, дури и со години, од надлежниот Центар, за на крај да добијат одговор дека документацијата им била некомплетна или пак немаат поднесено барање, а тие не можејќи да го докажат спротивното беа принудени да отпочнат повторно постапка за остварување на одредено право.

Поради ваквото постапување на центрите граѓаните се сомневаат во објективното работење и се назадоволни од пристапот на стручните работници кон нив при остварувањето на правата од социјална заштита, заради што Народниот правобранител побара од надлежните органи да преземаат мерки за правилна примена на законите како од аспект на остварување

на правата, така и за соодветно и стручно постапување од страна на вработените во центрите. Воедно, за оваа појава го информира директорот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, како и Министерството за труд и социјална политика и препорача да се преземат мерки за информирање на граѓаните за нивните права, но и обука, односно едукација на службените лица, со цел навремено, ефикасно и стручно да им помагаат на граѓаните во остварувањето на правата, согласно Законот за социјалната заштита и начелата на Законот за општата управна постапка.

Не заостанаа претставките на барателите на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како и постојана парична помош. Во повеќето случаи, Народниот правобранител констатира пречекорување на роковите за одлучување и по овие права на граѓаните.

Центрите, како оправдување за ненавременото одлучување го посочуваа доцнењето на наодот од страна на Стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице. По одделени предмети при непосредните увиди, се потврди дека доцнењето е поради неажурноста на стручните работници, односно правната служба, која и покрај тоа што во предметот беа сите потребни документи заедно со наодот на стручната комисија, постапките  за донесување на решение се одолжуваа и најчесто се одлучуваше дури откако граѓаните ќе побараа заштита од Народниот правобранител.

Констатирани се проблеми и во однос на исплатата на условниот паричен надоместок на корисниците на социјална парична помош, чиишто деца се ученици во средно образование, како и  донесување решение и исплата на надоместокот за потрошена електрична енергија.

Имено, поради пропусти кај надлежните институции, односно заради недоволната електронска поврзаност и функционалност на новиот начин на работење на центрите, иако учениците го исполнуваа условот за присутност во наставата не им се исплаќаше овој надоместок. По интервенциите на Народниот правобранител и добивање на потребните податоци од училиштата, семејствата го остваруваа правото во жалбена постапка. Народниот правобранител укажуваше дека со доцнењето на исплатата не се постигнува предвидената цел на овие мерки за ублажување на состојбата на социјалниот ризик во кој се наоѓаат граѓаните корисници на правото на социјална парична помош.

Во однос на правото на еднократна парична помош Народниот правобранител констатира повреда на правата на граѓаните заради задоцнета исплата на еднократната парична помош. Иако надлежните центри за социјална работа го признаваа правото, граѓаните не ги добиваа средствата за еднократна парична помош. Исто така, Народниот правобранител констатира дека Министерство доделува средства за исплата на оваа помош, но според надлежните центри за социјална работа многу често средствата не се доволни за исплата на помошта за сите баратели на еднократна парична помош, за што беа принудени да чекаат до следното доделување на средства.

Според Народниот правобранител секое одолжување на исплатата уште повеќе ја отежнува положбата на оваа загрозена категорија на граѓани и истата  треба да се исплати во моментот кога граѓанинот се наоѓа во тешка состојба, за да не се изгуби целисходноста на одобрената помош. Во тој контекст, Народниот правобранител укажа Министерството за труд и социјална политика како носител на правото, да води сметка за благовремената исплата и да се преземат мерки за навремена исплата на помошта, со цел да се оствари грижата за спречување и надминување на социјалниот ризик кај овие граѓани.

Од постапувањето на Народниот правобранител, произлегува дека граѓаните како корисници на парични права од социјална заштита, најмногу се соочуваат со проблеми при остварување на социјалната парична помош, постојаната парична помош и правото на помош и нега од друго лице.

Проучувајќи ги и согледувајќи ги причините поради отежнатото остварување на правата на граѓаните и со цел согледување на условите (материјално, кадровски и технички можности), начинот на работа и подготвеноста на центрите за социјална работа за навремено и квалитетно одлучување по барањата на граѓаните, Народниот правобранител спроведе истражување и до сите центри за социјална работа во Република Македонија достави Прашалник, а во дел од скопските центри изврши непосреден увид и разговор со

одговорните за остварувањето на овие права.

Од анализата на добиените податоци од центрите за социјална работа и од посетите во дел од скопските одделенија за социјална работа, меѓудругото констатира дека центрите не се соодветно кадровски екипирани и работат без потребните материјално-технички услови. Дел од центрите се наоѓаат во лоша состојба, а како последица на тоа, граѓаните со потешкотии ги остваруваат паричните права од социјална заштита, задоцнето ги добиваат одлуките на надлежните центри и често не се задоволни од односот на вработените, но и од квалитетот на одлуките донесени по нивните барања за остварување на определено право од социјална заштита.

За надминување на констатираните слабости Народниот правобранител препорача преземање на конкретни мерки од страна на центрите за социјална работа и Министерството за труд и социјална политика, со цел граѓаните како корисници на правата од социјална заштита непречено да ги остваруваат правата утврдени со Законот за социјалната заштита и подзаконските акти.

Посапувајќи по претставките на бездомниците, Народниот правобранител констатира дека се изложени на различни ризици по нивното здравје и опстанок и со потешкотии ги остваруваат правата во сите сфери на општественото живеење. Одделението за заштита на правата на детето и лица со посебни потреби заедно со Одделението за заштита од дискриминација при Народниот правобранител, во текот на месец јуни 2013 година, оствари посета на Детското одморалиште „Младост" - Прифатен центар во Чичино село, во кој се сместени лица со акт на Јавната установа-Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје. Согледувањата од извршената посета и разговорите со лицата сместени во овој прифатен центар, неспорно упатуваат на констатацијата дека Прифатниот центар во Чичино село функционира под минималните стандарди. Општ е впечатокот дека не се преземаат доволно мерки за организирање на животот и престојот на лицата сместени во овој Центар, според основните човекови потреби и стандарди.

### Констатации

Социјалната положба на граѓаните се уште не е подобрена, а мерките за социјална поддршка недоволно обезбедуваат остварување социјална сигурност и заштита на секој граѓанин.

Граѓаните како корисници на правата од социјална заштита се соочуваат со неажурност, нетранспарантност и нефлексибилност во постапувањето, но и со несоодветно однесување од службените лица.

Во најголемиот дел од центрите за социјална работа недостасува стручен кадар, материјално-технички услови и стандарди за организација на работата во центрите за социјална работа.

### Препораки

Неопходна е потребата надлежните органи да го променат начинот на однесување и постапување и одговорно, совесно и навремено да постапат при одлучување на правата на граѓаните.

Објективно и правилно утврдување на фактичката состојба во однос на законските услови и реалната потреба на граѓаните од одреден вид социјална помош со јасно образложение за причините за признавање/одбивање на барањата на граѓаните.

Реновирање, поправка и соодветно опремување на центрите за социјална работа, подобрување на условите за работа за непречено остварување на правата на граѓаните од социјалната заштита.

## ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Правата од пензиското и инвалидското осигурување граѓаните се уште ги остваруваат со потешкотии и во долготрајни постапки. Покрај проблеми со одолжување на постапката пред второстепениот орган, во овој извештаен период граѓаните се соочуваа со проблеми при остварување на правото на инвалидска пензија, правото на семејна пензија, особено во однос на условите за остварување на ова право, а се поднесуваа претставки и заради неостварување на правото на старосна пензија, решавање на проблемите со пензискиот стаж, укинување и ограничување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и други поединечни права.

Долготрајните постапки за одлучување по поднесена жалба пред Државната комисија за одлучување во втор степен во управна постапка и постапка од работен однос беа особено присутни во овој извештаен период. Народниот правобранител бараше одговори за текот на постапката по жалбите на граѓаните, укажувајќи притоа да се запази законскиот рок за одлучување по жалба. Меѓутоа, во најголемиот број случаи одговорите кои се доставуваа до Народниот правобранител беа повеќе формални, отколку суштински. Имено, одговорот дека „постапката по жалбата е во тек и во најкус можен рок ќе биде земена во работа при што треба да се има предвид дека по предметите се постапува хронолошки", не дава јасна слика кога може да се очекува надлежниот орган да одлучи по определено барање, затоа што „најкус рок" може да биде веднаш или неколку денови, а „хронолошки земање во работа" навестува постапка по неколку месеци, што често значи одлучување по изминат законски рок за постапување.

Предметното постапување покажа дека одолжувањето на постапките од страна на второстепениот орган често е заради недоставените списи по предметот, поради што Народниот правобранител интервенира до подрачните единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, укажувајќи на повреда на правата на граѓаните. Овој проблем се уште не е целосно надминат.

Во однос на остварувањето на правото на инвалидска пензија, граѓаните повторно изразуваа незадоволство од одлуките на надлежните комисии за оцена на работната способност, односно сметаа дека не е правилно и објективно утврдена фактичката состојба. За ова, Народниот правобранител го информира Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и побара при одлучувањето за правата на граѓаните правилно и целосно да се утврди фактичката состојба, односно да се донесат објективни и законски основани наоди.

Иако со Закон е предвидена обврската за контролни прегледи кај времените инвалидски пензии, граѓаните изразуваа незадоволство од одлуката на надлежниот орган со која правото на инвалидска пензија престанува, по извршен контролен преглед. Со оглед на тоа што контролниот преглед на времената пензија е предвиден со закон, Народниот правобранител нема можност за интервенција, освен во случаи на времена пензија врз основа на болест, затоа што со законската регулатива точно се определени и не подлежат на контролни прегледи, а донесените решенија за остварено право на инвалидска пензија не можат да се променат.

Повторно, иако во многу помал број, доставени се претставки за остварување на правото на инвалидска пензија, заради одолжување на постапката и во дел од овие претставки се констатира дека предметите се наоѓаа на увид и обработка во Министерството за внатрешни работи, поради сомневање дека е сторено кривично дело, со фалсификувана и сомнителна документација за остварување на ова право или поради сомневање дека граѓаните платиле мито за да го остварат ова право. Народниот правобранител побара забрзување на постапката и му укажа на органот за внатрешни работи да се вратат предметите заради натамошно постапување кај надлежниот орган, доколку не е утврдено дека има основ за судска постапка.

Според Народниот правобранител, граѓаните недоволно ги познаваат законските прописи, поради што потребна е соодветна едукација за начинот, односно условите за остварување на определено право, како и за постапувањето на органите кои мериторно одлучуваат. Наведеното особено произлезе од барањата на граѓаните во однос на правото на семејна пензија и нивното незадоволство заради тоа што се зголеми возрасната граница за брачниот другар/вдовица/ вдовец, односно се променија условите за остварување на правото на семејна пензија, поради што не можеа да го остварат ова право. Во овие случаи Народниот правобранител неповедувајќи постапка ги извести подносителите за начинот на остварување на правото на семејна пензија, а ги информира и за законските прописи и нивната задолжителност.

Во однос на претставките за правото на старосна пензија Народниот правобранител интервенираше за забрзување на постапката, по што граѓаните ги остваруваа своите права. Остварување на правото на старосна пензија во повеќето случаи беше оневозможено поради невнесени или погрешно внесени податоци во матичната евиденција, неблаговремено платени придонеси или поради недоставување на потребните податоци до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на работодавачите.

Во врска со повредата на правата од оваа подобласт, Народниот правобранител укажа Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да ги преземе со закон предвидените мерки за наплата на придонесот, по што се блокираа сметките на должните работодавачи, а граѓаните ги остваруваа правата. Сепак има и случаи кога наплатата на придонесите не може да се реализира, поради ликвидирање на фирмата или поради отворени стечајни постапки.

Граѓаните се жалеа и заради неможноста да го остварат правото на пензија поради неевидентиран пензиски стаж, иако бил платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Народниот правобранител констатира случаи кога пензискиот стаж не е евидентиран, поради недоставување на соодветни докази дека придонесот е платен за целиот период во кој граѓанинот работел или не е доставена потребната документација и обрасци од страна на работодавачот.

Воедно, граѓаните се соочуваа и со проблеми при остварување на правото на пензија засновано на меѓународни и билатерални договори, особено при остварувањето на сразмерниот дел на пензија или при препензионирањето за стаж остварен во претходните републики на поранешна СФРЈ. Во слуачите кога постапката се пролонгира заради тоа што граѓаните не ги доставуваа потребните документи Народниот правобранител првично ги извести странките на кој начин треба да постапат и да ја достават потребната документација, по што интервенциите продолжуваа пред органот, со цел да се одлучи по барањето или да се исплати веќе остварената пензија, во законски предвидениот рок.

Во однос на остварување на правото на пензија од други држави и оваа извештајна година продолжи добрата соработка со омбудсман институциите од другите држави, особено со поранешните Југословенски републики, што придонесе за забрзување на постапката и остварување на правата од пензиската област.

**Констатации**

Граѓаните бавно и отежнато ги остваруваа правата од пензиското и инвалидското осигурување, поради неоправданото пролонгирање на постапките пред надлежните органи, особено во постапките за одлучување по жалба.

Одговорите по барањата на Народниот правобранител од страна на надлежните органи, често се формални, а не суштински и соодветни.

**Препораки**

Одлучување на надлежните органи во законските рокови по барањата на граѓаните, забрзување на постапките по вложените жалби на граѓаните за побрзо и поефикасно остварување на правата на граѓаните.

Надлежните органи да доставуваат суштински одговори по барањата на Народниот правобранител, заради непречено остварување и заштита на правата на граѓаните од пензиската област.

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Правото на здравствена заштита, иако е едно од основните права на граѓаните се уште се остварува отежнато, пропратено со повеќе проблеми. Во однос на претходната година бројот на поднесените претставки бележи благо намалување. Сепак проблемите на граѓаните не се намалени, ниту изменети, а не се забележани и некои позначајни промени во пристапот до правата од здравствена заштита, но и по однос на правата од здравственото осигурување.

И понатаму еден од најчестите проблеми е ненавременото одлучување по барањата на граѓаните, особено од страна на министерот за здравство како второстепен орган, а во пораст се и претставките што се однесуваат на одолжување на постапката пред Фондот за здравствено осигурување.

Во оваа насока, најчесто се одолжуваа постапките по барањата за рефундирање на средства за извршени здравствени услуги на товар на Фондот, а граѓаните се соочуваа и со проблеми во остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување, благовременото користење на здравствените услуги и плаќањето на партиципација за одредени здравствени услуги, односно со проблеми при ослободување од плаќањето на учество. Исто така, бараа заштита заради несовесно, нестручно и неквалитетно лекување, а не изостанаа и претставките за остварување на правото на лекување во странство. Иако во помал обем се доставуваа претставки поради неможност да се оствари правото на признавање или исплата на паричен надоместок поради бременост, раѓање и мајчинство, како и паричен надоместок за отсуство од работа поради болест или повреда.

Постапувањето по претставките за одолжување на постапките покажа дека надлежните органи ненавремено и неажурно постапуваат по барањата на граѓаните, особено по поднесените жалби, а не се почитува ниту законскиот рок за постапување по пресудите на надлежниот суд.

За надминување на овој проблем, Народниот правобранител покрај Укажување до Министерството за здравство, достави посебни извештаи до министерот за здравство, а практикуваше и чести непосредни увиди и разговор со одговорните службени лица, а поради непостапување по неговите барања, односно заради попречување во постапувањето ја извести Владата на Република Македонија.

По многубројните интервенции на Народниот правобранител, во втората половина од извештајниот период, постапено е по дел од барањата на Народниот правобранител, односно беа донесени соодветни акти по барањата и жалбите на граѓаните, но сепак проблемот не е целосно надминат.

Пред Министерството за здравство се уште има нерешени предмети, особено предмети за кои постои пресуда на Управниот суд на Република Македонија, а како причина за непостапување Министерството го наведува недоставување на списите по предметите.

Во пораст е бројот на претставките на граѓаните за одолжување на постапките пред првостепениот орган, односно Подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

Народниот правобранител, утврди дека често откако Министерството за здравство или Управниот суд носи решение со кое предметот се враќа на потворно разгледување и одлучување кај првостепениот орган, од страна на органот долго време не се носи нов акт или не се постапува согласно насоките на пресудите на судот. Во голем број претставки Фондот повторно одлучува на ист начин со образложение дека фактичката состојба е утврдена, и Фондот останува на истиот став.

Во оваа насока Народниот правобранител укажуваше на неприкосновеното дејство на правосилната судска одлука и на задолжителноста за сите правни и физички лица да ја почитуваат судската одлука под закана на законски санкции. Исто така, Народниот

правобранител ги советуваше граѓаните во постапка по жалба да бараат да се измени, поништи или укине решението на Фондот, односно да се донесе акт кој соодветствува на фактичката состојба.

Барањата на граѓаните за остварување на правото на надоместок на трошоци за лекување во приватни здравствени установи се одбиваа, затоа што услугата е дадена од здравствена установа која нема склучено договор со Фондот за здравствено осигурување. Додека оние кои користеле услуги во здравствените установи со кои Фондот има склучено договор по интервенција на Народниот правобранител го остваруваа правото на рефундирање на средствата.

Значителен број на претставки беа поднесени заради ограничувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување. Проблеми во оваа насока се појавија со воведувањето на новиот систем за обработка на податоците, односно електронските здравствени картички, особено поради долгите постапки за издавање на електронските здравствени картички, изгубени картички, технички грешки при печатење на картичките и сл. Граѓаните беа принудени уште еднаш да ја повторат постапката за издавање на електронска здравствена картичка. Воедно, граѓаните бараа совет од Народниот правобранител дали треба задолжително да имаат електронска здравствена картичка или може да ги користат и сините картони, односно дали електронската картичка ја заменува здравствената легитимација. По интервенциите на Народниот правобранител во постапките за издавање на електронските картички, граѓаните го остваруваа нивното право.

Народниот правобранител и во овој период доби претставки од невладини организации за заштита на правата на граѓаните. Имено, Асоцијација за здравствена едукација и истражување „Х.Е.Р.А", побара заштита на правата на жените и девојките од општина Шуто Оризари заради незаконската наплата на здравствените услуги, кои согласно важечката регулатива биле бесплатни, како и наплаќање на сума повисока од законски предвидената партиципација за услуги за кои се плаќа само партиципација (учинок). Ромската асоцијација за мултикултурна афирмација „РОМА" СОС-Прилеп, побара интервенција поради задолжувањето на граѓаните да поднесуваат изјава за остварени приходи до Фондот за здравствено осигурување чии придонеси се платени од Буџетот на Република Македонија. Поради што околу 50% од невработените лица на територија на Република Македонија меѓу кои најголем број Роми, не успеале да го продолжат правото на здравствено осигурување, додека Здружението на граѓани за заштита на жени и деца „ЛИЛ" се обрати за заштита на граѓаните поради тоа што беа задолжени да платат кауција за болничко лекување во една државна клиника.

Иако до Народниот правобранител за овие проблеми не се доставени конкретни претставки од граѓаните, Народниот правобранител имајќи предвид дека овие проблеми засегаат поголема група граѓани се обраќаше до надлежните органи со барање да се преземат мерки за утврдување на фактичката состојба и санкционирање на евентуално незаконско постапување. Во тој контекст, тргнувајќи од правото на бесплатни услуги кај матичните лекари се обрати до Секторот за контрола при Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија со барање да изврши надзор над посочените здравствените установи и да се преземаат законски мерки против матичните лекари кои постапуваат спротивно на законот, односно ги наплаќаат прегледите на осигурените лица. Секторот за контрола во случаите каде констатира неправилности во работењето на здравствените установи изрече соодветни договорни казни.

Со цел, да престане обврската на граѓанинот тој да поднесува изјава за остварени приходи, од причина што таква контрола и увид во остварените приходи треба да има Управата за јавни приходи, односно надлежните органи и институции, кои треба да имаат законска обврска да доставуваат докази од таков карактер таму каде што е потребно, Народниот правобранител укажа Министерството за финансии, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија правилно и целосно да ја имплементираат одлуката на Уставниот суд во законските измени. Исто така, Народниот правобранител достави Предлог за оценување на уставноста и законитоста на членовите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кои предвидуваат таква

обврска за граѓаните, до Уставниот суд на Република Македонија.

Народниот правобранител констатира повреда од страна на државна клиника со задолжувањето граѓаните да платат кауција како неопходен услов за болничко лекување во клиниката и тоа пред да ја користат здравствената услуга. Заради тоа побара од ЈЗУ Универзитетска клиника за хирушки болести „Св. Наум Охридски” да не се условуваат пациентите да платат определен паричен износ како кауција пред истите да бидат медицински третирани, односно пред да користат некаква медицинска услуга. Со одлука на Управниот одбор на клиниката укината е кауцијата и граѓаните можеа непречено да го користат правото на болничко лекување.

Граѓаните се соочуваа со проблеми во однос на редовен третман и лекување на одредени тешки заболувања, поради недостиг на лекови, недостиг на потребните апарати или поради лоши и несоодветни услови за третман и лекување.

Во однос на правото на лекување во странство мал е бројот на претставки, а од постапувањето по истите произлегува констатацијата за долгите постапки на одлучување и непотпишување на предлогот за упатување на лекување во странство од страна на лекарите, иако нема услови за соодветна заштита во Република Македонија. Укажувањата на Народниот правобранител да се забрза постапката и правилно да се утврди фактичката состојба, па доколку се оцени дека лекувањето не може да се обезбеди во Република Македонија, да се овозможи лекување во странство, делумно беа прифатени.

Оваа година значително е намален бројот на претставки за повреда на правото за признавање или исплата на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и тоа поради одолжување на постапките за признавање на правото, погрешно пресметување на висината на надоместокот и неисплаќање на надоместокот поради неплатени придонеси. Во оваа насока, а во врска со измените на Законот за работните односи со кои вработените жени со патолошка бременост добиваат 70 отсто од платата за време на породилното отсуство, а не 100 отсто од платата колку што се исплаќа за време на породилното отсуство, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива, за заштита на правата на идните мајки и побара од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, патолошката бременост да не се третира како болест, а соодветно на ова да биде и надоместокот за породилното отсуство. Воедно, за патолошката бременост побара мислење и од Македонското лекарско друштво.

Граѓаните се жалеа и на несоодветно, нестручно и неквалитетно лекување, најчесто со смртни последици. Со оглед на тоа што Народниот правобранител не е стручен да цени дали во конкретниве случаи се запазени медицинските протоколи, се обрати до Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и до Лекарската комора на Република Македонија и побара да се преиспитаат случаите, да се формираат посебни стручни комисии кои ќе вршат надзор над работата на посочените лекари и согласно добиените информации да преземат соодветни законски мерки.

Во овој контекст, во еден од овие случаи за пациент на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, Народниот правобранител констатира обавување на дејност од здравствен работник кој не ја обновил лиценцата за работа. Дури по интервенција на Народниот правобранител за конкретниот случај, надлежните на клиниката не дозволија здравствениот работник да продолжи со работа без лиценцата за работа. Народниот правобранител побара од министерот за здравство да преземе мерки, со цел надминување на констатираните слабости во комуникацијата и подобрување на соработката меѓу надлежните органи, во насока на навремено информирање за (не) продолжување, односно непоседување на лиценца за работа на здравствените работници, за во иднина да се спречи пациентите да добијат здравствени услуги од страна на лекар и со истечена или без соодветни лиценца за вршење на здравствена дејност, што е спротивно на Законот за здравствена заштита.

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) им овозможува на пензионерите со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година да го остварат правото за ослободување од плаќање на учество. Меѓутоа во пракса не сите граѓани-пензионери можеа да го користат ова право.

Народниот правобранител констатира дека поради различното толкување на Програмата се ослободуваа само пензионери кои примаат старосна пензија, односно Министерството за здравство даде насоки за ослободување само на овие корисници.

По укажување на Народниот правобранител овој став се промени и сите пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година се вклучени во Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество, односно без партиципација. Имено, од оваа наплата се ослободени случаи на болничко лекување во болнички здравствени установи во Република Македонија, непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест, но не и дневно болничко лекување (дневна болница), медицинска рехабилитација (рехабилитациони постапки) и случаите на сместување во геронтолошка установа. Народниот правобранител оцени дека и корисниците на овие услуги би требало да бидат ослободени врз основа на Програмата, но Министерството остана на ставот дека дневното болничко лекување (дневна болница), медицинска рехабилитација (рехабилитациони постапки) и случаите на сместување во геронтолошка установа не се ослободени од плаќање учество.

**Констатации**

Ненавремно постапување на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување по барањата на граѓаните.

Незадоволство на граѓаните од начинот на кој се третирани во здравствените установи и сомневање во стручно, квалитетно и соодветното лекувањето од страна на здравствените работници.

**Препораки**

Министерството за здравство да создаде реални услови граѓаните непречено и брзо да ги остварат правата од здравствена заштита и осигурување со почитување на начелото на ажурност, ефикасност и економичност.

Да се подобри односот граѓанин-здравствен работник, односно установа, во насока на зајакнување на довербата на граѓаните во третманот и услугите од здравствените работници, со цел квалитетно и благовремено да се оствари правото на здравствена заштита и здравствено осигурување на секој граѓанин.

# ПРАВА НА ДЕТЕТО

## Воведни напомени

Најдобриот интерес на детето е клучен и водечки принцип за заштита на правата на детето во семејството, здравствените установи, социјалните институциите и во сите други органи и институции кои треба да се грижат за децата и нивните права. Но и покрај тоа, најдобриот интерес на детето многу често повеќе е декларативен отколку суштински водечки принцип, а учеството на детето и неговото вклучување во донесувањето одлуки кои го засегаат детето, неговите права и интереси, се уште не е на задоволително ниво.

Народниот правобранител во контактите со децата и непосредните разговори за нивните права и обврски, како и за механизмите за заштита на правата на детето констатира извесно придвижување во 2013 година, што го потврдуваат и пријавите од децата за повреда на определено право во семејството или училиштето. Тоа значи дека децата постепено

стануваат свесни дека се носители на права и обврски, но се уште не располагаат со доволни вештини и знаење за препознавање на повредите на правата и не се доволно охрабрени да ги пријават повредите до надлежните органи.

Од друга страна, загрижува недоволната подготвеност на оние кои одлучуваат за децата и се грижат за нивниот најдобар интерес, да го слушаат и да посветат внимание на мислењето на детето, без оглед дали се работи за правата во семејството, образованието, здравството, социјалната заштита и сл. што доведува до тоа да не се посветува соодветно внимание на ставот на децата од страна на субјектите кои се грижат за правата и најдобриот интерес на детето.

## Права на детето во семејството

Конвенцијата за правата на детето ја нагласува општествената грижа за семејството и социјалните активности кои треба да обезбедат вистинска заштита на правата на детето. Овие права особено се загрозени кога родителите раководејќи се од нивните лични интереси и проблеми забораваат на детето и обврската да се грижат за неговиот правилен раст и развој, уште повеќе кога во услови на меѓусебни родителски разидувања и несогласувања го користат детето како инструмент за исполнување на нивните барања или за одмаздување на партнерот.

И овој извештаен период, во постапките за заштита на правата на детето во семејството баратели се најчесто родители, а постапувањето по претставките неретко потврдува дека самите тие несоодветно ги извршуваат нивните родителски обврски и должности и токму тие придонесуваат за повреда на правата на децата, особено во обласста на семејните права.

Според Народниот правобранител, контактот со детето е почетна точка во напорите за унапредување на неговите права. Не треба да се дискутира за важни прашања поврзани со децата без организација за нивно учество или барем да се разгледа нивното учество, па дури и во случаи кога станува збор за семејни односи, односно однос родители-деца.

Постапувањето на Народниот правобранител во случаите на повреда на правото на детето на лични односи и контакти со родителот со кого не живее, беше во насока на почитување на правото на детето, непречено да одржува лични контакти со двајцата родители, на постојана основа, освен ако тоа не е во најдобар интерес на детето.

Центрите за социјална работа, како надлежни органи за заштита на правата и најдобриот интерес на детето, повторно не успеваа целосно и без проблеми да го заштитат детето од конфликтите помеѓу родителите и да помогнат истото да биде дете на двајцата родители, а не инструмент за расчистување на несогласувањата и проблемите помеѓу некогашните сопружници или вонбрачни другари. Праксата на Народниот правобранител потврдува дека без оглед дали правото на лични односи и контакти на детето со родителот со кого не живее е од брачна или вонбрачна заедница, на детето многу често му е оневозможено да остварува контакти со родителот, а не ретко поради долгото непочитување на Решението за видување, кај детето се јавува отпор за контакти и одбивање да се види со родителот со кого не живее. Ваквите случаи уште еднаш ја потврдуваат потребата од навремено и целисходно постапување на стручните служби кои преку системот на помош и заштита на детето и родителите треба да обезбедат квалитетна советодавна и советувалишна работа, со примена на интердисциплинарна тимска работа.

Исто така, неспорни се бројните случаи на заштита на детето по кои надлежните институции во постапувањето се раководат од законските процедури и административни мерки, при што често меѓусебно не се доволно координирани и се бавни. Ова особено е видливо во услови на непочитување на Решението за видување или доверување на детето, и неможноста на центрите за социјална работа да го одземат детето од едниот родител и да го дадат кај родителот, кој со Одлука на Центарот или Судот е определен за старател на детето.

Интервенциите на Народниот правобранител, во сите овие случаи и укажувањата до надлежните центри беа со потсетување дека детето има право на грижа и почит, а принципот на најдобриот интерес на детето не треба да се заборави во ниту еден момент од страна на оние кои одлучуваат за судбината на детето и неговиот однос кон родителите и другите членови на семејството. Исто така, да се работи со родителите и детето/децата, да не се злоупотреби нивната недоволна зрелост и да се почитува правото на детето да не се определи за еден од родителите, туку тоа да има право да ги сака своите родители и да не се доведе во ситуација во која би се чувствувало виновно, затоа што неговите родители повеќе не живеат заедно.

Кога се работи за правата на детето во семејството, неспорна е обврската за грижа за правата на детето на родителите, центрите за социјална работа, сите други органи и институции, вклучително и улогата на Народниот правобранител во случаите кога надлежните органи не ги преземаат соодветните мерки.

Од друга страна, во постапувањето по барањата од областа на семејните права, центрите за социјална работа треба да бидат потранспарентни и да го подобрат односот кон граѓаните кои се жалеа на неажурни стручни тимови, несоодветен однос и бавно постапување за регулирање на семејните релации помеѓу децата и родителите, а се сомневаа и во стручноста на тимот кој постапува по правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кого не живее.

Во овие случаи, Народниот правобранител преку Министерството за труд и социјална политика бараше да се врши стручен надзор од страна на Заводот за социјални дејности врз работата на стручните тимови, што секогаш беше прифатено, при што Заводот, со соодветни насоки ги упатуваше надлежните центри како да постапат и во кој дел од работењето да ги зајакнат нивните капацитети и активности.

Во неколку случаи, Народниот правобранител интервенира и за остварување на правото на лични односи и непосредни контакти, согласно Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународно грабнување деца, кога детето или родителот живее во странство. Воедно, укажуваше непречно и без проблем да се одржуваат контакти преку современата информатичка технологија, со цел детето да не ги прекине врските со најблиските кои се од значење за неговиот правилен психо-физички развој, а при доаѓање на детето, односно родителот во Република Македонија, видувањата да се одвиваат согласно Решението на Центарот за социјална работа.

Народниот правобранител смета дека е неопходна потребата од следење на семејството во вршењето на родителското право, односно грижата за децата, како и соработка со училиштата, здравствените инстутиции и институциите за социјална заштита, навремено да ги упатуваат родителите сами или заедно со децата на соодветен третман во советувалиште или друга здравствена установа, посебно во случаи на дисфункционални семејства, односно семејства кои се наоѓаат во социјален ризик. Во таа смисла, Народниот правобранител препорача преземање на превентивните дејствија и мерки од страна на центрите за социјална работа, соработка и координирање на активностите со другите установи, со цел зајакнување на родителските капацитети и подигање на свеста за одговорност на родителите за грижата за детето и следење на почитувањето на мерките донесени од страна на надлежните центри за социјална работа.

## Семејно и друг вид насилство врз децата и насилство помеѓу децата

Заштитата на правата на граѓаните, меѓу кои и децата од секаков вид насилство и намалување на насилното и агресивно однесување кај младите беше актуелно и во 2013 година. Иако со Конвенцијата за правата на детето и домашната правна регулатива се забранува семејното насилство, а државата презема мерки за заштита од секаков вид насилство и злоупотреби, децата повторно се јавуваа како жртви на насилство во семејството,

училиштето, а не беше исклучено ниту насилството меѓу самите деца.

Народниот правобранител констатира недоволен капацитет и подготвеност на органите и институциите за ефикасно и ефективно спречување и обезбедување заштита на децата од секаков вид насилство, како и заштита од семејното насилство, а се констатира и потребата од сериозен однос, планирање на активности заради спречување на насилството меѓу децата, кое повторно беше карактеристично минатата година.

Во контекст на изнесеното, граѓаните покрај доставување на претставки, често по телефон или лично со посета на институцијата, бараа совети за заштита од семејно насилство, како и начин како да постапат во случај на насилство од блиски роднини или членови на семејството. Во неколку случаи, Народниот правобранител по претходна согласност од жртвата се обраќаше до центрите за социјална работа или полициските станици во кои се пријавени случаите на насилство и бараше да се преземат мерки за заштита на правата на лицата во семејството каде се врши насилство, а укажуваше и на доследно почитување на Законот за семејството по однос на предлагање привремени мерки за заштита од семејно насилство.

На таков начин постапуваше и за заштита на детето од насилство кое и овој извештаен период на директен или индиректен начин се јавува како жртва во семејството каде мајката, а помалку таткото пријавува семејно насилство. Народниот правобранител интервенираше и за сместување на жртвите во Центар за заштита на жртви на семејно насилство, односно во Шелтер центар, со укажување да се примени стручна, советодавна и советувалишна интердисциплинарна тимска работа за надминување на последиците од насилството кај жртвата.

Покрај забелешката во однос на капацитетите и подготвеноста на надлежните центри за заштита на децата од семејно насилство, постапувањето по претставките по ова прашање покажува дека центрите за социјална работа не секогаш постапуваат благовремено и не преземаат секогаш соодветни мерки со кои ќе обезбедат реална заштита на детето од натамошно семејно насилство што значи дека е потребно поефикасно постапување, вклучително и во однос на давање предлог за изрекување привремени мерки.

Од друга страна загрижуваат претставките за физичко или психичко насилство врз децата од страна на наставниот кадар, како и несоодветно однесување на наставниците, што се одразува врз развојот и однесувањето на децата.

Народниот правобранител покрај од училиштето, бараше од Државниот просветен инспекторат или овластениот просветен инспектор на соодветната општина, да се преземат мерки, со цел образованието да биде насочено кон развојот на личноста на детето и на неговите ментални и физички способности, водејќи притоа сметка за почитување на личноста и достоинството на детето, што секако ја налага потребата институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа и образование на децата, покрај другото, да водат сметка и за соодветноста на персоналот кој работи со децата. Укажувајќи дека детето не смее да биде изложено на мачење или на други свирепи, нечовечки или понижувачки постапки или казни и на обврската да се преземат мерки за заштита на децата од сите облици на физичко и психичко малтретирање, од други повреди и злоупотреби, Народниот правобранител побара при преземањето мерки за спроведување на дисциплината во училиштата да се почитува личноста и достоинството на децата. Во поголемиот број од претставките надлежните инспекциски органи не констатираа физичко или психичко насилство врз децата, односно наставниците или беа предупредени или дисциплински казнувани, заради непочитување на работната дисциплина, но не и за насилство врз децата.

Овој извештаен период, самите деца се јавуваа и поднесуваа претставки до Народниот правобранител за несоодветно однесување од страна на одделни наставници и по преземените мерки проблемите беа надминати, односно наставниците го промениа односот кон децата, а учениците  беа задоволни од начинот на кој беа третирани во училиштето. За споменување е постоењето на Детски правобранители во некои основни и средни училишта, кои ги охрабруваат децата да пријават каква било повреда на правата од вработените во училиштето или семејството, а воедно и самите пријавуваат непочитување на правата на децата до Народниот правобранител.

Имајќи ги предвид случувањата во училиштата, конфликтите и физичките пресметки меѓу децата или со лица надвор од училиштето, Народниот правобранител постапувајќи по претставки по сопствена иницијатива за овие проблеми, укажа на неопходната потреба за преземање соодветни мерки обезбедувањето да биде оправдано, односно неговото ангажирање да соодветствува на потребите на учениците и другите вработени во училиштето, со цел поголема сигурност и безбедност во училиштата. Народниот правобранител заради поголема заштита и безбедност на децата за време на доаѓањето и нивниот престој во училиштето укажа на потребата од преземање соодветни мерки, односно поголема и целисходна контрола на сите што влегуваат во училиштето, за да се спречат инциденти со кои се загрозува безбедноста и животот на учениците во училиштата.

Народниот правобранител со големо внимание и сериозност постапуваше по претставките по сопствена иницијатива за физичките пресметки меѓу учениците, најчесто надвор од училиштето, а интервенираше и директно преку предавања и работилници во училиштата каде се случија насилствата, со цел да се намали тензичната атмосфера и да укаже на позитивните вредности и начини на комуникација меѓу врсниците. Со оглед на фактот дека и понатаму се случуваат физички пресметки меѓу учениците во училиштата, Народниот правобранител укажува на потребата за дејствување на сите субјекти во општеството, со цел превенирање и разрешување на конфликтите и пројавената нетолерантност меѓу децата и преземање на сеопфатни и промотивни дејства за заштита на децата од секаков вид насилство.

## Права на лицата/децата со посебни потреби и маргинализирани групи на деца

Конвенцијата за правата на децата и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ги идентификува и ги утврдува човековите права на лицата/децата со попреченост на подеднаква основа насекаде низ светот. Со ратификацијата на овие конвенции, Република Македонија презема обврска за создавање услови, со цел овозможување еднаков третман и услови за достоинствен живот за лицата/децата со попреченост, со поттикнување на самостојноста и олеснување на активното учество на детето/лицето со посебни потреби во општеството.

Во практиката се уште се користи различна терминологија: инвалиди, лица со хендикеп, лица со психички и физички пречки во развојот, лица со посебни потреби, што укажува на потребата од унификација на термините кои се употребуваат во правната регулатива и практиката во Република Македонија.

Одделението за заштита на правата на децата и лица со посебни потреби, во 2013 година продолжи да ја следи состојбата со остварување и заштита на правата на лицата/децата со посебни потреби, а од страна на оваа група граѓани Народниот правобранител се препознава како механизам за заштита на правата, што се потврдува со доставените претставки, но и личните обраќања на лицата со посебни потреби до институцијата.

Најчесто се поднесуваа претставки во врска со правото на инклузивно образование за сите деца, со акцент на децата со посебни потреби, правото на сместување на лица со посебни потреби во социјалните установи за згрижување и заштита, права од социјална заштита, одолжување на постапка пред второстепен орган за остварување на права од здравствена заштита, непостапување по барања за остварување на права на лица со посебни потреби, како и претставки за ненавремено исплаќање на повраток на придонесите за самовработено инвалидно лице.

Според Народниот правобранител, образованието и програмите за рехабилитација се од голема важност за децата/лицата со посебни потреби и несомнено може да придонесат во подобрување на способноста и самостојноста на овие лица. Важно е да се препознаат и да се надминат сите препреки и услови кои го попречуваат целосното остварување на правата на лицата со посебни потреби.

Сознанијата на Народниот правобранител и практиката, во однос на правото на образование, потврдуваат дека маргинализираноста и исклученоста од образованието не е резултат на неспособноста на децата/лицата со посебни потреби да учат, туку проблемот е во присутниот недоволно едуциран наставен кадар и немањето соодветен пристап до училниците. Сфаќањето на инвалидитетот од перспектива на човекови права е напредно размислување, во кое на децата/лицата со посебни потреби не се гледа како на предмет, за кој или во чие име одлучуваат други лица, туку самите тие се носители на права, а нивното вклучување во заедницата може само да биде позитивен исчекор за развојот на општеството во целина и ништо друго.

Оваа извештајна година, Народниот правобранител помогна на поединечни граѓани-деца/лица со посебни потреби во остварување на конкретно право од областа на образованието, здравствената заштита, социјалната заштита и др.

Народниот правобранител заради следење на состојбата со остварување на правото на образование на децата со посебни потреби и основаноста за запишување на децата во посебни училишта, спроведе истражување во посебните основни и средни училишта. За таа цел, Народниот правобранител достави Прашалник до ПОУ „Иднина" – Скопје, ПОУ „д-р Златан Сремец"– Скопје, ПОУ „Св.Климент Охридски" – Ново Село, ПОУ „Маца Овчарова"- Велес, Државно средно училиште „Искра" –Штип и Државно средно училиште „Св.Наум Охридски"- Скопје, а изврши и непосредни увиди во најголемиот дел од училиштата, при што разговараше со наставниците (дефектолози, педагози, социјални работници) и ја разгледа документацијата на учениците која се води во соодветното училиште.

Генерално намален е број на ученици во посебните основни и средни училишта припадници на ромската етничка заедница, за кои пред три години Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРТ), излезе со извештај дека се во значителен број и се запишуваат во посебни училишта, иако не се со таква категоризација. Народниот правобранител оваа година не утврди дека запишаните деца во посебните училишта се без соодветен наод и мислење од надлежен орган, но во разговор, службените лица од училиштата не сакаа да се впуштат во коментирање на основаноста на издадените наоди.

Според податоците од училиштата голем дел од децата во посебните училишта за деца со посебни потреби се со лесна попреченост, а покрај наодот при уписот се бара изјава од родителот дека се согласува детето да го запише во конкретното посебно училиште. Загрижува податокот дека учениците не секогаш го завршуваат образованието во наведените училишта, особено заради сезонската работа, малолетнички бракови, заминување во странство, а училиштата не располагаат со информации и податоци дали и колкав број од децата, кои претходно посетувале настава во посебно училиште, кај кои не е утврдена попреченост во развојот, се вклучени во редовното образование.

Народниот правобранител смета дека на децата со посебни потреби зависно од попреченоста, треба да им се овозможи да бидат запишани во редовното образование и притоа да имаат еднаков третман како и другите деца, без никаква дискриминација и без предрасуди да бидат прифатени од средината и да им се обезбедат услови за редовна посета на образованието, со примена на стручна помош од стручни лица за совладување на материјалот, согласно наставни програми приспособени на потребите на децата.

Од друга страна, Народниот правобранител утврди дека и лицата кои се глуви и наглуви се соочуваат со потешкотии во остварување на правата, особено во однос на употребата на знаковниот јазик и се соочуваат со недоволен број на обучени преведувачи и толкувачи на знаковниот јазик. За наведеното го информира Министерството за труд и социјална политика, укажувајќи дека треба да се заложи за вклучување, унапредување и целосно уживање на човековите слободи и права, почитување на достоинството на овие лица, без дискриминација врз основа на инвалидност.

Исто така, Народниот правобранител констатира дека овие лица со потешкотии го остваруваат правото на работа, а одредени состојби се провлекуваат од минатата година. Во тој контекст се поплаките на лицата со посебни потреби кои се самовработени, а на кои институциите навремено не им исплаќаат поврат на придонеси.

Во споредба со минатата година, не е подобра состојбата ниту на маргинализираните групи деца, како што е примерот со децата од семејствата на бездомни лица, сместени во Центарот за згрижување на бездомни лица во Чичино село (Детско одморалиште „Младост").

Народниот правобранител постапувајќи по претставки на граѓани сместени во овој Центар, изврши непосреден увид во Прифатниот центар, при што утврди несоодветни услови за живеење, особено за децата кои заедно со родителите престојуваат во објектот. Децата живеат во услови кои не се соодветни за нивниот развој (руинирани, слабо осветлени простории, бараките во кои се сместени се без врати, прозорци, а храната која ја добиваат не е разновидна и е подложна на расипување заради немање ладилник за чување на храната во текот на летниот период), што пак влијае лошо на детскиот раст и развој. Заради тоа што нема здравствен работник, децата не можат навремено да користат медицинска помош, односно не им се вршат редовни здравствени прегледи и контроли, освен кога ќе се разболат. Исто така, Народниот правобранител констатира непостоење на еднакви услови за остварување на правото на образование на децата припадници на ромската заедница со елементи на дискриминација поради етничка припадност.

За констатираната состојба го извести ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје и Министерството за труд и социјална политика, со укажување дека најитно треба да се преземат мерки за подобрување на условите за егзистенција на бездомните лица/деца, како и да се обезбедат услови за непречено и навремено остварување на правото на здравствена заштита и образование на сите деца сместени во Центарот, со заеднички активности на надлежните институции, локалната самоуправа и училиштето.

## Здравствена заштита на децата

Во однос на правото на детето на здравствена заштита до Народниот правобранител не беа поднесени голем број на претставки, но имајќи предвид дека детето има право на највисоко ниво на здравствена и медицинска заштита и рехабилитација, како и обврската на државата да настојува ниедно дете да не биде лишено од правото на здравствена заштита, согласно Конвенцијата за правата на детето, како и чувствителноста на прашањето со оглед на возраста и развојот на детето, Народниот правобранител укажуваше на непречено остварување на правото на здравствена заштита и здравствено осигурување на детето.

Постапувањето по претставките покажа дека се уште не се целосни политиките за заштита на здравјето на детето од страна на државата во однос на обезбедување на сеопфатен здравствен третман, особено во случај на заболување кое е ретко, а не е предвидено ниту со Програмата за ретки болести. Воедно, родителите бараа заштита на правата на нивните деца заради лекови кои не се на позитивна листа за лекување, како и заради долгите административни процедури, поради што го изгубиле правото на рефундирање на средствата за лекување на нивните деца.

Постапувајќи по поединечни претставки во врска со (не) остварување на правото на здравствена заштита на децата, особено загрижува примерот со шест ипол годишно дете за чии лекарства родителите се принудени секој месец да обезбедат 60.000,00 денари, затоа што неопходните лекови кои го одржувале во живот не се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување. Народниот правобранител за случајот ги информира сите надлежни органи, вклучително и министерот за здравство, со барање да се разгледа можноста за обезбедување на терапијата за детето и опфаќање на болеста во Програмата за ретки болести. Иако повеќе од две години се чекаше на разрешница, проблемот не се надмина, заради недостаток на финансиски средства, што беше причина за неможност болеста да биде вклучена во Програмата за ретки болести.

Исто така, Народниот правобранител констатира дека клиниките не секогаш ја даваат потребната здравствена заштита на децата со посебни потреби кои се институционално згрижени, особено во случаи на комбинирана попреченост на децата. Итно постапувајќи, во ваквите случаи Народниот правобранител укажа на неопходност од преземање мерки

и прифаќање на овие деца на лекување, со цел подобрување на здравствената состојба, а побара и стручно мислење за евентуалната потреба од нивно сместување во друга клиника и третман од соодветни стручни лица. Укажувањата на Народниот правобранител се прифаќаа, а децата во ваквите случаи го остваруваа правото на соодветна здравствена заштита.

Според Народниот правобранител, несоодветното згрижување или одбивање да се прифати дете на клиника е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето, а надлежните институции и органи треба максимално и посветено да постапат со давање на потребната и соодветна нега и помош, со цел децата (и оние со посебни потреби) да ги уживаат правата, целосно и достоинствено.

## Образованието на децата во основните и средните училишта

Еден од факторите кој влијае на правилниот развој на поединецот е образовниот систем. Колку степенот на едуцираност на поединецот е поголем, толку е полесно неговото вклопување во современите текови на општествениот живот и многу полесно знае како да ги заштити и да ги оствари гарантираните права.

Следејќи ја состојбата со правото на децата на образование, кое е бесплатно и задолжително, како и остварувањето на правата на учениците во основното и средното образование, Народниот правобранител во 2013 година, не констатира проблеми при уписите на децата во образование, кое беше карактеристично за минатите години. Мал број на претставки беа поднесени и за правото на бесплатен превоз. Постапувајќи по истите, Народниот правобранител во случаите кога беа исполнети законските услови бараше од училиштето и надлежната општина да преземат мерки за покривање на трошоците за превоз на учениците или обезбедување соодветен превоз, со доследно почитување на Законот за основното/средното образование. Воедно, постапуваше по поднесени претставки од родители, кои укажуваа на злоупотреба од страна на раководствата на одредени училишта за наплата за книгите кои се користени во учебната година, со оправдување дека наплатата била заради оштетување на книгите, иако книгите не биле нови, односно веќе биле користени и оштетени.

Во овие случаи, Народниот правобранител бараше да се изврши надзор од надлежниот просветен инспекторат и да се преземат соодветни законски мерки во случај на повреда на правото на бесплатно образование на децата.

Годинава најголемиот број претставки се однесуваа на екстерното проверување на знаењата на основците и средношколците, што за првпат се спроведе во училиштата во Република Македонија. Имено, беа поднесени претставки од повеќе градови, во врска со одредени неправилности во организирањето, спроведувањето и резултатите од екстерното оценување на учениците, од страна на самите ученици, како и од нивните родители.

Народниот правобранител постапувајќи по претставките на родители и ученици и следејќи ја состојбата со екстерното тестирање, водеше особено внимание на најдобриот интерес на детето и правото на непречено образование, согласно Конвенцијата за правата на детето, Законот за основното образование и Законот за средното образование.При тоа, имајќи го во вид Правилникот за начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно оценување, начинот на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот од екстерното проверување на учениците во основните, односно во средните училишта, Народниот правобранител констатира дека истото поминало со многу проблеми и пропусти, за што достави посебна Информација до министерот за образование и наука и до директорот на Државниот испитен центар.

Имено, Народниот правобранител утврди пропусти, како во однос на начинот на кој што бил организиран и спроведен овој процес, така и недоследности и прекршувања на законските рокови, како и прашања кои не се целосно уредени со правната регулатива,

а кои произлегоа од практичното спроведување на екстерното проверување на учениците во основните и средните училишта, со што беа прекршувани правата на децата, без за тоа никој да сноси одговорност.

Меѓудругото, од претставките и од средствата за јавно информирање Народниот правобранител констатира дека во повеќе основни училишта учениците и родителите не беа навремено известени за екстерното тестирање, особено во руралните подрачја, каде за истото дознале краток временски период пред неговото спроведување, односно не е испочитуван законскиот рок за објавување на листите со предмети за полагање. Во неколку основни училишта децата не беа целосно опфатени со пробното тестирање, ниту беа на списоците за полагање во првиот рок и дури по упорно барање на родителите, а и по покрената постапка во институцијата, на учениците им се овозможи да полагаат дополнително, во августовскиот рок.

Во однос на прашањата содржани во тестовите, поплаките беа дека по одделни предмети истите биле преземени од наставен материјал кој не им бил предаван на учениците. По реакцијата на учениците, од тестаторите им било укажано истите да не ги одговараат, а при оценувањето истите биле земени предвид. Народниот правобранител, исто така утврди дека по одделени наставни предмети беа пробиени тестовите и истите беа објавени на социјалните мрежи, што укажува на потребата од дополнителни мерки за поголема сигурност на тестовите. Воедно, тестовите содржеа прашања на јазик кој не е официјален, односно на српски јазик, прашања кои се повторувале по неколку пати или на кои се барало еден точен одговор, иако биле дадени повеќе можности (одговори) и тоа сите точни, а нотира пропусти и во однос на рокот за отпочнување, односно одложување на почетокот на тестирањето и пролонгирање на почетокот, повеќе од предвиденото со Закон, потоа „пад", на компјутерскиот систем, како и забелешки заради спроведено екстерно тестирање на неисправни комјутери.

По однос на правото на приговор на учениците, констатирано е дека нецелосно е уредено прашањето во Законот за основното и средното образование, како и во Правилникот за начинот на формирање и работење на училишната комисија, во случај ако приговорот не стигне до Државниот испитен центар, заради грешка на администраторот или проблем во Информатичко-технолошкиот систем (ИТсистем). Во извештајниот период ,се констатира дека во вакви случаи оценката станува конечна, а ученикот, иако не е тоа негова вина е оштетен со оценката.

Исто така, Народниот правобранител утврди дека во свидетелствата се внесуваа и незадоволителни оценки, односно единица, а не е предвидена можност на ученикот да ја поправи истата, како и дека по одлуката на училишната комисија во врска со поднесен приговор, ученикот нема право на натамошна заштита, односно не е предвидено право на жалба по одлуката по приговорите.

За сите поодделни претставки од граѓаните, Народниот правобранител го запозна Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука, а во зависност од училиштето на кого се однесуваше претставката, се обраќаше и до директорот на соодветното училиште.

Според Народниот правобранител, одговорите дека училиштата се должни да го предаваат наставниот материјал и дека должност на директорите, кои се и претседатели на училишните комисии да ги пренесат информациите на сите засегнати субјекти во врска со екстерното тестирање или дека до Државниот испитен центар не бил пристигнат приговор, не ги обештетува учениците, ниту родителите. Напротив, децата, односно учениците, како во основните така и во средните училишта низ државата се директно засегнати од целиот процес, но и покрај тоа не беа навремено и целосно запознати со начинот и постапката за полагање на екстерните тестови, со предметите кои ќе ги полагааат, како и со нивните права и обврски од ова тестирање. Едновремено,  учениците кои добиле послаби оценки, само заради тоа што не одговориле на прашања за материјал кој не им бил предаван од страна на наставниците или пак учениците кои поднеле приговор, кој не по нивна вина, не бил доставен до Државниот испитен центар по електронски пат, морале да се помират со оценката од тестирањето.

Народниот правобранител смета дека треба да се преземат мерки за навремено информирање на учениците и родителите за начинот на тестирањето, предметите по кои учениците треба да полагаат, содржината на тестовите да се приспособи на наставниот материјал кој е изучуван во текот на годината и на јазик на кој се образува ученикот, односно на кој ја следи наставата, да се обезбеди тајност на тестовите, со цел на подеднаква основа сите ученици да го прикажат своето знаење. Исто така, целосно и навремено да се опфатат сите ученици во системот на пријавување за екстерно оценување, како и да се преземат мерки за подобрување на Информатичкиот систем, навремена и квалитетна обука на лицата задолжени за одржување на ИТ систем и спроведување на екстерното тестирање, како и соодветност на персоналот во оваа насока.

Во рамките на Годишната програма за работа, Народниот правобранител спроведе едукативни активности во основните и средните училишта и преку непосредни и директни средби со учениците ги промовира нивните права, предвидени во Конвенцијата за правата на детето и домашната правна регулатува, запознавајќи ги децата со улогата и механизмите за заштита на правата на детето, меѓу нив и за работата на Народниот правобранител.

Од разговорите со децата, Народниот правобранител, меѓудругото констатира дека учениците од основните училишта знаат за Конвенцијата за правото на детето, но нивните знаења за правата и механизмите за заштита на детските права се ограничени, и нејасно може да распознаат што е право, а што обврска на детето. Во наставните предмети во кои учат за човековите слободи и права, недоволно е разработено прашањето за правата на детето, а содржаниот материјал за улогата на Народниот правобранител е апстрактен, поради што децата тешко може да добијат јасна претстава за надлежностите на Народниот правобранител, како орган за заштита на правата на граѓаните, односно правата на децата.

За разлика од учениците во основното образование, познавањата на учениците од средното образование за нивните права се поголеми, но се работи за општи познавања. И за овие ученици важи констатацијата дека имаат познавања за Конвенцијата за правата на детето, но ненедоволно и многу мал дел од нив, го виделе или пак го прочитале овој документ.

Според Народниот правобранител за подобрување на состојбата во однос на перцепциите на децата по однос на ова прашање, многу може да придонесат активности во училиштата за вклучување на децата и нивно практично запознавање со правата, како и едукацијата на наставниот кадар за правилно презентирање на правата на децата.

Со оглед на тоа дека во училиштата се користат компјутери, поставувањето на Конвенцијата за правата на детето на веб-страницата на училиштето ќе придонесе во секое време да биде достапна за учениците, да ја прочитаат, а со тоа да станат свесни за постоењето на правата на децата и документот кој ја содржи рамката на правата сублимирани на едно место. Воедно, ако во мултиетничките училиштата се предвидат активности во кои заедно ќе учествуваат ученици од различни етнички заедници, децата ќе се едуцираат да ги прифатат различностите, да ги почитуваат правата на другите, а со тоа ќе се даде придонес во надминување на евентуалните конфликти или несогласувања со користење на дијалог и комуникација меѓу самите деца, односно учениците и наставниот кадар.

Воедно, децата треба да се оспособат со знаења и вештини да ги распознаваат правата и обврските, повредите на нивните права или нивна злоупотреба од кого било и поради која било причина и да имаат доволно сознанија за сите можни механизми, домашни и меѓународни, кои се надлежни да им обезбедат помош, заштита и грижа и да се здобијат со сознанија, како и во која постапка можат да побараат остварување и заштита на нивните права. За постигнување на овие цели, секако дека треба да има и соодветно едуцирани и обучени наставници, кои ќе ги оспособуваат децата и ќе ги насочуваат да ги почитуваат човековите слободи и права и ќе ги охрабруваат да ги користат сите можни механизми за непречено остварување и заштита на нивните права, а ова може да се постигне ако се воведе посебен наставен предмет за ова прашање, во сите степени на образование.

## Користењето на Интернет и употребата на социјалните мрежи и нивното влијание врз развојот на децата

Развојот на информатичката технологија, вклучително и користењето на Интернет овозможува унапредување во повеќе области. Денес употребата на мобилните телефони, како и пребарувањето на Интернет е познато на секое дете, па слободното време наместо со врсниците или семејството, децата го поминуваат пред компјутер или на мобилен телефон. Покрај употребата на Интернет за учење, проширување на знаењата по определени области, игри или забавување, децата ја користат оваа технологија за допишување и разговор со други, за нив познати, но и непознати лица.

Иако мал број на претставки се поднесени за заштита на децата од злоупотреби на социјалните мрежи, сепак општите сознанија говорат дека достапноста до интернет информациите не се секогаш соодветни за правилниот и сеопфатен раст и развој на детето. Имено, посетите на Народниот правобранител во основните и средните училишта и разговорите со децата потврдуваат дека децата, особено од пониските одделенија и класови недоволно знаат за злоупотребите на Интернет и на кој начин да се заштитат од информации кои предизвикуваат непријатно чувство, а скоро и да не практикуваат да разговараат за ваквите содржини со родителите или возрасните лица во кои имаат доверба. Влијанието на разните социјални мрежи преку кои се пренесуваат пораки, често пати наместо да го јакнат чувството за хумани вредности, почитување на различностите и толеранција, на децата им го јакнат чувството на недоверба, неприфаќање, па и страв за различните од нив.

Загрижува сознанието дека и самите родители отвораат интернет адреси на своите малолетни деца, дозволуваат да објават податоци, информации па и лични фотографии, со што еднаш објавени тие стануваат јавни и тешко може да се контролираат. Исто така многу малку ги набљудуваат децата додека користат Интернет, а децата пристапуваат и ги користат интернет адресите, односно пристапуваат кон социјалните мрежи без присуство на нивните родители.

Потребата да се биде внимателен при користењето на Интернет е неопходна, исто како и познавањето како да се биде сигурен на Интернет, затоа што објавувањето на лични информации и податоци може да биде злоупотребено од други.

Народниот правобранител, смета дека сериозно треба да се разгледа можноста за обезбедување на ограничена достапност на информации и податоци кои се штетни за правилно формирање на ставовите на децата и младите и кои може штетно да влијаат на правилниот раст и развој на децата. Во тој контекст, надлежните органи треба да преземат мерки за лимитирање на вакви информации коишто им се достапни на децата и поголема застапеност на информации коишто позитивно влијаат на децата и младите и кои очекувано придонесуваат во формирање на правилни критериуми за животните и општествени вредности и градење на здрави личности. Исто така, потребно е преку разните видови медиуми да се планираат и да бидат застапени повеќе образовни емисии и програми кои ќе ги едуцираат децата, младите, но и возрасните.

## Соработка на органите и организациите со Народниот правобранител во областа на правата на детето

Одделението за заштита на правата на децата и лица со посебни потреби и понатаму ја истакнува важноста од ефикасно, навремено, точно и професионално постапување од страна на сите засегнати органи и институции во заштита на правата на децата. Особено треба да се реагира преку превентивни активности за спречување на повреди или прекршувања на правата на детето, кои може да остават трауми и тешки последици во развојот на детето. Јакнење на соработката и градење на партнерства во насока на остварување на правата на децата и на лицата со посебни потреби во сите области и сфери на живеење е исчекор

кој може да даде позитивен резултат и од кој може да се очекува почитување на основните принципи од Конвенцијата за правата на детето.

**Констатации**

Повредите и непочитувањето на правата на детето, се уште се присутни во повеќе сфери од општественото живеење.

Најдобриот интерес на детето, сослушување на неговото мислење и учеството на детето, се уште се декларативни принципи, затоа што родителите и органите кои треба да се грижат за правата на детето и неговиот најдобар интерес не секогаш водат сметка за овие принципи.

Децата со посебни потреби отежнато ги остваруваат правата од здравствена заштита, а не се секогаш соодветно згрижени и третирани во институциите за грижа на овие деца.

Со начинот на кој се реализира екстерното оценување се прекршуваат правата на децата во основното и средното образование.

Децата од ромската заедница во Чичино село повторно се судруваат со проблеми во остварувањето на правото на задолжително и бесплатно образование.

Неедуцираноста на децата за нивните правата е причина заради која тешко ги распознаваат повредите на правата и не ги користат механизмите за нивна заштита.

**Препораки**

Обезбедување услови и можности за остварување на правата на детето без проблеми и ограничувања, заради обезбедување нормален раст и развој на децата.

Почитување на најдобриот интерес на детето во сите постапки и одлуки поврзани со правата и интересите на детето со уважување и на неговото мислење и учество при одлучувањето.

Создавање услови за реално и благовремено остварување на уставното право на здравствена заштита за секое дете и непречено остварување на правото на образование под еднакви услови за сите.

Да се преземат мерки за навремено и целосно информирање на децата за начинот и содржината на екстерното оценување и нивните права во врска со оваа новина, со почитување на најдобриот интерес на детето и доследно и целосно имплементирање на овој принцип при екстерното тестирање.

Потребно е воведување на посебен наставен предмет за едукација на децата за човековите слободи и права и за механизмите за нивна заштита во национални и меѓународни рамки, во сите степени и видови на образование.

## ПРАВА ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Постапувајќи во заштитата на правата на граѓаните од областа на образованието, Народниот правобранител пред се се раководеше од уставно загарантираното право на образование и достапноста на истото за секого под еднакви услови. Бројот на претставки поднесени за заштита на правата од областа на образованието, особено во високообразовните установи, во текот на 2013 година не бележи значителни промени, ниту во проблемите за кои граѓаните бараа интервенција од Народниот правобранител.

Имено, и оваа година граѓаните бараа заштита на правата заради непостапување по нивните барања за нострификација на дипломи, односно еквиваленција и признавање на дипломи од странски високообразовни установи, се жалеа и на постапките и условите за назначување во наставно-научно или друго звање, изразуваа незадоволство поради

неодговарање по нивните поплаки за несоодветно однесување во високообразованите установи, неиздавање на уверение за завршено образование или специјализација, како и други права од високото образование.

Претставките што се однесуваа на признавање и нострификација на странски дипломи се поднесуваа најчесто поради одолжување на постапката за нострификација, но и заради незадоволство од одлуката на надлежното Министерство, особено во случаи за непризнавање на високообразовна квалификација стекната во странство. Во повеќето случаи, по интеревенциите на Народниот правобранител, граѓаните го остваруваа правото на признавање на дипломите стекнати во странство, а таму каде што се констатира потреба од дополнување на документацијата, странките се упатуваа истата да ја докомплетираат, по што продолжуваа постапките пред Министерството за образование и наука.

Народниот правобранител констатира појава на неиздавање на дипломи за завршен прв циклус на високо образование на студенти од одделни факултети и Универзитети, со што на поголема група студенти им беа повредени правата со неиздавање на диплома за завршен факултет. Воедно, се утврди и неажурност на институциите надлежни за решавање на овој проблем, односно непреземање мерки од страна на Државниот просветен инспекторат, Универзитетот и Секторот за високо образование при Министерството за образование и наука, за надминување на наведениот проблем.

Постапувајќи по барањата на студентите, Народниот правобранител се обрати до горенаведените органи и побара во рамките на нивните надлежности да се преземаат дејствија, да се констатира фактичката состојба и причините поради кои не им се издаваат дипломи на студентите кои го завршиле првиот циклус на студии, со укажување доколку се исполнети законските услови на студентите да им се издаваат дипломи за завршен циклус на високо образование, заради континуирано натамошно образование.

Со сличен проблем се соочија група лекари вработени во Универзитетски клиники кои завршија специјализација, но не им се издаваа уверенија за завршен специјалистички испит, како и друга група граѓани на кои им се понуди да потпишат договор со клиниката каде што се вработени под услови кои не важеле во времето кога ја започнале специјализацијата.

Народниот правобранител покрај писмените дописи и преку непосредни увиди до надлежниот факултет и клиниките во кои граѓаните/лекари, подносители на претставка специјализираа, укажа на повреда на правата. Според Народниот правобранител со задолжувањето на специјализантите да потпишат договори согласно правна регулатива која не важела во времето кога им била одобрена специјализацијата се постапува спротивно од законската и подзаконската регулатива, односно законот кој подоцна е донесен и стапи во сила не ја опфаќа оваа група на специјализанти. Народниот правобранител им укажа на Медицинскиот факултет и на Универзитетските клиники на кои групата специјализирала дека со ваквото постапување се повредуваат правата на овие граѓани, меѓудругото и заради тоа што тенденцијата да се примени новиот закон кој стапи во сила по донесувањето на одлуките и решенијата за специјализација иако, во него се утврдуваат поинакви услови за кандидатите од оние наведени во Одлуката, односно решението кои се понеповолни за нив. Горенаведените органи го прифатија Укажувањето и групата специјализанти потпишале договори, согласно законот кој важел во времето кога им била одобрена специјализацијата, а не по новиот закон.

Во однос на проблемот со неиздавање на уверенија за завршена специјализација и условувањето на граѓаните да платат партиципација, односно заостанатиот долг кон факултетот, Народниот правобранител укажувајќи на повреда на правата на специјализантите кои го положиле специјалистичкиот испит, а не можат да ги добијат уверенијата за специјализација, побара да им се издаваат уверенијата без да се условуваат со плаќање на партиципацијата. И оваа група специјализанти го оствари правото, односно им беа издадени уверенија, без да се условуваат со плаќање на долгот од специјализацијата.

Народниот правобранител оваа извештајна година нотира непостапување по барањата на граѓаните во законскиот рок, недоставување одговор до граѓаните како странки, заради што Народниот правобранител укажа Министерството за образование и наука и органите во негов состав, ефикасно да постапат и да ги почитуваат предвидените рокови. Воедно,

укажа на потребата од поголема соработка со органот кој ги штити уставните и законски права на граѓаните и доставување навремени и соодветни одговори, со што ќе се влијае да се подобри пристапот до правата од образование на сите граѓани.

Не изостанаа и поплаките во врска со (не)законскиот избор во звање на вработени на одделни факултети, односно Универзитети. По преземените мерки од Народниот правобранител и испитувањето на овие случаи таму каде што се потврдија наводите за незаконска постапка, односно не беа исполнети условите за избор, изборот во звање не беше извршен и постапките за избор во звање беа повторувани.

Исто така, постапувајќи по поплаките за незаконско работење и непочитување на постапката за избор на декани на факултетите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" во Охрид, Народниот правобранител утврди законски пропусти кои ги потврди и Државниот просветен инспекторат, затоа што избраните лица немаа нострифицирани дипломи. Постапувајќи по барањето на Народниот правобранител, Државниот просветен инспекторат изврши вонреден инспекциски надзор и го задолжи Универзитетот да преземе мерки и активности, со цел почитување и доследно спроведување на Законот за високото образование и Статутот при изборот на декани на факултетите при Универзитетот за информатички науки и технологии.

По дел од претставките во кои студентите бараа заштита поради изречена дисциплинска мерка за исклучување од настава или забрана за полагање на испити и колоквиуми во определени сесии Народниот правобранител не иницира постапка, затоа што по проучување на предметите не констатира повреда на правата, односно донесените одлуки од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј"-Скопје беа согласно Статутот на Универзитетот, но затоа со образложено известување ги информира граѓаните за начинот на кој определено прашање е уредено со закон или акт на Универзитетот.

**Констатации**

Условувањето студентите/специјализантите да подмират одреден заостанат долг за да им се издаде диплома за завршен циклус на студии/специјализација е спротивно на Законот за високото образование.

Се одолжуваат постапките по барањата за нострификација или еквиваленција на странски дипломи и високообразовни квалификации.

На некои факултети се уште не се почитувааат условите и постапката за избор во одредено наставно-научно звање.

**Препораки**

Доследно почитување на Законот за високото образование во однос на издавањето на дипломи/уверенија за завршен циклус на високо образование.

Постапување во законски предвидениот рок по барањата на студентите за нострификација и признавање на странски дипломи и високообразовни квалификации.

Транспарентност и законито спроведување на постапките за избор во наставно-научно звање од страна на Универзитетите и Факултетите.

## РАБОТНИ ОДНОСИ

Во остварувањето на правата од работен однос и оваа извештајна година граѓаните во голем број бараа заштита во постапките на вработување, постапките за распоредување, постапките на изрекување престанок на вработувањето, во постапките на исплата на плата, разрешување од функција директор, а како помалку бројни се барањата за интервенција во постапките на трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време, нерешен работен статус, дисциплински постапки, постапки пред Агенцијата за вработување на Република Македонија и во постапките на остварување на правото на отпремнина, отстранување од работно место итн.

Во постапките за вработување најчесто се укажуваше дека се примени лица кои не ги исполнуваат условите според објавените огласи, односно дека се примаат лица со помалку освоени бодови. Граѓаните сметаа дека при спроведувањето на постапките за вработување на лицата со неколкугодишно работно искуство треба да им се даде предност при вработувањето, а се жалеа и заради тоа што при спроведувањето на постапката на вработување не им се доставуваа писмени известувања кој кандидат е примен по огласот. Исто така, бараа заштита затоа што од страна на Агенцијата за администрација не се води транспарентна постапка, односно при полагањето на стручниот испит немаат увид во освоените бодови.

Народниот правобранител до органите кои го спроведуваа вработувањето укажуваше на доследно применување на законските одредби во постапките за вработување, при што особено бараше да се води сметка дали избраниот кандидат ги исполнува условите според објавениот оглас и дали при донесувањето на одлуките за избор на кандидат целосно е утврдена фактичката состојба. Вакви укажувања Народниот правобранител доставуваше и до второстепените комисии до кои се поднесуваа жалби од незадоволните кандидати.

Во претставките по однос на постапките за распоредување, граѓаните освен што сметаа дека се распоредени на несоодветно работно место, според степенот на образование и дека примаат помала плата поради распоредување, тие бараа заштита и поради дадена усна наредба за распоредување на друго работно место или пак дадено задолжение за распоредување без соодветен акт.

И во овие случаи Народниот правобранител укажуваше на доследно применување на законските одредби, особено дали работното место на кое се распоредува работникот е предвидено во актот за систематизација на работните места на органот кој го спроведува распоредувањето, дали работникот ги исполнува условите предвидени за работното место на кое се распоредува, а укажуваше дека усната наредба, задолжението или писмената наредба не можат да се сметаат за акт за распоредување.

Оваа извештајна година беа поднесени неколку претставки од вработени воени лица во Армијата на Република Македонија кои сметаа дека им се повредува правото поради одбивање на барањето да им се изрече престанок на вработување, а по исполнети услови согласно одредбите од Законот за служба во Армијата, односно сметаа дека Министерството за одбрана има нееднаков пристап кон сите баратели.

Во постапувањето Народниот правобранител укажуваше на доследно применување на законските одредби, особено на принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите и во таа насока дека не треба вработените да бидат ставени во неповолна положба од други лица во споредбени случаи.

Исто така, граѓаните бараа интервенција заради донесено решение за престанок на вработувањето, иако за тоа нема законски основ, поради укинување на работно место од деловни причини, а без претходно да се спроведе законски предвидената постапка, потоа заради донесено решение за престанок на вработувањето пред истекот на рокот за кој бил склучен договорот за вработување. Народниот правобранител по овие предмети укажуваше кои законски одредби се неправилно применети или воопшто не се применети што го прават решението за престанок на вработувањето незаконско.

Во овој контекст неколку директори на основни и средни училишта на ниво на Општина Гостивар побараа заштита од Народниот правобранител, затоа што од страна на градоначалникот беа донесени решенија за разрешување од функцијата директор пред истекот на мандатот.

Народниот правобранител утврди дека при донесувањето на решенијата за разрешување на директорите од основните и средните училишта не е спроведена пропишаната законска постапка за разрешување на директор во основно и средно училиште, согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование, односно решенијата на разрешените директори од страна на градоначалникот беа донесени веднаш, без да биде доставен предлог од училишниот одбор за разрешување на директорот или без да се утврдат потешки повреди во работењето на директорот од страна на Државниот просветен инспекторат.

Постапувајќи по претставките на граѓаните поради исплата на помала плата или неисплатена плата, Народниот правобранител укажуваше на доследно применување на законските одредби особено платата да се исплатува според предвидените коефициенти или утврдени бодови во решенијата за плата.

Народниот правобранител имаше добра соработка со Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која по доставените барања за утврдување на фактичката состојба во целост постапуваше, а во случаите во кои Народниот правобранител утврдил повреда на постапката или нецелосно применета законска одредба ги прифаќаше укажувањата, по што се носеа одлуки во корист на подносителите на претставките. Ваква соработка Народниот правобранител имаше и со Комисијата за одлучување по жалби и приговори на државните службеници при Агенцијата за администрација.

**Констатации**

Работодавачите нецелосно ги применуваат и ги прекршуваат законските одредби во сите постапки од работен однос.

Постапките на распоредување на вработените се спроведуваат без да биде земен предвид актот за систематизација на работните места, а распоредувањето на работните места се врши без да се донесе решение за распоредување што претставува директно кршење на Закон.

Постапките за престанок на работниот однос се спроведуваат незаконски.

**Препораки**

Да се преземат мерки за доследна примена на законите од областа на работните односи.

Во постапките на распоредување, особено да се земат предвид сите околности-потребата од распоредување, актот за систематизација на работните места и степенот на образование на работникот и при спроведување на постапките за распоредување да се донесе соодветен акт-решение.

Престанокот на вработувањето да не се врши по волја на работодавачот, туку да се земе предвид целосната фактичка состојба и да се почитува законски предвидената постапка.

## ИМОТНО - ПРАВНИ ОДНОСИ

Претставките од имотно-правната област укажуваат на неефикасно и ненавремено работење на органите, односно на повреда на материјалните и процесните права на граѓаните, како странки учесници во поединечните управни постапки. Во тој сегмент, дел од претставките за повреда на правилата на постапката, за неправилно или неблаговремено одлучување и за други сторени неправилности се однесуваа на првостепените органи, најчесто на Министерството за финансии, неговите организациски единици и органи во состав, како и на Агенцијата за катастар на недвижности. Друг дел од претставките беа за работата на второстепениот орган - Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која одлучува по жалба или на Управниот суд, кој решава по тужби.

Народниот правобранител повторно констатира дека предметите не се решаваат во законски утврдениот рок и дека постапките траат долго, односно со години. Од друга страна во постапките по жалба или тужба за управен спор, одговорот на жалба, односно на тужба, заедно со списите од конкретниот предмет, не се доставуваат редовно до второстепениот орган, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен или до Управниот суд.

Исто така, постапувањето по претставките покажа дека по предмет кој е вратен на повторно постапување и одлучување од страна на Комисијата, односно првостепениот орган не се носеше нов управен акт во рок од 30 дена, од денот на доставувањето на одлуката. Државната комисија, како и Управниот суд, воопшто не ја користеа можноста за мериторно одлучување, во случаите кога еднаш бил поништен управниот акт, а надлежниот орган не постапил во целост по изнесеното правно сфаќање и дадени укажувања.

Загрижува тоа што постојат предмети, кои заедно со нивните списи не можеа да се најдат, односно се изгубени, како и тоа дека надлежните органи скоро никогаш не доставуваа писмен одговор по повод одредено обраќање на странките.

Според Народниот правобранител, ваквиот начин на работење претставува повреда на правата на граѓаните, бидејќи е спротивен на Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови, чиишто одредби, покрај останатото, налагаат обврска и за ефикасност и економичност на постапката. Притоа, ваквата состојба не претставува поединечен пропуст, туку е појава, а најдобро се илустрира со околноста дека функционерот кој раководи со Управата за имотно-правни работи, дури во 2013 година им издаде писмена наредба на соодветните организациски единици, согласно која треба да ги решаваат предметите за приватизација на градежно земјиште, за кои се доставени барања во 2008, 2009 и 2010 година.

Оттука, останува отворено прашањето кога ќе се решаваат предметите од наредните години и кој ќе ги надомести штетните последици за таквото неработење?

Ова особено ако се има предвид дека решенијата донесени по неколку години од поднесувањето на барањата најчесто и не можат да бидат спроведени во катастарот затоа што при нивното донесување биле користени податоци од стариот катастар врз основа на кој биле изработени геодетските елаборати. Државните органи и катастарот иако за тоа имаат законска обврска таквите недостатоци не ги отстрануваат по службена должност, туку од граѓаните порвторно бараат тие да доставаат нови докази, нови елаборати или да поднесат нови барања.

Постапката по предметите за денационализација кои и оваа извештајна година се најбројни од имотно-правната област и со ништо не се разликува од постапката по барањата за приватизација, затоа што и оваа постапка изобилува со административни и бирократски процедури. Како резултат на нефункционирањето на администрацијата и нејзиното несо-одветно работење Народниот правобранител не можеше доследно да ја исполни својата цел, односно да обезбеди ефективна заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица.

Впрочем, од посочените органи, покрај тоа што воопшто не се почитувани законски определените рокови за постапување, преземање дејства и донесување соодветни одлуки, воопшто не се постапува и по интервенциите на Народниот правобранител за ажурирање на постапката и донесување соодветна одлука.

Евидентирани се предмети за денационализација и за приватизација на градежно земјиште, кои не се решени од 2008 година, но има случаи кога решението за денационализација е правосилно во 2006 година, но се уште не е извршено и денационализираниот имот не е предаден во непосредно и фактичко владение. Од страна на претседателите на комисиите за денационализација или раководителите на одделенијата за управна постапка во Управата за имотно-правни работи, кои треба да постапат во таа насока, се доставуваа одговори дека „во тек е прибирање докази за утврдување на фактичката состојба, по што предметот ќе биде решен".

Според Народниот правобранител ваквото работење е надвор од сите стандарди за законитост во работењето и водење грижа за обезбедување ефикасно остварување на правата и интересите на странките во управната постапка. Исто така, не е оправдување често наведуваното „мал број на извршители, а голем број на предмети", бидејќи во секој поединечен случај мора доследно да се почитуваат прописите кои налагаат постапката да биде спроведена во законски пропишаните рокови.

За обележување е дека странките, како и Народниот правобранител од страна на Агенцијата за катастар на недвижности се известуваа дека по одреден предмет не може да биде постапено „затоа што веќе подолг временски период не може да бидат пронајдени списите од предметот, односно истите се изгубени".

Народниот правобранител смета дека ваквото постапување не е во согласност со законските прописи и ги повредува правата и правните интереси на граѓаните, бидејќи во никој случај не може, ниту пак, смее да се изгубат списи од предмет кои се од официјален карактер и кои служат како основ за запишување промени во катастарската евиденција. Токму затоа, Народниот правобранител од функционерот кој раководи со Агенцијата побара да ги преземе потребните дејства и мерки за отстранување на ваквата неправилност во работењето и тоа на начин што ќе наложи за сите такви случаи, да се најдат списите од конкретните предмети, постапката да биде ажурирана и завршена согласно одредбите од соодветните прописи и едновремено да се утврди одговорноста на службените лица кои со конкретните предмети биле задолжени или по нив постапувале.

Но и покрај ова се уште граѓаните, како и Народниот правобранител од Агенцијата добиваат одговори дека предметот и неговите списи ги нема, што навистина е многу загрижувачка појава.

**Констатации**

Имотно-правните односи стануваат уште посложени и тешко се решаваат заради проблемите со административните и бирократски процедури.

Граѓаните иако имаат правосилни и извршни решенија за денационализација, не можат имотот да го преземат во непосредно и фактичко владение.

Висока бројка на нерешени предмети која се пренесува од година во година.

Бавна заштита на правата, правните интереси и слободи на граѓаните, кога се повредени со поединечни акти на администрацијата или поради нејзино молчење.

**Препораки**

Органите благовремено и ефикасно да постапуваат по барањата на граѓаните, за таа цел одговорните лица да ги преземат сите неопходни мерки за унапредување и заштита на нивните имотни права.

Процесот за приватизација на градежното земјиште да се поедностави и да се интензивира.

Државната комисија и Управниот суд да ги користат законските овластувања и во сите случаи кога се исполнети законските претпоставки мериторно да одлучуваат по жалба, односно тужба.

Да се зајакне инспекцискиот надзор и поефикасно да се постапува со почитување на правилата на постапката за доставување на управните акти и другите писмена.

## УРБАНИЗАМ И ГРАДБА

Уредувањето на просторот, особено на населените места и градбата на објектите за задоволување на индивидуални потреби или јавниот интерес согласно пропишаните стандарди и нормативи и донесените просторни и урбанистички планови, претставува битен предуслов за нормално живеење на граѓаните и функционирање на системот на државата во сите сегменти.

Покрај основните правни норми со кои се регулирани правата и обврските на граѓаните и на правните лица во оваа сфера, од особено значење е донесувањето и спроведувањето на Законот за постапување со бесправно изградените објекти. Со примената на овој закон, во изминативе две години решени се повеќе од половина од вкупниот број поднесени барања за утврдување на правниот статус на бесправно изградени објекти со што голем број граѓани кои живееја под постојан страв дека нивните објекти ќе бидат урнати не само што се ослободија од него туку, конечно, го решија правниот статус на нивнте бесправни објекти и станаа нивни легални сопственици.

Следејќи ја состојбата со остварување на правата на граѓаните во сферата на градењето констатирани се извесни позитивни придвижувања, особено со воведувањето на информатичката технологија во оваа област, односно можноста за електронско-интернет аплицирање за добивање на одобрение за градење. Од друга страна измените во законската регулатива со кои се наметна обврска на органите кои одлучуваат да ги почитуваат законските рокови и заканите со санкции за нивното непочитување придонесуваат за извесен напредок во остварувањето на правата на граѓаните во оваа област.

Ваквиот впечаток Народниот правобранител го темели на податокот дека се бележи намалување на бројот на претставки на граѓаните против акти, дејствија или непреземање дејствија од страна на одделенијата за урбанизам и урбанистичките инспектори во единиците на локалната самоуправа.

Исто така, забележана е појавата на поажурно постапување на овластените градежни инспектори при спроведувањето на инспекцискиот надзор врз новите објекти во градба, а воочена е поголема динамика во единиците на локална самоуправа во постапките за

донесување детални урбанистички планови неопходни за поажурно спроведување на постапките со бесправно изградените објекти и можноста за нивно вклопување во истите.

Во извештајната година Народниот правобранител преземаше дејствија во рамки на неговите законски надлежности, со цел заштита на правата на граѓаните преку доставување на барања за известувања, барања за вршење инспекциски надзор, препораки и укажувања претежно до градоначалниците на единиците на локалната самоуправа во чија законска надлежност спаѓа решавањето на проблемите и состојбите со урбанизација на просторот од локално значење.

**Констатации**

Подобрена е состојбата во однос на постапувањето на овластените инспекциските служби при спроведувањето на инспекцискиот надзор, но се уште не е на потребното ниво.

Постапките за издавање одобренија за градба од страна на органите во единиците на локалната самоуправа се подобрени.

**Препораки**

Надлежните органи да продолжат доследно да се придржуваат и да ја спроведуваат законската регулатива, во поглед на законските рокови и во однос на законитоста при одлучувањето.

Единиците на локалната самоуправа ажурно да постапуваат и одлучуваат во постапките за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти.

## СТАНБЕНИ ОДНОСИ

Законот за домување, со подоцнежните измени и дополнувања, од формално правна природа овозможи регулирање на односите во станбената област и надминување на негативните состојби што најмногу се рефлектираа во управувањето, користењето и продажбата на станови во сопственост на Република Македонија. Сепак, граѓаните продолжија да се соочуваат со проблеми во остварување на правата, така што бројот на претставки доставени до Народниот правобранител од станбената област повторно е зголемен во однос на претходната година.

Индивидуалните барања на граѓаните беа поднесени за заштита на правата пред Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката и неговите подрачни единици, Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски и овластените инспектори во единиците на локалната самоуправа. Едновремено, покрај постапувањето по индивидуалните барања, Народниот правобранител и натаму континуирано ги следеше состојбите во областа на домувањето и примената на законските и подзаконските акти кои ја третираат оваа материја.

По донесување на Законот за домување, граѓаните-сопственици на станови доставуваа претставки до Народниот правобранител и бараа информации за начинот на регистрирање на заедниците на сопственици во станбените објекти, начинот на управување и органите кои се надлежни да спроведуваат надзор над управувањето на заедниците.

Новина, во извештајната година е дека беа доставени неколку претставки за забрзување на постапките пред овластените инспектори за домување, кои конечно профункционираа во склоп на единиците за локална самоуправа и кои се овластени да вршат надзор врз спроведување на Законот за домување и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

По повод овие претставки, Народниот правобранител упати укажувања до инспекторите за спроведување на инспекцисикиот надзор, утврдување на фактичката состојба и преземање

соодветни мерки за надминување на настанатите проблеми. Во сите случаи, овластените инспектори постапија по укажувањата на Народниот правобранител.

Во однос на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката и неговите подрачни единици, граѓаните и оваа извештајна година се жалеа на високите пресметки за откупната вредност на становите и на ненавременото доставување на пресметките до Министерството за транспорт и врски, заради што постапките за откуп на државните станови неоправдано се одолжуваа. Иако пресметките за откупната вредност на државните станови се изготвуваат согласно Уредбата за методологијата која ја донесе Владата на Република Македонија, според Народниот правобранител смета дека истите се превисоки, особено за оние станови кои се изградени пред повеќе години и во меѓувреме се прилично амортизирани, а чии корисници се лица без соодветна документација. Вака определените цени се повисоки и од пазарните, што претставува вистинска пречка  за откуп на оваа категорија станови.

Народниот правобранител до Акционерското друштво упати соодветни барања, укажувања и ургенции, по што Акционерското друштво доставуваше одговори, со бараните образложенија.

Граѓаните се жалеа и на неефикасното работење, односно неоправданото одолжување на постапките по  поднесени барања за пренос на станарското право и откуп на становите. Во однос на откупот на државните станови, Народниот поравобранител по спроведување на постапките констатира дека граѓаните не се информирани по кои критериуми можат да ги откупат становите, а евидентна е некоординираноста на органите и институциите коишто се вклучени во постапката на одлучување по барањата за откуп на државните станови, заради што се пролонгира самиот процес.

Во таа смисла, процесот на одлучување трае повеќе месеци, па и години, заради што, Народниот правобранител до Министерството за транспорт и врски доставуваше барања, укажувања и сугестии за преземање дејства за забрзување на процесот на одлучување и донесување на соодветен акт по повод одлуките. Само во неколку случаи беше постапено по интервенција на Народниот правобранител, во останатите случаи, постапките за откуп на станови во сопственост на државата се уште не се завршени, особено на оние лица кои користат станови без соодветна документација, односно без правен основ.

Народниот правобранител интервенираше и пред Комисијата за станбени прашања на Владата заради непостапување по барања на граѓаните за доделување стан под закуп. Во најголем број случаи подносителите спаѓаат во категоријата социјално ранливи групи, кои немаат обезбедено соодветно живеалиште. Во ниту еден случај Комисијата нема доделено стан во државна сопственост под закуп на ваква категорија граѓани, иако согласно Законот за домување ја има таа надлежност. Скоро без исклучок, Комисијата одговараше дека нема станови на располагање и ги упатуваше барателите да конкурираат на огласите за доделување станови под закуп што Министерството за транспорт и врски ги објавува.

Заштита на правата од Народниот правобранител побараа и семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили во хеликоптерска несреќа, кои уште во 2008 година имаа поднесено барања за доделување стан под закуп до Комисијата за станбени прашања. По барање на Народниот правобранител од 2011 година, Комисијата достави образложение дека откако Владата на Република Македонија ќе донесе Заклучок во врска со барањата на подносителите, ќе се постапи по овие барањата. Но сепак, иако Владата во меѓувреме го донесе заклучокот, Комисијата се уште не се произнесе по барањата.

**Констатации**

Некоординираноста на органите и институциите вклучени во постапката на одлучување по барањата за откуп на државните станови - причина за пролонгирање на процесот на купопродажба на становите.

Цените за откуп на становите во сопственост на државата се повисоки и од пазарните, што претставува пречка за откуп на оваа категорија станови.

**Препораки**

Да се воспостави координација меѓу органите и институциите и да се почитуваат законските рокови во постапките за откуп на државните станови.

Ревидирање на методологијата според која се определува вредноста на становите во државна сопственост и во таа смисла намалување на купопродажната цена, особено на старите и амортизирани станови.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Зачувувањето на вредностите и подобрувањето на условите за здрава животна средина, намалувањето на ризиците по животот и здравјето на луѓето, откривање и спречување на штетното влијание врз животната средина, се примарни обврски и задачи на секој поединец, но и на државата во целина. Заради обезбедување и подобрување на севкупното квалитетно живеење потребно е почитување на принципите за заштита на животната средина, утврдени и загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни конвенции што ја регулираат оваа материја.

Согледувањата на Народниот правобранител за состојбите од областа на животната средина остануваат речиси непроменети, а тоа е отсуство на соодветна грижа за обезбедување на здрава и чиста животна средина, ниска еколошка свест кај граѓаните и недоволна совест и свест на државните органи надлежни за континуирано следење на состојбите и навремено преземање мерки за надминување на проблемите.

И оваа година, наспроти алармантната состојба, особено со загадувањето на воздухот, мал е бројот на претставки поднесени во канцеларијата на Народниот правобранител од областа на животната средина. Најчесто претставките се поднесуваа заради проблеми кои непосредно ги загрозуваат личните права или интереси на граѓаните, односно за проблеми кои повеќе имаат комунален, а не еколошки карактер, зголемено ниво на бучава во угостителските објекти лоцирани во непосредна близина на станбените објекти или за одолжување на одредена управна постапка и непреземање или неблаговремено преземање мерки од страна на инспекциските органи.

Врз основа на поплаките на граѓаните може да се констатира недоволно и ненавремено реагирање на овластените инспектори за животна средина во општините во случај на пријави упатени од граѓани кои се жалат и укажуваат на загадување и деградација на животната средина, со депонирање на комунален и градежен смет на диви депонии лоцирани во непосредна близина на нивните живеалишта или покрај водотеците.

Пошироката јавност на крајот на извештајната година во голема мера беше сериозно загрижена од енормното загадување и присуството на огромни концентрации на штетни материи и микрочестички во воздухот во поголемите урбани средини особено во Скопје, Тетово, Кичево и Битола. Иако на таквото загадување големо влијание имаат и неповолните климатски услови, загревањето на домовите со цврсти и фосилни горива, конфигурацијата на теренот и сообраќајот, сепак во овие урбани средини со децении наназад отсуствува поголема решителност на надлежните институции за преземање порадикални мерки за санкционирање на најголемите извори на загадување т.е на големите производствени и преработувачки капацитети.

Имајќи ја предвид алармантната состојба која со години е присутна, во однос на депонирањето на сметот на диви депонии лоцирани во непосредни градски средини, како на централно, така и на локално ниво, Народниот правобранител е загрижен и констатира неодложна потреба од изградба на регионални депонии, како и подобрување на состојбата со прибирање на комуналниот отпад, со цел заштита и остварување на правото на граѓаните за чиста и здрава животна средина.

Неповолните состојби во животната средина во сите аспекти ја наметнува потребата од интензивирање на соодветни и долгорочни програми за едукација на граѓаните од областа на животната средина, бидејќи досегашното искуство покажува дека свеста на граѓаните во оваа сфера се уште е на многу ниско ниво.

Народниот правобранител, исто така смета дека со преминување на надлежностите од областа на животната средина на локално ниво потребно е поголемо залагање на овие органи со зајакнување на инспекциските контроли на терен. Посебно треба да се нагласи одговорноста на органите на локалната и централната власт во правец на преземање дејствија за санкционирање на загадувачите, да се превенираат или намалат ризиците или штетните последици, со цел на граѓаните да им се овозможи целосно уживање на правото на здрава животна средина.

**Констатации**

Отсуствува еколошка свест кај надлежните органи за навремено преземање и спроведување на конкретни мерки за надминување на проблемот со загадувањето на животната средина.

Постојани и навремени активности кои се од особена важноста за зачувување на животната средина и спречување на нејзиното загадување.

Слаби инспекциски контроли на терен.

**Препораки**

Надлежните органи доследно да ја имплементираат законската регулатива, односно преземање на порадикални мерки за санкционирање на големите производствени и преработувачки капацитети, како и усвојување и спроведување политики кои ќе обезбедат здрава и чиста животна средина.

Да се планираат и реализираат активности за редовно информирање и едукација на сите чинители за потребата од зачувување на животната средина и последиците од нејзиното загадување.

Поголема присутност и зајакнување на инспекциските контроли за заштита на животната средината од загадување.

## ФИНАНСИИ

По однос на остварувањето на правата од областа на финансиите, граѓаните поднесуваа претставки за проблемите кои ги имаат со Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: Управата), работата на администрацијата на општините и градот Скопје и за работењето на деловните банки.

Од постапувањето по претставките произлегува дека Управата присилната наплата на долг по основ на неплатени даноци, придонеси, радиодифузна такса или глоби изречени во постапките на повеќе органи, во одредени случаи, ја спроведува спротивно на одредбите од Законот за даночната постапка што се однесуваат на изземањето од присилно извршување и моментот кога извршувањето треба да се спроведува.

Имено, постапувајќи по поединечни случаи Управата скоро секогаш го одзема целиот износ на парични средства, кој на име плата ги прима даночниот должник, а потоа нему му

се укажува дека ако поднесе барање, заедно со потребната документација, средствата ќе му бидат вратени, а извршувањето ќе продолжи согласно законот. Исто така, пристапува кон присилно извршување за наплата на изречени глоби, иако решенијата се уште не се правосилни, бидејќи странките имаат поднесено тужби за поведување управен спор, како што навремено не ги известува должниците дека должат, па така долгот по основ на камата станува енормен.

Како резултат на ваквото работење, граѓаните се изложуваат на непотребни трошоци со одење до шалтерите на Управата и доставување докази, кои Управата ги поседува, односно може да ги обезбеди по службена должност во секое време. Оттука, наместо на услужен и професионален однос, граѓаните наидуваат на крајно бирократски однос од страна на административните службенци на Управата за јавни приходи.

Следствено, со години трае проблемот предизвикан со двојното задолжување со радиодифузна такса при што најзагрижувачко е тоа што не постои координација помеѓу Управата и ЈП Македонската радио телевизија. Во тој контекст, иако граѓаните и Народниот правобранител од службите на ЈП Македонска радио телевизија се известуваат дека се избришани од регистерот на обврзници, дека издадените решенија се сторнирани и дека не произведуваат никакво правно дејство, од Управата упорно се доставуваат нови решенија за радиодифузна такса, а едновремено се спроведува и постапка за присилно извршување и на решенија, кои се сторнирани.

Народниот правобранител смета дека наведеното претставува, грубо кршење на правата на граѓаните, нивно непочитување, малтретирање, вознемирување и неоправдано предизвикување штетни последици.

Претставките на граѓаните во однос на работата на администрацијата на општините и градот Скопје најчесто се однесуваат за одолжување на постапките по барања за заверка на договори за купопродажба на станови склучени со Владата, како продавач и добивање клаузула - потврда дека е платен данокот на промет на недвижности.

Имено, по приемот на овие барања, се донесуваат решенија со кои согласно законот, Владата се задолжува да го плати односниот данок, меѓутоа воопшто не се преземаат мерки за нивно извршување и наплата на така утврдениот данок.

Во пракса, таквите решенија со години се чуваат во фиоки, а граѓаните се советуваат сами да извршат уплата на предметниот данок, што во никој случај не е во согласнот со законските прописи. Притоа, ваквата состојба, претставува пречка граѓаните да извршат упис на правото на сопственост во катастарските и другите јавни книги и да добијат соодветен имотен лист, односно непречено да ги користат правата кои произлегуваат од сопственоста.

Инаку, факт е дека по интервенциите на Народниот правобранител се преземаат дејства за пристапување кон присилно извршување на односните решенија, се наплаќа утврдениот данок и се заверуваат поединечните договори. Сепак, таквото постапување треба да биде секојдневна пракса во работењето на администрацијата на општините и Градот Скопје, бидејќи само тогаш, таа навистина ќе биде сервис на граѓаните.

Треба да се истакне и дека за градежни објекти со иста локациска поставеност и иста или слична површина, пазарната вредност врз основа на која се утврдува даночна основа за данок на имот и данок на промет на недвижности, различно се определува, односно се утврдува многу поголема пазарна вредност, а со тоа и многу поголем данок.

Образложение за фактите кога, како, врз основа на што и на кој начин од администрацијата е утврдена пазарната вредноста на конкретниот недвижен имот-куќа и земјиште-едноставно нема.

Од друга страна, нема објаснување и зошто само одредени даночни обврзници се ослободуваат од плаќање данок на промет на недвижности и права за договори за купопродажба на т.н. општествени станови, а со повикување на содржината на Заклучок, донесен од Владата на Република Македонија.

Исто така, администрацијата на општините и на Градот Скопје, како и Управата за јавни приходи, навремено не ги доставуваат решенијата за утврдување данок и опомените

дека истиот не е платен, па граѓаните, иако погрешно, сепак сметаат дека не должат ништо или дека со некоја делумна уплата долгот го исплатиле во целост.

Во врска со претставките за кои Народниот правобранител не е надлежен да постапува, затоа што тие се однесуваат на работењето на деловните банки, општо познато е дека банките имаат широк спектар на услуги кои ги нудат, но сето тоа подразбира и значаен број на надоместоци, кои на клиентите им се наплаќаат.

Трошоците (за одржување на трансакциска сметка, за тековна сметка, за дозволен минус, за затворање на кредитни картички, за одобрување и обработка на кредит, за разни провизии - купување странски валути, примање парични дознаки од странство и сл.,) обично не се како што се вели, транспарентни бидејќи практично се невидливи за корисниците кои ќе дојдат на шалтер.

Банките пак, во секој случај ја користат својата доминантна економска положба за да овозможат согласност на клиентите кон договорните одредби, без можност за преговарање и вистинско договарање, а единствениот пат за нивна заштита е покренување парница пред судските органи. Во овој сегмент, е и вознемирувањето по телефон, во случај на задоцнување или отстапување - цесија на побарувањето од банката на трети лица, кои понекогаш користат и недозволени средства за наплата на долгот.

Народниот правобранител, во овие случаи преку давање правен совет за начинот како граѓаните да ги заштитат своите права им помагаше на граѓаните. Воедно, ја истакнува потребата, Народната банка на Република Македонија, доследно и ефективно да води грижа за заштита на правата на корисниците на услугите на деловните банки и за таа цел, доколку утврди за потребно да го преиспита нивното право, безусловно и без какви било ограничувања да ги определуваат ваквите трошоци.

## Констатации

Управата за јавни приходи настапува од позиција на сила и спротивно на законските правила на постапката, го одзема целиот износ на парични средства, кои на име плата ги прима даночниот должник и пристапува кон присилно извршување за наплата на изречени глоби, иако решенијата се уште не се правосилни.

Се уште е присутен проблемот со двојното задолжување со радиодифузна такса и не постои координација помеѓу Управата и ЈП Македонска радио телевизија.

Администрацијата на општините и градот Скопје донесуваат решенија со кои согласно законот, Владата се задолжува да го плати данокот на промет, меѓутоа воопшто не се преземаат мерки за нивно извршување и наплата на така утврдениот данок.

Банките користејќи ја доминантната економска положба самостојно ја определуваат висината на трошоците за одржување на трансакциските сметки, за одобрување и обработка на кредити, за наплата на провизии и слично.

## Препораки

Управата за јавни приходи практично да обезбеди квалитет на услугите за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските, како и фер и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

Од страна на дел од вработените на Управата за јавни приходи да се замени бирократскиот однос со услужен и професионален однос кон даночните обврзници.

ЈП Македонска радио телевизија и Управата за јавни приходи меѓусебно да се координираат и сторнираните решенијата за радиодифузна такса да не бидат подложни на присилна наплата на неоснован и незаконит долг.

Општините и Градот Скопје, во постапките за утврдување и наплата на даноци да овозможат транспарентност, ефикасност и еднаквост во постапките.

Народна банка на Република Македонија доследно и ефективно да води грижа за заштита на правата на корисниците на услугите на деловните банки.

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Во остварувањето на потрошувачките права граѓаните се соочуваа со проблеми во снабдувањето со топлинска енергија, потрошувачката на електрична енергија, услугите на јавните комунални претпријатија и телефонските услуги. Исто така, доставуваа поплаки во однос на квалитетот на купените производи, а значителен број на претставки беа поднесени за работата на друштвата за снабдување со топлинска енергија.

Од бројот на претставките, но и континуираните и зачестените доаѓања на граѓаните во институцијата, Народниот правобранител констатира дека тие стануваат свесни за повредите на нивните права како потрошувачи и како корисници на јавни услуги.

Во 2013 година карактеристични беа поплаките во кои граѓаните изразуваа незадоволство од обврската за плаќање на побарувања од минати години, иако истите се утужени (во законски предвидениот рок и истите не се застарени). Исто така, значителен е и бројот на претставки во кои граѓаните поради истата причина бараа намалување на сметките и за тековните услуги, кои ги добиваат поради постоење на објективни услови, кои го оневозможуваат редовното подмирување на обврските од нивна страна.

Во врска со топлинската енергија, граѓаните се жалеа на начинот на пресметка на топлинската енергија преку еден мерач, квалитетот на испорачаната топлинска енергија, цената на надоместокот за испорачана топлинска енергија, обврската за плаќање на фиксниот дел за исклучените потрошувачи и др. Повторно, како и претходната година, доминираат проблемите во врска со пресметувањето на потрошувачката на топлинската енергија преку еден заеднички мерач, бидејќи се уште не е реализирано поставувањето на индивидуалните мерачи.

Значителен е и бројот на поплаките во кои граѓаните се жалат на квалитетот на испорачаната топлинска енергија и високиот износ на надоместокот за испорачаната топлинска енергија, но секако како најголем проблем останува обврската на исклучените потрошувачи за наплата на надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија.

Оваа обврска на исклучените потрошувачи се наметна со донесувањето на Правилата за снабдување со топлинска енергија од страна на Регулаторната комисија за енергетика, за кои Народниот правобранител уште во нивната подготвителна фаза укажа дека ќе предизвикаат спорни состојби, бидејќи граѓаните се задолжуваат со наплата за услуга која реално не ја користат. Меѓутоа, во текот на оваа извештајна година Уставниот суд на Република Македонија по поднесената иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на одредби од овој подзаконски акт, не поведе постапка за оспорената одредба која го предвидува овој надоместок за исклучените граѓани.

Со почетокот на 2013 година, дејноста снабдување со топлинска енергија по добивањето на потребната лиценца беше преземена од компанијата „Балкан енерџи груп", меѓутоа „Топлификација "АД со доставувањето на последната сметка за испорачана топлинска енергија по извршеното порамнување,  сите граѓани кои беа во претплата ги извести дека ќе им бидат вратени повеќе уплатените средства. Меѓутоа, овој одобрен износ не беше реализиран кај сите граѓани кои беа во претплата, поради што Народниот правобранител постапуваше и во овие случаи чија разрешница е позитивна, односно средствата беа префрлени на сметките од подносителите на претставки.

Народниот правобранител постапуваше и по претставки во кои се детектирани различни состојби на кои се жалеа граѓаните поради добивањето на сметките за наплата на фиксниот дел, односно различни типови на грејни инсталации, различна местоположба на станот во колективниот објект, како и состојба кога се задолжуваат граѓани кои никогаш не биле корисници на топлинска енергија, што значи дека не може да се подведат во категоријата на исклучени потрошувачи.

Во текот на годината бројот на поплаките се зголеми со зголемувањето на цената на ангажираната моќност, која всушност е директно поврзана со износот кој исклучените граѓани го плаќаат како фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија. Токму поради

ваквата состојба, Народниот правобранител побара од Регулаторната комисија за енергетика, информации за начинот на утврдување на цената по основ на ангажирана моќност, за влијанието врз надоместокот за фиксен дел, како и за начинот за наплата на фиксниот дел, бидејќи граѓаните не беа доволно информирани во врска со оваа давачка. Од Регулаторот беше образложено дека износот на оваа давачка е во тесна врска со цената на ангажирана моќност, односно направената корекција во цената на ангажираната моќност се рефлектира како повисок износ за наплата на фиксниот дел од надоместокот за топлинска енергија, што секако се рефлектираше со поголем број на претставки од граѓаните.

Со почетокот на официјалната грејна сезона изостана квалитетната и континуирана испорака на топлинска енергија, поради што Народниот правобранител веднаш интервенираше и побара да се преземат дејствија што ќе овозможат континуирано затоплување на становите, бидејќи граѓаните го плаќаат надоместокот во текот на целата година, вклучително и исклучените граѓани кои плаќаат фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија.

Во овој случај Регулаторната комисија за енергетика ги потврди неправилностите и информира дека снабдувачот бил предупреден заради непочитување на регулативата и неотпочнувањето на грејната сезона, поради што е донесена и одлука за задолжување на снабдувачот да започне со испораката на топлинска енергија, со цел да се заштитат правата на корисниците на системот на топлинска енергија.

Постапувајќи по сопствена иницијатива, Народниот правобранител од снабдувачот со топлинска енергија „Балкан енерџи груп" побара и објаснување за новиот режим на греење, со кој се опфатија само корисниците на Топланата Исток. Имајќи ги предвид стравувањата на граѓаните во врска со евентуалното влијание на овој нов режим на греење врз цената за испорачаната топлинска енергија, Народниот правобранител особено се фокусираше на овој момент и побара прецизен одговор.

Добиен е одговор дека продолженото греење граѓаните го добиваат бесплатно, со напомена дека се работи за пилот-проект кој во иднина по извршените анализи и симулации на системот, би требало да овозможи променет режим на испорака и период на греење. Дека станува збор за бесплатно продолжено греење, потврди и Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

По укинувањето на одредбата од Правилата за снабдување со топлинска енергија во врска со потребната согласност за исклучување од топлификацискиот систем бројот на исклучените граѓани се зголеми. Карактеристично е што интервенција за ослободување од наплатата на фиксниот дел побараа граѓани кои живеат во влез од колективен станбен објект којшто е целосно исклучен од топлификацискиот систем, бидејќи и покрај нерегистрираната потрошувачка на топлинска енергија на заедничкиот мерен уред се задолжуваат со оваа давачка.

Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител воочи дека исклучените потрошувачи се задолжуваат со надоместокот за фиксен дел и во услови кога нема регистрирана потрошувачка на топлинска енергија за одделната линија на мерниот уред. Во овој случај, задолжувањето е само поради постоењето на еден заеднички мерен уред за повеќе независни линии, вклучително и кога на една индивидуална линија не е регистрирана потрошувачка на топлинска енергија, бидејќи истата е исклучена од системот.

Токму поради ваквата состојба, Народниот правобранител поднесе Иницијатива за измена и дополнување на Правилата за снабдување со топлинска енергија до Регулаторната комисија за енергетика. Своето постапување Народниот правобранител го поткрепи со фактот дека влезовите во еден колективен станбен објект за домување имаат посебни грејни инсталации и дека во услови кога е технички изводливо да се прекине испораката на топлинска енергија на една независна линија и да не се регистрира потрошувачка на топлинската енергија на исклучената линија од системот, треба да се интервенира и во регулативата и давачката да не се поврзува само со постоењето на еден мерен уред. Инаку, Народниот правобранител и во овој случај повторно напомена дека не може наплатата на фиксниот дел да се поврзе со посредното користење на топлинската енергија, бидејќи станува збор за целосно исклучен влез низ чија грејна инсталација нема проток на топлинска

енергија.

Значителен е бројот на претставките по кои Народниот правобранител постапуваше заради поплаките на граѓаните од работата и услугите на јавните комунални претпријатија што вршат комунална дејност снабдување со вода и одведување на урбани отпадни материи.

Имено, граѓаните се жалеа на начинот на пресметка на потрошената вода, неисправни водомери, нередовно и паушално читање, приклучувањата на водоводната мрежа, нередовното собирање и транспортирањето на комуналниот отпад и др. Во претставките граѓаните бараа и совет во врска со заостанатите, а неплатени сметки и бараа овозможување долгот да се плати на повеќе месечни рати.

Во сите случаи Народниот правобранител им укажа на граѓаните дека се должни благовремено да ги подмируваат сметките за комуналните услуги, меѓутоа преземени се дејствија и кон давателите на услуги во насока на задолжително почитување на одредбите од Законот за облигациони односи кои ја регулираат застареноста на долгот за испорачаната вода и услугите за одведување на комуналниот смет.

Исто така, граѓаните се жалеа и на услугите во врска со собирањето и транспортирање на комуналниот отпад, бидејќи добиваат сметки за услуга која воопшто не ја користеле. Имено, во повеќе случаи граѓаните се жалеа дека добиваат сметки од комуналното претпријатие, иако не биле поставени контејнери, ниту пак, сметот бил собиран.

Постапувајќи по овие претставки за Народниот правобранител беше спорно задолжувањето за услуга која граѓаните реално не ја добиле. Токму поради наведеното, Народниот правобранител постапувајќи по претставките од граѓаните од улица „Бутелска" во Скопје побара од ЈП „Комунална хигиена", граѓаните да бидат ослободени од стариот долг, бидејќи задолжувањето е за периодот во кој воопшто не била користена услуга од претпријатието. Народниот правобранител побара и корегирање на сметките, бидејќи според добиената информација беше јасно дека споменатата улица претставува граница помеѓу руралниот и урбаниот дел на Општината Бутел.

Јавното претпријатие ги прифати сите забелешки и укажувања што конечно резултираше со донесена одлука за отпишување на стариот долг за периодот кога граѓаните не ја добиваа услугата, како и корегирање на сметките за сите граѓани од руралниот дел.

Како проблем во врска со овие услуги граѓаните во дел од претставките посочија дека се задолжуваат со услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и во услови кога не е регистрирана потрошувачка на вода. За разрешување на овие спорни состојби, Народниот правобранител побара дејствување во насока на точно евидентирање на податоците од страна на јавните претпријатија, бидејќи наплатата на овие услуги до граѓаните доаѓа преку една заедничка сметка.

Во текот на оваа извештајна година, граѓаните доставија поплаки кои се однесуваат и на услугите од фиксните и мобилните телефонски оператори. Во делот на потрошувачките права во врска со користењето на овие услуги граѓаните се жалеа на квалитетот на услугата, начинот на наплата на услугата, висината на утврдената цена и др.

Од претставките, повторно може да се констатира дека граѓаните се соочуваат со наметнати услови при склучувањето на договорите што доведува до состојба граѓаните како претплатници да бидат во понеповолна положба и да ги прифатат обврските што им се нудат при воспоставувањето на претплатничките односи. Тука, особено треба да се истакне негодувањето на граѓаните во врска со организирањето на наградните игри од страна на мобилните оператори и наплатата на пораките за периодот во кој трае наградната игра.

Исто така, проблем беа високите сметки и нереално фактурирани износи, но во овие случаи е тешко да се одреди фактичката состојба и постоење на одредена грешка во извршените пресметки, поради што покрај интервенцијата пред одредените оператори беше побарано и преземање на дејствија и од страна на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со испораката на електрична енергија, оваа извештајна година граѓаните се жалеа на високи сметки, исклучување од електродистрибутивната мрежа, неможноста заостанатиот долг да се плаќа на повеќе рати, неовластено користење на електрична енергија, наплата на такса за улично осветлување, квалитетот на испорачаната електрична

енергија и др.

Со цел да се утврди дали граѓаните правилно се задолжуваат со сметките за потрошена електрична енергија и дали е тоа одраз на реалната потрошувачка, Народниот правобранител се обрати до ЕВН „Македонија" АД – Скопје. Воедно, затоа што се работи за техничко прашање, за кое Народниот правобранител не е во можност да ја утврди фактичката состојба, односно да се потврдат наводите на граѓаните за евентуална злоупотреба, граѓаните беа советувани да се обратат до ЕВН „Македонија" АД – Скопје и да бараат да се изврши проверка на броилото - ( А тест).

Постапувајќи по претставките заради исклучување на граѓаните од електродистрибутивната мрежа, поради неплатени сметки за потрошена електрична енергија Народниот правобранител констатира дека постапувањето е во согласност со општите услови за испорака не електрична енергија, бидејќи според важечката регулатива од оваа област, испорачателот може на потрошувачот да му ја прекине испораката на електрична енергија меѓудругото и ако не ја плати сметката за електрична енергија и за најмалку еден месец.

Овој извештаен период го обележуваат и претставките во кои граѓаните бараа плаќање на заостанатиот долг на повеќе рати за да можат повторно да бидат приклучени кон дистрибутивната мрежа. Народниот правобранител во овие случаи укажа на намалената економска моќ на граѓаните и оправданоста на нивните барања, но не беа прифатени барањата на Народниот правобранител, со образложение дека на потрошувачите на електрична енергија им се нудат поволни услови за подмирување на заостанатите долгови за време на кампањите организирани од страна на ЕВН Македонија АД-Скопје. Минатата година кампањи за граѓаните за подмирување на заостанатиот долг на рати не беа спроведени.

Исто така, не беа прифатени и барањата на Народниот правобранител за повторно приклучување на потрошувачите кон дистрибутивната мрежа, бидејќи според ЕВН Македонија АД-Скопје прво треба да се отстранат причините за исклучувањето, односно да се изврши плаќањето на долгот за потрошена електрична енергија, од причина што исклучувањата се вршат согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Оваа година значително е намален бројот на претставки за неовластено користење на електрична енергија, што пред се се должи на измените на Кривичниот законик кои стапија на сила на почетокот на минатата година, бидејќи за неовластеното користење на електричната енергија се предвидени енормно високи финансиски казни, како и затворска казна до 5 години.

Постапувајќи по овие претставки во голем број случаи беше констатирано дека во законскиот рок не била покрената судска постапка по основ неовластено користење на електрична енергија, но сепак од граѓаните било побарано плаќање на долгот. Народниот правобранител, со оглед на изминатиот рок за гонење побара од ЕВН „Македонија" АД – Скопје потрошувачите да не се задолжуваат со застарен долг и да се избришат од евиденција на должници. Укажувањата на Народниот правобранител за овие случаи беа прифатени.

Намален е бројот и на претставките за наплата на такса за улично осветлување за населени места во кои не е поставен систем за улично осветлување. Народниот правобранител, повторно укажа на општините во чија корист операторот на дистрибутивниот систем ја наплаќа ова такса дека потрошувачите кои не ја користат оваа услуга треба со одлука да бидат ослободени од ова плаќање, согласно Законот за комунални такси, но за жал дел од општините не постапија по укажувањата на Народниот правобранител.

За извештајниот период беа доставени претставки од здруженија на граѓани, месни самоуправи, како и локални заедници кои се однесуваа на слабиот квалитет на испорачаната електрична енергија (напон) и на колективното исклучување на жителите во определени временски периоди на денот или годината. За надминување на проблемот дистрибутерот изградил или донел инвестициски програми за изградба на објекти во 2014 година и со овие инвестиции за цели населени места (општина Пласница, с. Горно Лисиче), значително ќе се подобри квалитетот на напојување со електрична енергија, односно ќе се придонесе за намалување на бројот на дефектите, прекините во напојувањето со електрична енергија на поголем број на корисници во овие места.

**Констатации**

Неповолната материјална состојба, причина голем дел од граѓаните нередовно да ги подмируваат обврските кон давателите на услуги, особено побарувањата кои датираат од минати години.

Обврската за наплата на надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија важи и кога се работи за исклучена линија.

Проблемот со напонот на испорачаната енергија предизвикува проблеми на граѓаните со оштетување на апаратите во домаќинствата.

Не се предвидени поволности на граѓаните, особено на социјално загрозените за подмирување на нивните долгови на повеќе рати.

Отсуство на либерализација и конкурентност на пазарот влијае на квалитетот на услугите кои ги добиваат потрошувачите.

Отсуствува редовно и транспарентно информирање на граѓаните за сите промени кои се однесуваат, како на испораката на услугата, така и во однос на начинот на пресметка на истата.

**Препораки**

Преземање активности во насока на воведување мерки од социјален аспект за граѓаните кои се во неповолна материјална состојба и не се во можност да ги исполнат обврските кон давателите на услуги, односно да се донесе Закон со кој ќе им се отпише застарениот долг на оваа категорија граѓани.

Измена на Правилата за снабдување со топлинска енергија, бидејќи со наплата на надоместокот за ангажирана моќност задолжувањето се поврзува само со постоењето на еден мерен уред и во случаи кога не регистрира потрошувачка за исклучена линија.

Да се зајакне и подобри квалитетот на испорачаната електрична енергија на граѓаните.

Преку почести кампањи да им се овозможат подобри услови на граѓаните со поволности за плаќање на долговите.

Со правната регулатива да се влијае врз монополската положба на давателите на услуги, како во однос на квалитетот така и при креирањето на цените.

Поголема транспарентност на давателите на услугите, информирање на граѓаните и јасно прикажување на извршените пресметки за наплатената услуга.

## ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

Најголем дел од претставките на граѓаните во врска со полициските овластувања се однесуваа на непреземање мерки за заштита на животот и имотот на граѓаните и одолжување на постапките по поднесените пријави. Граѓаните се жалеа и на непрофесионалното и неетичко однесување на полициските службеници, односно непочитување на одредбите од Кодексот за полициска етика, а помал дел на незаконска или прекумерна употреба на сила и средства за присилба и неосновано или противзаконско лишување од слобода. Оваа состојба е идентична со поплаките во претходната извештајна година, кога најголем дел претставки беа поднесени заради непостапувањето на полициските службеници во делот на нивните овластувања согласно Законот за полиција.

Народниот правобранител испитувањето на наводите во претставките и утврдување на фактичката состојба го вршеше со обезбедување материјални докази и информации од секторите за внатрешни работи, полициските станици од општа надлежност, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и други органи во состав на Министерството за внатрешни работи. Иако одговорите со бараните материјални докази до Народниот правобранител се доставуваа во законскиот рок, сепак и оваа извештајна година останува констатацијата дека најчесто одговорите беа од формален карактер.

Ова особено се однесува за поплаките на граѓаните за непрофесионалното и незаконско постапување на полициските службеници, по кои на Народниот правобранител речиси по правило му беа доставувани одговори дека по извршените проверки од надлежните органи при Министерството за внатрешни работи било констатирано дека полициските службеници постапувале согласно полициските прописи. Притоа, таквите наводи не беа поткрепени со конкретно преземени дејствија, со што се доведува во сомнеж објективноста на постапката.

Од друга страна, во случаите каде што биле утврдени повреди и се изречени одредени санкции или мерки истите не се приспособени согласно тежината на повредата, поради што Народниот правобранител смета дека санкционирањето на непрофесионалното и незаконско постапување на полициските службеници се уште е непропорционално во однос на утврдените состојби, а ваквата недоследност може да го охрабри и да влијае на натамошното негативно однесување на полицискиот службеник.

Според Народниот правобранител за професионалниот однос на полициските службеници, кој подразбира стручност, одговорност, чувство на праведност и правилно расудување при извршувањето на полициските работи особено треба да се внимава, во сите фази, почнувајќи од постапката за прием на полициските службеници, па се додека им трае работниот однос во Министерството.

Народниот правобранител посвети внимание на повредата на принципот на пресумпција на невиност и смета за потребно во овој Годишен извештај уште еднаш да укаже дека личноста и човековото достоинство мораат да бидат максимално почитувани, односно вината да биде утврдена од страна на надлежните судски органи.

Во однос на полициското постапување карактеристично е дека е намален бројот на претставки кои се однесуваат на злоупотреба на физичка сила и средства за присилба при преземањето на полициските овластувања. Од друга страна зголемен е бројот на претставки кои се однесуваат на некоректен однос на полициските службеници кон граѓаните, претставки во кои граѓаните се жалат за неоправдано издаден платен налог за глоба, поради „наводно" сторени сообраќајни прекршоци, а особено се поднесуваа претставки од граѓани за непреземање законски мерки по нивните пријави за заштита на нивниот личен и физички интегритет од други лица.

Доколку се споредат податоците од изминатите години може да се заклучи дека има намалување на вкупниот број на поплаки против полициски службеници. Тенденцијата на намалување на вкупната бројка на поплаки од граѓани според Народниот правобранител е резултат на повеќегодишните реформи во полицијата, континуираното одржување на тренинзи и едукација на полициските службеници за нивно информирање за меѓународните стандарди за почитување и целосно разбирање на човековите права што е неопходно и треба во континуитет да се практикува. Дополнително комуникацијата која Народниот правобранител ја има со Министерството за внатрешни работи и органите во негов состав е задоволителна и покрај фактот што понекогаш постојат различни мислења и ставови по однос на индивидуални прекршувања на човековите слободи и права.

Сепак, останува и понатаму потребата од градење на однос со граѓаните кои ќе имаат целосна доверба во постапките на полициските службеници и ќе ја перцепираат полицијата како сервис на граѓаните кој брзо и ефикасно постапува по нивните пријави.

**Констатации**

Ненавремено и неефективно постапување на полициските службеници по пријавите за заштина на животот и имотот на граѓаните.

Непрофесионално постапување на полициските службеници, особено од одделот на сообраќајна полиција.

Има случаи кога Министерството за внатрешни работи презема дејства по пријавите на граѓаните, откако Народниот правобранител ќе се обрати до надлежните полициски станици и ќе побара информации за причините за непостапување по истите и покрај тоа што изминал подолг временски период.

Несуштински одговори доставени до Народниот правобранител кои често не се поткрепени со конкретно преземени дејствија што остава простор за сомнеж за објективноста на постапката.

**Препораки**

Потребно е квалитетно и професионално информирање на јавноста особено во врска со сторени кривични дела кои предизвикуваат посебно внимание во јавноста, со цел почитување на принципот на пресумција на невиност.

Преземање на навремени мерки по поднесени пријави од граѓаните за заштита на животот и имотот, како и навремено информирање на граѓаните за преземените дејствија од страна на Министертвото за внатрешни работи.

Спроведување на Кодексот на полициска етика во праксата, како и продолжување со воспоставените обуки за полициски службеници за стручно и професионално постапување и почитување на човековите слободи и права.

Министертсвото за внатрешни работи објективно и квалитетно да соработува со Народниот правобранител, со цел ефективна заштита на правата на граѓаните.

## ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ И ДРУГИ ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Заштитата на правата на граѓаните од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи претставува основа за личниот и општествениот статус на секој граѓанин на државата.

Од досегашното работење во оваа област Народниот правобранител во текот на 2013 година спроведе истражување заради согледување на општите состојби со бројот на нерегистрираните лица во матичната евиденција, кое резултираше со изготвување на Информација доставена до Владата на Република Македонија и ресорните министерства.

Последиците на луѓето на кои им недостига документација со која би го докажале нивниот статус се сериозни во едно современо општество со директни ограничувања на нивните права. Во прв ред тоа се оние лица чие раѓање не било евидентирано во матичните книги и поради тоа овие лица треба да се третираат како лица од најранливите групи.

Народниот правобранител ваквата состојба во Република Македонија ја детектира како наследена слабост од видот на т.н. „затекнати странци" од републиките на поранешната СФР Југославија, рестриктивноста на Законот за странците и неговата примена во надлежниот орган во рамките на Министерството за внатрешни работи, па се до недовербата на граѓаните во институциите на системот.

Републиката е обврзана со почитување на општо прифатените норми на меѓународното и домашното право, како темелни вредности на нејзиниот уставен поредок, да се грижи за состојбите по однос на остварување на статусните права, како на своите домицилни, така и странски државјани или лица без утврдено државјанство.

Од доставените одговори може да се констатира дека проблемот со незапишаните лица и лица без документи е забележан од страна на државата, дека е во тек акција за евиденција на овие лица во матичната книга на родените, но дека се уште постојат лица без

признат граѓански статус (во кој статус основно е прашањето на државјанството).

Поседувањето на документи за лична идентификација се предуслов за остварување на повеќе права во правниот и политички систем на државата.

Затоа, во предметното работење во извештајниот период, Народниот правобранител укажуваше на ресорното Министерство за внатрешни работи издавањето на новите био-метриски исправи (пасоши, лични карти, возачки дозволи) да биде во согласност со важечките прописи за да овозможи остварување на гарантираните права на граѓаните. Не може да се најде никакво оправдување во фактот дека поради непоседување на биометриска исправа граѓанинот да не може да го оствари основното политичко право-избирачкото право, гарантирано со Уставот и позитивните закони. Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право кое треба да го реализира на слободни избори со тајно гласање.

Народниот правобранител постапуваше и по неколку претставки за издавање на патни исправи на македонски државјани кои подолго престојуваат во странство при што е констатирана позитивна разрешница и заживување на законските норми за аплицирање во нашите дипломатско-конзуларни претставништва.

За разлика од македонските државјани, Народниот правобранител констатира дека странците во Република Македонија во органот надлежен за странците со потешкотии го остваруваат правото на престој.

Предметното работење покажува дека овој орган во состав на Министерството за внатрешни работи или не ја познава улогата на Народниот правобранител во правниот систем на заштитата на сите лица, или свесно ја опструира со што ја попречува работата на Народниот правобранител.

Во одреден предмет Народниот правобранител достави Посебен извештај до министерот за внатрешни работи, но поради континуираната несоработка Народниот правобранител ќе биде принуден ваков извештај да достави и до Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

Иако податоците укажуваат на зголемен број на позитивни решенија во постапките за стекнување со државјанскиот статус, како резултат на соработката со Одделот за граѓански работи при Министерството за внтарешни работи и понатаму во определени предмети Народниот правобранител констатира одолжување на овие постапки поради недоволна координација на органите на Министерството. Народниот правобранител констатира дека се почитуваат неговите укажувања за сервисна ориентација и помош на неуката странка од страна на наведените органи, со оглед дека во Законот за државјанството на Република Македонија не се предвидени рокови за одлучување по поднесеното барање и дека постапката може да се одвива во подолг временски период.

За одбележување е зголемениот број претставки на лица кои пред органот за државјанство поднеле барање за прием во државјанството на Република Македонија кога тој прием претставува особен национален интерес за државата.

Во однос на слободата на движење и избирање место на живеење во Република Македонија, Народниот правобранител како и во претходните извештаи смета дека постоечкиот Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште непотребно ги оптоварува граѓаните кои за пријавување и одјавување на живеалиште и пријавување промена на адресата на станот, со барањето треба да достават имотен лист или договор за закуп заверен кај нотар.

Подобрена е работата на органот за водење на матичните книги во поглед на побрзото сервисирање на граѓаните со потребните изводи од матичната евиденција и спроведување на законските решенија за нови матични подрачја и матични книги кои ќе ги задоволуваат потребите на граѓаните од различни етнички заедници.

Но, како што и на почетокот беше истакнато, загрижува фактот дека се уште има значителен број на незапишани лица во матичната евиденција. Наведеното произлегува од податоците добиени од владини и невладини организации според кои при последната обработка на податоци од 26.09.2013 година биле евидентирани 510 нерегистрирани лица

во целата држава, а невладините организации кои работат на терен укажуваат на поголема бројка од оваа.

Изминатиот период во Република Македонија се зголеми бројот, како на баратели на азил, така и на илегални мигранти кои престојуваат во Центарот за странци. При увидот во Центарот за странци, Народниот правобранител утврди дека останува отворено прашањето на здравствена заштита на илегалните мигранти, бидејќи во истиот е ангажиран лекар од надвор кој прегледите ги врши три пати во неделата. Исто така и правото на прошетка на задржаните лица во Центарот за странци не може да се оствари.

Непридружуваните малолетници во Центарот не контактираат и не се посетувани од старател, без разлика дали во нивните досиеја имаат или немаат решенија за поставени старатели од Центарот за социјална работа. Постапката за поставување на старатели, согласно Законот за семејство е итна постапка и е потребно во најкраток временски период старателот да биде поставен со цел навремена и целосна грижа за правата на децата.

Народниот правобранител го посети Прифатниот центар за баратели на азил во кој беа сместени 85 лица. Дел од нив посочија дека барањето за право на азил го доставиле во самиот центар, а не на граничниот премин или најблиската полициска станица, како што тоа е регулирано согласно Законот за азил и привремена заштита.

Дел од барателите на азил посочија дека располагаат само со потврда за излез од Прифатниот центар за баратели на азил, но не и со потврда која ја издава Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи. Согласно ваквата состојба, Народниот правобранител утврди дека ненавремено се постапува при издавањето на потврди во законскиот рок од три дена утврден во Законот за азил и привремена заштита. Со оваа потврда барателот на азил докажува дека има дозвола да остане на територијата на Република Македонија, додека трае постапката по неговото барање за признавање на право на азил.

Дополнително беше утврдено дека барателите на азил во подолг временски период ја чекаат и идентификационата исправа, односно едно од лицата–баратели на азил, информираше дека истата ја добило во рок од 8 месеци, иако на барателот на право на азил треба да му се издаде идентификациона исправа во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање на право на азил.

Идентификационата исправа за барател на право на азил е со важност до донесување на конечна одлука во постапката за азил, односно до истекот на рокот во кој лицето е должно да ја напушти територијата на Република Македонија по правосилноста на одлуката со која е одбиено неговото барање.

**Констатации**

Се уште има значител број на незапишани лица во матичната евиденција и лица без евидентирано државјанство што претставува пречка по однос на остварување на основните права на овие лица (здравствено осигурување, образование, вработување и др.)

Секторот за гранични работи и миграции повторно не постапува по интервенциите на Народниот правобранител при заштитата на правата на граѓаните (во кои спаѓаат и странците).

Поради се уште присутните долги постапки граѓаните со потешкотии го остваруваат правото на издавање јавни исправи, изводи од матичната евиденција, пријавување живеалиште и адреса на живеење, одредување на државјанството и слично.

**Препораки**

Забрзување на активностите за надградба на материјалните и кадровските капацитети на органите кои одлучуваат за статусните права на граѓаните.

Акцијата за евиденција на лицата во матичните книги на надлежниот орган за водење на овие книги со досегашниот мандат и со поинтензивна соработка помеѓу владиниот и невладиниот сектор и понатаму да продолжи во наредниот период.

Секторот за гранични работи и миграции кој ја попречува работата на Народниот правобранител да ги почитува законските прописи (Законот за народниот правобранител, Законот за внатрешни рабо-ти), односно да отпочне да соработува, со цел непречено остварување на правата на граѓаните.

## КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Во функција на заштита на правата на осудените и притворените лица Народниот правобранител и оваа извештајна година проблемите со кои се соочуват осудените и притворените лица остануваат непроменети.

Имено, натаму сместувачките услови во повеќето установи се под пропишаните стандарди, а како и претходните години, повторно најголем проблем претставува пренатрупаноста, честите конфликти меѓу осудените лица, како и недоволната и несоодветната здравствена заштита, а поднесени се и претставки за употреба на физичка сила врз осудени лица од страна на вработени од службата за обезбедување.

Континуирано присутниот проблем со пренатрупаноста предизвикува и други негативни појави во затворите во смисла на несоодветни сместувачки услови, лоша хигиена, неквалитетна исхрана, лоши услови во санитарните простории и слично, заради што Народниот правобранител до надлежните институции достави укажување во правец на преземање мерки заради отстранување на наведените проблеми. Во основа, надлежните инсититуции ги прифаќаа укажувањата на Народниот правобранител, но оценка е дека се вршат само несуштински подобрувања, при што проблемите и понатаму остануваат исти.

Поради честиот недостаток на неопходни лекарства и воопшто лошите услови во затворските амбуланти беа констатирани повреди на правата на здравствена заштита на осудените лица, при што Народниот правобранител на надлежните служби во установите им укажуваше на обврската за сеопфатна здравствена заштита на осудените лица, согласно меѓународните и домашните стандарди, со цел да се отстрани опасноста од влошување на здравствената состојба, односно да се обезбеди зачувување на животот и здравјето на осудените лица.

Постапувајќи по укажувањата на Народниот правобранител установите преземаа соодветни мерки за здравствена заштита на осудените лица, набавувајќи ги лекарствата неопходни за соодветен здравствен третман. Воедно, осудените лица беа упатувани на специјалистички прегледи надвор од установите.

Во извештајниот период, често се бараше интервенција од Народниот правобранител и заради конфликтни ситуации меѓу осудените лица, пред се во КПД „Идризово". Имајќи предвид дека со тоа се доведуваше во прашање и безбедноста на самите осудени лица, како

и на установа во целина, во повеќе случаи беа побарани преместувања на осудените лица во други установи, односно во друго одделение во установата.

Народниот правобранител во врска со овој проблем на управата на КПД „Идризово" и укажа на доследна примена на Правилникот за вооружување и начинот на вршење на работите на Секторот за обезбедување на КПУ и ВПУ со барање да се преземат мерки за лична безбедност на осудените лица, како и нивно преместување во други одделенија на установата или во други установи од безбедносни причини. Овие интервенции на Народниот правобранител беа прифатени и со тоа беа намалени тензичните состојби меѓу осудениците.

Иако е мал бројот на претставки кои се однесуваат на употреба на физичка сила и непрофесионално однесување на лица од службата за обезбедување, Народниот правобранител постапувајќи во заштита на осудените лица поради наводите за физичко малтретирање од страна на службени лица вршеше непосредни увиди на самото место. Во конкретен предмет против службено лице, во кој беше утврдена употреба на прекумерна физичка сила, Народниот правобранител поднесе барање за покренување постапка за утврдување казнена одговорност до Основното јавно обвинителство, кое беше прифатено и во судска постапка на сторителот му беше изречена казна затвор.

Во изминатата година, осудените лица од Народниот правобранител бараа и интервенција заради неможноста за користење погодности. Иако во овие случаи не стануваше збор за повреда на право, Народниот правобранител на установите им укажа на доследна примена на прописите кои го уредуваат доделувањето и користењето на погодности, согласно Правилникот за доделување и користење погодности, се со цел осудените лица да не се доведат во нееднаква положба во однос на други осудени лица кои користат погодности.

Во 2013 година Народниот правобранител посвети особено внимание на остварувањето на правата и на притворените лица, со посебен акцент на навременото преземање мерки заради здравствена заштита на овие лица, сместувачките услови и хигиената во кои ја издржуваат мерката притвор, како и почитувањето на правото на движење на свеж воздух.

Народниот правобранител, како и во претходните извештајни години повторно констатираше пренатрупаност и несоодветни сместувачки услови во притворските одделенија во казнено-поправните установи, како и недоволна здравствена заштита на притворените лица, особено во Затворот Скопје.

Поплаки од овој вид во име на притворените лица беа поднесувани и од нивните семејства во кои најчесто се бараше преместување на притвореното лице во друга просторија, како и лекување и специјалистички прегледи во соодветна здравствена установа, заради влошена здравствена состојба на притвореникот. Интервенциите на Народниот правобранител во овие случаи резултираа со позитивен исход, односно по доставено укажување, здравствените служби доставуваа медицински извештаи до надлежните судови, по што притворените лица беа спроведени на специјалистички здравствени прегледи на соодветни клиники.

Во однос на лошите сместувачки услови во притворските оддели, по дадени препораки на Народниот правобранител притворените беа преместувани во други простории со подобри сместувачки услови, при што на управата на установата и беше укажано на преземање итни мерки за оспособување на овие простории, во смисла, подобрување на водоводната и санитарната мрежа на просториите, тие да бидат варосани и др.

Во извештајниот период Народниот правобранител постапуваше и по претставки во кои лицата лишени од слобода бараа правен совет во однос на користењето правни лекови пред надлежните судови. Во овие случаи со навремено дадени совети осудените вложуваа правен лек до надлежната институција.

Како и во претходните, така и оваа година е констатирано дека во затворскиот систем е присутен недостаток на финансиски средства, особено во делот за здравствена заштита на осудените лица, набавка на средства за хигиена, набавката на неопходни продукти за подготовка на разновидна храна на осудените лица и други неопходни потреби на осудените лица. Од друга страна поради непрофесионалното управување со установите, недоволните едукативни и рехабилитациони активности, како и отсуството на вистински процес на ресоцијализација повторно се констатира дека нема позитивен исчекор во функционирањето на казнено-поправните установи.

**Констатации**

Пренатрупаноста во казнено поправните установи и понатаму е најголем проблем, а особено во КПД „Идризово" и Затворот Скопје.

Условите во кои осудените и притворените лица ги издржуваат казната затвор и мерката притвор се се уште под минималните стандарди, со што се нарушува нивното човеково достоинство.

Поради неадекватниот систем на здравствена заштита нема можност да се обезбедува соодветна здравствена заштита, согласно домашното законодавство и меѓународните страндарди.

Превоспитниот процес и натаму не ја исполнува вистинската функција поради недоволниот број стручни лица во превоспитните служби и несоодветното управување со постоечките кадри.

Недоволна екипираност на службите за обезбедување, недоволна едуцираност и немањето континуирана обука доведува до нивно непрофесионално постапување спрема осудените лица.

Недостатокот на финансиски средства кои се издвојуваат заради непречено работење на овие установи е проблем на кој се должат и низата неправилности во нивното функционирање.

**Препораки**

Преземање мерки и дејства во правец на намалување на пренатрупаноста како и натамошно подобрување на условите за престој со целосно почитување на човечкото достоинство на лицата сместени во овие установи.

Подобрување на здравствените услуги во казнено-поправните установи преку воспоставување соодветен систем на здравствена заштита.

Подобрување на работата на Службата за превоспитување, со цел постигнување на една од основните цели на кривичната санкција -ресоцијализацијата на осудените лица.

Натамошно усовршување и зајакнување на надзорната функција на Службата за обезбедување заради подигнување на степенот на безбедност и спречување на физичките пресметки помеѓу осудените лица.

Преземање соодветни мерки на надлежните органи заради обезбедување неопходни финансиски средства за нормално функционирање на овие установи.

## ПРАВОСУДСТВО

Функционирањето на судската власт во Република Македонија преку редовните судови во сите три инстанци, административните судови, но и на правосудниот систем во поширокато смисла на зборот и оваа извештајна година покажа бројни слабости што имаа своја рефлексија на ефикасното остварување и заштитата на правата на граѓаните.

Општ впечаток е дека граѓаните се уште наидуваат на потешкотии во остварување на правото за судење во разумен рок поради долготрајни постапки пред судовите и другите правосудни органи и дека чувството за нееднаков пристап до правдата и убеденоста дека судските одлуки често се дело на коруптивно однесување се причини за и натаму присутниот степен на недоверба на граѓаните во стручноста, компетентноста и независноста на носителите на правосудните функции.

Анализата на податоците од предметно работење покажува дека досегашните реформи во правосудниот систем се уште во доволна мера не обезбедуваат ефикасно остварување и заштита на уставните и законските права на граѓаните.

Постапувањето по претставките, проверката на наводите и одговорите на судовите, јавните обвинителства, извршителите и Адвокатската комора на Република Македонија потврдуваат дека постапките пред правосудните органи и понатаму имаат неоправдано

долг тек, дека судските одлуки често се изготвуваат со значително задоцнување наспроти законските рокови, дека минува долг период од поднесувањето на правниот лек до одлуката на второстепената инстанца и дека странките во постапката понекогаш остануваат без потребните информации кои имаат непосреден и негативен одраз на ефикасната заштита на нивните законски права.

Бројот на поднесени претставки покажува дека граѓаните со најголеми потешкотии се среќаваат во остварувањето и заштита на правата во постапките пред првостепените судови, основните јавни обвинителства и извршителите, а содржината на претставките потврдува дека граѓаните се сомневаат во објективноста на донесените одлуки. Од друга страна, перманентно големиот број на претставки на граѓаните во кои се жалат на неоправдано одолжување на постапката пред Управниот суд укажува на еден хроничен проблем на неефикасност на овој судски орган каде по тужбите со кои е покренат управен спор се одлучува со задоцнување подолго и од две години.

Една од причините за ваквата состојба во овој орган на судската власт е слабата комуникација на судот со органите на извршната власт чии управни акти се оспорени. Имено, често пати се случува во одговорите до Народниот правобранител долгиот тек на постапката судот да го оправдува со недоставување на списите од страна на управниот орган чиј правен акт е оспорен. И покрај препораките и укажувањата на Народниот правобранител дека заради надминување на овој проблем кој е евидентен не треба да се чека на друг, туку дека е потребна комуникација на повисоко ниво помеѓу претставници на судот, Министерството за правда и ресорните министри кои раководат со органите кои не постапуваат по барањата на судот, овој проблем како една од пречките за поголема ефикасност на судот, се уште не е надминат.

Како и претходната, така и оваа година се зголеми бројот на претставки доставени од граѓаните кои се однесуваат на неправилности во работата на извршителите и примената на Законот за извршување. Анализата на податоците за видот на повредите покажува дека најчесто граѓаните бараа заштита заради застареност на побарувањата, несоодветната достава на налозите за присилно извршување, целосното блокирање на трансакциските сметки што се водат кај деловните банки и спроведување на присилно извршување без почитување на членот 105 од Законот за извршување.

Граѓаните доставуваа претставки до Народниот правобранител затоа што им се задржуваат средства кои ги добиваат по основ на социјална помош, законска издршка или врз основа на привремена невработеност. Исто така, граѓаните се жалат дека иако доставиле потврди од ЈУ Меѓуопштинските центри за социјална работи за тоа дека се корисници на ваква помош, извршителите продолжуваат со извршувањето, а некои од подносителите биле наведени да потпишат изјави со кои се согласуваат дел од овие средства да им бидат задржани заради наплата на парични побарувања.

Според Народниот правобранител ваквиот начин на водење на извршната постапка претставува грубо кршење на правата на граѓаните-должници во извршната постапка, со оглед дека се работи за постапување надвор од законските одредби, а особено поради фактот што станува збор за категорија на граѓани кои се на работ на егзистенција и притоа не се упатени, како и на кој начин можат да ги заштитат своите права во извршната постапка. Најголем број интервенции и тоа со позитивен исход, Народниот правобранител применува токму во овие случаи.

Во однос на начинот на доставување на налозите за присилно извршување Народниот правобранител констатира дека граѓаните не се информирани и немаат сознанија дека во определени, со Закон пропишани услови доставата може да биде извршена и со јавна објава.

Од контактите со граѓаните (странките) произлегува дека не секогаш се применува доставата по пошта и дека подносителите дознаваат за обврската утврдена со извршната исправа откако ќе им бидат блокирани трансакциските сметки. Во ваквите случаи Народниот правобранител вршеше проверка дали доставата е извршена согласно законските одредби, или пак се причинети одредени неправилности во постапката од аспект на доставување на писмената. Во случаите кога беа утврдени неправилности, граѓаните беа поучени да ја продолжат постапката со поднесување приговор до Претседателот на основниот суд на чие

подрачје се спроведува извршувањето.

Народниот правобранител констатира и проблем со блокирање на трансакциските сметки на граѓаните - должници кои примаат плата, надоместок на плата или пензија и за кои извршувањето, согласно Законот за извршување е ограничено на 1/3 од тие примања. Во тој контекст извршителите продолжија со доставување на налози со кои се блокираат сите средства од трансакциските сметки на должниците, а средствата кои се на располагање ги полагаат на посебни сметки каде ги чуваат петнаесетина дена и само во случаите кога должниците во овој период доставуваат потврди од работодавачите или Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за висината на платата и пензијата, сметките им се деблокираат. Притоа, само во неколку случаи граѓаните биле известени од извршителот дека воопшто е започната постапка за присилно извршување, а уште помалку има примери дека биле посоветувани како да постапат во конкретните случаи.

Народниот правобранител најчесто ги упатуваше подносителите веднаш да остварат контакт со извршителот, да ги достават потребните документи, а доколку извршителот на постапи согласно законските одредби, Народниот правобранител доставуваше писмен допис со барање за доследна примена на законските одредби. Интервенциите беа и во правец извршувањето да биде ограничено најмногу до 1/3 од месечните примања по основ на плата или пензија на должникот, односно од присилно извршување да бидат изземени средствата што се стекнуваат по друг основ. Во најголем број случаи извршителите постапуваат по барањата на Народниот правобранител.

Исто така, граѓаните бараа заштита заради некоректниот однос на одредени адвокати, како нивни полномошници во судски постапки и недоволната заштита на нивните права преку дисциплинските органи на Адвокатската комора на Република Македонија.

## Констатации

Не е подобрена состојбата во однос на остварувањето на правото на граѓаните за фер, непристрасно и судење во разумен рок, а кај граѓаните-странки во судските постапки се уште е присутен висок степен на убеденост дека судските одлуки се носат под влијанија  или притисоци.

Отсуството на комуникација меѓу Управниот суд и органите на извршната власт чии управни акти се оспоруваат придонесува по тужбите на граѓаните со кои е покренат управен спор да се одлучува со задоцнување подолго и од две години.

Наспроти законските рокови судските одлуки често се изготвуваат со значително задоцнување, заради што граѓаните не се задоволни.

Присилното извршување што го спроведуваат извршителите од средствата што граѓаните ги остваруваат по основ на социјална помош, законска издршка и привремена невработеност и натаму продолжува, со што се загрозува нивната минимална егзистенција.

## Препораки

Да продолжат реформите за зајакнување на материјалните и кадровските ресурси во судовите и јавните обвинителства заради почитување на принципот на судење во разумен рок, со цел да се зајакне довербата на граѓаните во објективноста на судското постапување.

Да се воспостави подобра меѓуинституционална соработка меѓу раководните функционери на судовите и другите правосудни органи со државните органи, особено со органите на извршната власт, заради обезбедување навремено доставување на бараните докази, акти и списи потребни за брза и ефикасна постапка.

Да се почитуваат законските рокови за изготвување на судските одлуки особено кога станува збор за одлуките со кои се одлучува за егзистенционални права на странките(законско издржување, стечајни постапки и работни спорови).

Доследна примена на одредбите на Законот за извршување, согласно кој примањата што се остваруваат врз основа на социјална помош, законска издршка и привремена невработеност се изземени од присилно извршување.

## НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Афирмативниот приод во имплементацијата на начелото за заштита од дискриминација има за цел интегрирање на сите граѓани во општеството и создавање на чувство на еднаквост, како и зголемување на довербата на граѓаните во институциите на системот.

Оваа извештајна година забележан е благ пораст на предметите од областа на недискриминација, со констатација како и претходната година дека граѓаните најмногу се жалат на дискриминација по етничка основа. Меѓутоа и понатаму е присутен фактот дека за овој феномен и за начинот и механизмите на заштита, граѓаните немаат доволно информации и сознанија. Исто така, граѓаните се уште недоволно ги користат инструментите и механизмите за заштита од дискриминација или пак, воопшто не ги пријавуваат случаите на дискриминација.

Народниот правобранител во предметното работење спрема институциите кон кои надлежно постапуваше им укажуваше на забраната на сите облици на дискриминација, повикувајќи се на домашна и меѓународна регулатива за забрана од вршење на дискриминација. Во повеќето случаи интервенциите на Народниот правобранител беа прифатени, но во некои предмети постапката беше запрена, поради поведување на судски спор од страна на подносителите или пак, поради повлекувањето на претставките.

Народниот правобранител во извештајната година постапуваше по 63 барања за заштита од дискриминација од кои во 30 случаи граѓаните бараа заштита од дискриминација по етничка припадност. Во 15 случаи утврди повреда на правата на граѓаните, односно дискриминација, по што достави препораки до надлежните органи. Препораките на Народниот правобранител во 8 случаи беа прифатени, факт кој укажува дека органите признале дека имало прекршување на човековото право по етничка основа, а во 7 случаи препораките не биле прифатени за што Народниот правобранител ја информираше Владата на РМ.

Врз основа на овие наводи за дискриминација по етничка основа карактеристични се претставките за кои од Министерството за внатрешни работи не беа прифатени препораките на Народниот правобранител, а поднесени од граѓани припадници на ромската заедница на кои не им било дозволено преминување на границите на државата. Во постапувањето по конкретните случаи, Народниот правобранител побара информации од надлежните служби на граничната полиција, укажувајќи на забраната од дискриминација по кој било основ, како и на забраната или ограничувањето на слободата на движење. Во насока на доследна примена на прописите во оваа област Народниот правобранител достави Информации до министерот за внатрешни работи и до Владата на Република Македонија, во кои посочи на задолжителноста од примена на домашните и меѓународните стандарди во однос на гарантирањето на правото на слободно движење и забраната од дискриминација по кој било основ.

По добиена информација од невладина организација, Народниот правобранител отвори постапка по сопствена иницијатива за проблемот со запишување на деца од ромската заедница во основно училиште. Имено, во ОУ „Ѓорѓи Сугарев" - Општина Битола, мнозинското население не ги запишувало децата во училиштето, односно не сакале нивните деца да посетуваат настава со децата од ромската заедница. Народниот правобранител со цел согледување на состојбите, презеде дејства и спроведе анкета со собирање на податоци од сите основни училишта во оваа општина. Податоците од анкетата ги потврдија изнесените сознанија за дискриминација и сегрегација на децата припадници на ромската заедница.

За надминување на ваквата состојба, Народниот правобранител достави препорака до Општина Битола, со конкретни насоки за преземање на мерки и активности за заштита од дискриминација на учениците од ромската заедница. Прифаќајки ја дадената препорака Општината извести дека е подготвен посебен проект за „Меѓуетничка интеграција во образованието", со спроведување на посебни тренинзи на наставниот кадар и стручните служби, но и со спроведување на работилници за доследно почитување на реонизацијата при упис на децата во основно образование.

Постапувајќи по поднесена претставка, Народниот правобранител констатираше дискриминација по етничка основа со елементи на дискриминација по основ на политичко

уверување во јавно претпријатие во Општина Куманово. Имено, раководителот припадник на владеачката политичка опција и припадник на мнозинска заедница, не му дозволувал на член на Советот на општината, инаку припадник на ромската заедница и член на друга политичка партија, да присуствува на состаноци на Советот.

Во рамките на своите надлежности Народниот правобранител го посети јавното претпријатие каде што е вработен членот на Советот, при што изврши увид во документацијата и оствари разговори со повеќе лица, односно со непосредниот раководител, директорот на претпријатието и неколку членови на Советот на општината.

Народниот правобранител во овој случај констатираше дискриминација по политичка и етничка основа за што му препорача на директорот на претпријатието да преземе дејства за престанок на попречувањето и оневозможувањето на членот да учествува во работата на Советот на општината, укажувајќи на забраната од дискриминација по кој било основ. Препорака беше прифатена и на членот на Советот му беше овозможено да го оствари своето право.

Народниот правобранител, постапувајќи по претставки за дискриминација во сферата на работните односи и оваа година констатира доведување на граѓаните во нееднаква положба во остварувањето на правата од работниот процес.

По поднесена претставка за нееднаков третман при пресметувањето и исплатата на бруто плата, како и на формирањето на пензиската основица, Народниот правобранител констатираше дека на вработени во АД Македонска пошта кои живеат на оддалеченост помала од 2,5 километри од работното место, во бруто платата не им се пресметани средствата за превоз до и од работното место, поради што истите се доведени во нееднаква состојба со другите вработени.

Народниот правобранител имајќи ја предвид законската и подзаконската регулатива која го уредува овој сегмент од работните односи и по извршениот увид на правните акти на АД Македонски пошти, констатираше дека одредени одредби на Колективниот договор кој го применува овој правен субјект, не се усогласени со законските норми, како и дека не е имплементирана Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.Бр.61/2009-0-1 од 25.11.2009 година, која се однесува за пресметувањето на надоместоците на плата во бруто платата.

Народниот правобранител интервенираше со Мислење за примена на горенаведената одлука на Уставниот суд на Република Македонија, односно даде конкретни насоки за корекција на спорната одредба во актот на претпријатието, со што би се обезбедило надоместокот за патни трошоци да биде вклучен во бруто платата кај сите вработени, што беше прифатено од страна на АД Македонски пошти.

И оваа извештајна година не изостанаа претставките за психичко вознемирување на работното место–мобинг. И покрај тоа што постапките по овие предмети тешко се докажуваат, во еден случај, по низа дејства на Народниот правобранител успешно беше разрешен проблемот на една професорка во средно училиште во Скопје.

Имено, професорка во средно училиште до Народниот правобранител достави претставка за повреда на правата во работниот процес и извршено вознемирување на работното место-мобинг кој го вршел директорот и одредени „негови" лица во училиштето, кое траело во континуитет подолг временски период што резултирало со донесување на акт за одземање на правото од паричен надоместок.

Со оглед на презентираните факти кои ги наведе подносителката и доставеното известување од училиштето со приложената документација, Народниот правобранител констатираше дека е сторена повреда вознемирување на работното место - мобинг, поради што достави укажување до директорот на средното училиште за поништување на поединечниот акт со кој беа повредени правата на подносителката на претставката и воедно, да престане какво било вознемирување на подносителката во натамошната работа. Во постапувањето Народниот правобранител укажа и на тоа што актот со којшто се одзема паричниот надоместок за класен раководител, содржи повреда и од формално-правен аспект, односно истиот не содржи соодветно повикување на законски основ, нема соодветен диспозитив,

образложение и правна поука, елементи кои се задолжителни за секој акт, со што истиот е ништовен и неодржлив, како и дека таквиот акт претставува дисциплинско казнување, без спроведување на каква било постапка. Во законски предвидениот рок директорот го извести Народниот правобранител дека е поништен актот со кој беа прекршени нејзините права, со што подносителката на претставката го оствари своето право

Во однос на оваа проблематика присутна во работниот процес, Народниот правобранител наведува дека во месец мај 2013 година донесен е посебен Закон за заштита од вознемирување на работното место, со што е испочитувано укажувањето на Народниот правобранител дадено во претходните годишни извештаи. Народниот правобранител смета дека овој Закон може да придонесе за унапредување на заштитата на правата на граѓаните во оваа област.

Народниот правобранител во текот на 2013 година од општините побара податоци дали по одржаните локални избори согласно одредбите на Законот за локална самоуправа имаат формирано Комисија за еднакви можности и Комисија за односи меѓу заедниците. Од добиените податоци може да се констатира дека одреден број општини се уште ги немаат формирано наведените комисии, но за жал мора да се констатира дека и таму каде што комисиите се формирани истите не фунционираат или пак, имаат одржано само неколку седници. Во овој контекст, Народниот правобранител смета за потребно да потсети на задолжителноста на законската норма и препорачува формирање и профункционирање на Комисијата за еднакви можности и Комисијата за односи помеѓу заедниците, бидејќи истите се во функција на унапредување на системот за човековите права, толеранцијата и почитување на различноста на сите граѓани во Република Македонија.

Народниот правобранител учествуваше во реализацијата на проектот „Развивање на капацитети на Министерството за труд и социјална политика за спроведување на стратегијата за еднаквост и недискриминација" од страна на Министерството за труд и социјална политика и Британскиот Совет. Исто така, партиципираше во националниот тим на обучувачи што резултира со изготвување на „Водич за спроведување на Стратегијата за еднаквост и недискриминација" и „Судски прирачник за спречување и заштита од дискриминација".

Оваа извештајна година Народниот правобранител паралелно со истражувањето за согледувањето на состојбата за имплементацијата на начелото на соодветната и правична застапеност на заедниците, спроведе истражување и на половата и образовната структура кај вработените во 1084 институции, при што беше побарано во табеларен приказ да достават податоци за состојбата по однос на пол (вкупен број и број на раководни и нераководни работни места) и степенот на образование на вработените по пол и нивното распоредување на раководни, односно нераководни работни места во однос на степенот на образование.

***Табела бр.1*** *Полова застапеност според вид на работно место и образование*

| | Вкупно вработени | Вработени по пол | | | | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Високо образование | | | | Вишо образование | | | | Средно образование | | | | Основно образование | | | |
| | | М | % | Ж | % | М | % | Ж | % | М | % | Ж | % | М | % | Ж | % | М | % | Ж | % |
| раководни работни места | 9694 | 5353 | 55,22 | 4341 | 44,78 | 4515 | 46,58 | 3653 | 37,68 | 198 | 2,04 | 146 | 1,51 | 578 | 5,96 | 519 | 5,35 | 64 | 0,66 | 21 | 0,22 |
| нерак. работни места | 98342 | 51010 | 51,87 | 47332 | 48,13 | 16620 | 16,90 | 23452 | 23,85 | 2795 | 2,84 | 3525 | 3,58 | 24540 | 24,95 | 16834 | 17,12 | 7097 | 7,22 | 3459 | 3,52 |
| вработени во органот | 108036 | 56363 | 52,17 | 51673 | 47,83 | 21135 | 19,56 | 27105 | 25,09 | 2993 | 2,77 | 3671 | 3,40 | 25118 | 23,25 | 17373 | 16,08 | 7161 | 6,63 | 3480 | 3,22 |
| ВКУПНО | | 108036 | | | | 48240 | | | | 6664 | | | | 42491 | | | | 10641 | | | |

Анализата на доставените податоци покажува дека од вкупниот број 108.036 вработени во институциите 56.363 се мажи (52,17%), а 51.673 (47,83%) се жени. Во однос на раководните работни места од табеларниот приказ констатација е дека застапеноста на женскиот пол на раководни работни места во институциите изнесува 4.341 (44,78%), додека застапеноста на машкиот пол изнесува 5.353 (55,22%). Сличен е и соодносот кај нераководните работни места, каде што застапеноста на женскиот пол изнесува 47.332 (48,13%), додека застапеноста на машкиот пол изнесува 51.010 (51,87%).

Од вкупниот број вработени во јавниот сектор, 48.240 (44.65%) се со високо образование

од кои 27.105 (25,09%) се жени, а 21.135 (19,56%) се мажи, од нив на раководни работни места 3.653 (37,68%) се жени, а 4.515 (46,58%) се мажи, додека на нераководни работни места 23.452 (23,85%) се жени, а 16.620 (16,90%) се мажи. Од изнесените податоци Народниот правобранител констатира дека и покрај тоа што од вкупниот број вработени во јавниот сектор со високо образование, жените се во поголем број од мажите, сепак на раководните работни места мажите се повеќе застапени.

Во однос на половата структура и степенот на вишото образование, од вкупниот број на вработени во јавниот сектор 6.664 (6,17%) се со вишо образование, од кои 3.671 (3,40%) се жени, а 2.993 (2,77%) се мажи. Од нив на раководни работни места 146 (1,51%) се жени, а 198 (2,04%) се мажи. На нераководни работни места 3.525 (3,58%) се жени, а 2.795 (2,84%) се мажи. Врз основа на изнесените податоци, Народниот правобранител констатира дека со  вишо образование во јавниот сектор повеќе се вработени жени отколку мажи, но на раководни работни места сепак повеќе се мажи.

Од вкупниот број на вработени во јавниот сектор 42.491 (39,33%) се со средно образование, од кои 17.373 (16,08%) се жени, а 25.118 (23,25%) се мажи, од нив на раководни работни места 519 (5,35%) се жени, а 578 (5,96%) се мажи, додека на нераководни работни места 16.834 (17,12%) се жени, а 24.540 (24,95%) се мажи. Врз основа на овие податоци, Народниот правобранител констатира приближен соодност по работни места на половата структура кај средното образование.

Анализата на податоците покажа дека од вкупно вработени во јавниот сектор 10641 (9,85%) се со основно образование, од кои 3.480 (3,22%) се жени, а 7.161 (6,63%) се мажи.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, Народниот правобранител укажува на потребата од почитување на принципот на еднаквост меѓу мажите и жените, односно соодветна распределба на работните места по основ на пол и степен на образование,  особено на раководните работни места.

**Констатации**

Дискриминацијата е присутна во нашето општество, особено дискриминацијата по етничка и политичка основа, а граѓаните се уште недоволно ги препознаваат облиците и формите на оваа појава, како и инструментите и механизмите за заштита.

Недостасуваат квалитетни обуки за зајакнување на капацитетите на институциите од дискриминација, како и информативно-едукативни кампањи за јакнење на свеста на граѓаните за препознавањето на дискриминацијата во сите појавни облици и можностите за заштита.

Зголемен број на поплаки за дискриминација по основ на етничката припадност од припадници на ромската заедница, поради нивното враќање од граничните премини на Република Македонија.

**Препораки**

Преземање на активности на надлежните институции за поефикасно спречување и заштита од дискриминација, со доследна примена на прописите од оваа област.

Спроведување на обуки за вработените во институциите за заштита од дискриминација, како и едукативни кампањи за јакнење на свеста на граѓаните за  доследна примена на стандардите за еднаквост, толеранција и почитување на различностите.

Задолжителна примена на домашните и меѓународните стандарди во однос на гарантирањето на правото на слободно движење  на граѓаните.

## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во функција на следење на состојбите на почитувањето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, како афирмативна мерка, Народниот правобранител и оваа година обезбеди податоци од институциите спрема кои надлежно постапува.

Имено, Народниот правобранител со претходно подготвени табели се обрати до органите на државната управа, самостојните органи и организации, единиците на локалната самоуправа, здравствените, културните и образовните институции, судовите и обвинителствата и до други установи и служби спрема кои надлежно постапува. Во извештајната 2013 година писмени барања со подготвени табели за пополнување беа доставени до 1084 институции, односно 17 институции помалку од минатата година[1]. По доставените барања податоци доставија 1049 институции, додека 35 институции и покрај писмените ургенции и телефонски контакти не доставија податоци. Во овој контекст потребно е да се истакне дека некои установи од областа на образованието (основно 7, средно 5 високо 1), како и од областа на културата на локално ниво, воопшто не доставија податоци со што ја попречија работата на Народниот правобранител. Јавното обвинителство на Република Македонија достави збирни податоци за сите обвинителствата, а Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција не достави податоци. Збирни податоци на ниво на универзитет доставија и универзитетите во Штип и Тетово.

### Збирен табеларен преглед за 2013 година

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Кабинет на Претседателот на РМ-Стручна служба | раков. работни места | 14 | 11 | 78,6 | 3 | 21,4 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 30 | 27 | 90,0 | | 0,0 | 1 | 3,3 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 6,7 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 44 | 38 | 86,4 | 3 | 6,8 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 4,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Собрание на РМ-Стручна служба | раков. работни места | 60 | 43 | 71,7 | 15 | 25,0 | 1 | 1,7 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 1,7 |
| | нерак. работни места | 229 | 165 | 72,1 | 55 | 24,0 | 3 | 1,3 | 1 | 0,4 | 3 | 1,3 | | 0,0 | 2 | 0,9 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 289 | 208 | 72,0 | 70 | 24,2 | 4 | 1,4 | 1 | 0,3 | 3 | 1,0 | 0 | 0,0 | 2 | 0,7 | 1 | 0,3 |
| Народен правобранител | раков. работни места | 33 | 20 | 60,6 | 8 | 24,2 | | 0,0 | 1 | 3,0 | 1 | 3,0 | 2 | 6,1 | 1 | 3,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 44 | 13 | 29,5 | 23 | 52,3 | 1 | 2,3 | 2 | 4,5 | 2 | 4,5 | 1 | 2,3 | 1 | 2,3 | 1 | 2,3 |
| | вработени во органот | 77 | 33 | 42,9 | 31 | 40,3 | 1 | 1,3 | 3 | 3,9 | 3 | 3,9 | 3 | 3,9 | 2 | 2,6 | 1 | 1,3 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | раков. работни места | 12 | 10 | 83,3 | 2 | 16,7 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 12 | 6 | 50,0 | 3 | 25,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 8,3 | 1 | 8,3 | | 0,0 | 1 | 8,3 |
| | вработени во органот | 24 | 16 | 66,7 | 5 | 20,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,2 | 1 | 4,2 | 0 | 0,0 | 1 | 4,2 |
| Уставен суд на РМ | раков. работни места | 10 | 7 | 70,0 | 2 | 20,0 | 1 | 10,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 15 | 13 | 86,7 | 1 | 6,7 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 6,7 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 25 | 20 | 80,0 | 3 | 12,0 | 1 | 4,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Судски совет на РМ | раков. работни места | 20 | 12 | 60,0 | 6 | 30,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 5,0 | 1 | 5,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 24 | 22 | 91,7 | 1 | 4,2 | 1 | 4,2 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 44 | 34 | 77,3 | 7 | 15,9 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,3 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 |
| Виш управен суд | раков. работни места | 10 | 10 | 100,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 13 | 10 | 76,9 | 3 | 23,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 23 | 20 | 87,0 | 3 | 13,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Управен суд на РМ | раков. работни места | 32 | 22 | 68,8 | 7 | 21,9 | 1 | 3,1 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 3,1 | 1 | 3,1 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 49 | 38 | 77,6 | 9 | 18,4 | 2 | 4,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 81 | 60 | 74,1 | 16 | 19,8 | 3 | 3,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | 0 | 0,0 |

[1] Потребно е да се напомене дека согласно членот 16 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, кон Општината Кичево се припоија четири општини, и тоа: Вранештица, Другово, Осломеј и Зајас. Исто така, јавни претпријатија и други институции на локално ниво со престанокот на општините се припоија кон соодветните постојни институции на Општина Кичево.

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Врховен суд на РМ | раков. работни места | 33 | 26 | 78,8 | 5 | 15,2 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 3,0 | 1 | 3,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 49 | 47 | 95,9 | 1 | 2,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 2,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 82 | 73 | 89,0 | 6 | 7,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 2,4 | 1 | 1,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Јавно обвинителство на РМ (2012)* | раков. работни места | 13 | 9 | 69,2 | 3 | 23,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 7,7 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 14 | 12 | 85,7 | 2 | 14,3 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 27 | 21 | 77,8 | 5 | 18,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 3,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Државно правобранителство на РМ | раков. работни места | 38 | 36 | 94,7 | 2 | 5,3 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 74 | 56 | 75,7 | 13 | 17,6 | 1 | 1,4 | | 0,0 | 2 | 2,7 | | 0,0 | 2 | 2,7 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 112 | 92 | 82,1 | 15 | 13,4 | 1 | 0,9 | 0 | 0,0 | 2 | 1,8 | 0 | 0,0 | 2 | 1,8 | 0 | 0,0 |
| Совет на јавни обвинители | раков. работни места | 11 | 7 | 63,6 | 2 | 18,2 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 18,2 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 5 | 5 | 100,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 16 | 12 | 75,0 | 2 | 12,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 12,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Народна Банка на Република Македонија | раков. работни места | 106 | 100 | 94,3 | 3 | 2,8 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 0,9 | 2 | 1,9 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 337 | 288 | 85,5 | 27 | 8,0 | 3 | 0,9 | | 0,0 | 13 | 3,9 | 5 | 1,5 | | 0,0 | 1 | 0,3 |
| | вработени во органот | 443 | 388 | 87,6 | 30 | 6,8 | 3 | 0,7 | 0 | 0,0 | 14 | 3,2 | 7 | 1,6 | 0 | 0,0 | 1 | 0,2 |
| Државна изборна Комисија-стручна служба | раков. работни места | 32 | 19 | 59,4 | 11 | 34,4 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 6,3 |
| | нерак. работни места | 74 | 47 | 63,5 | 21 | 28,4 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 1,4 | 4 | 5,4 | | 0,0 | 1 | 1,4 |
| | вработени во органот | 106 | 66 | 62,3 | 32 | 30,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 0,9 | 4 | 3,8 | 0 | 0,0 | 3 | 2,8 |
| Мак. академија на науките и уметностите | раков. работни места | 10 | 10 | 100,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 44 | 39 | 88,6 | 2 | 4,5 | 1 | 2,3 | | 0,0 | 2 | 4,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 54 | 49 | 90,7 | 2 | 3,7 | 1 | 1,9 | 0 | 0,0 | 2 | 3,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Министерство за внатрешни работи | раков. работни места | 839 | 677 | 80,7 | 127 | 15,1 | 1 | 0,1 | 3 | 0,4 | 17 | 2,0 | | 0,0 | | 0,0 | 14 | 1,7 |
| | нерак. работни места | 10191 | 7863 | 77,2 | 1866 | 18,3 | 78 | 0,8 | 71 | 0,7 | 162 | 1,6 | | 0,0 | 30 | 0,3 | 121 | 1,2 |
| | вработени во органот | 11030 | 8540 | 77,4 | 1993 | 18,1 | 79 | 0,7 | 74 | 0,7 | 179 | 1,6 | 0 | 0,0 | 30 | 0,3 | 135 | 1,2 |
| Министерство за економија | раков. работни места | 72 | 52 | 72,2 | 17 | 23,6 | 1 | 1,4 | | 0,0 | 1 | 1,4 | | 0,0 | 1 | 1,4 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 376 | 220 | 58,5 | 129 | 34,3 | 11 | 2,9 | | 0,0 | 4 | 1,1 | 8 | 2,1 | 1 | 0,3 | 3 | 0,8 |
| | вработени во органот | 448 | 272 | 60,7 | 146 | 32,6 | 12 | 2,7 | 0 | 0,0 | 5 | 1,1 | 8 | 1,8 | 2 | 0,4 | 3 | 0,7 |
| Мин. за животна средина и прос. планирање | раков. работни места | 63 | 50 | 79,4 | 9 | 14,3 | 1 | 1,6 | | 0,0 | 1 | 1,6 | 2 | 3,2 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 160 | 92 | 57,5 | 62 | 38,8 | 1 | 0,6 | | 0,0 | 3 | 1,9 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 1,3 |
| | вработени во органот | 223 | 142 | 63,7 | 71 | 31,8 | 2 | 0,9 | 0 | 0,0 | 4 | 1,8 | 2 | 0,9 | 0 | 0,0 | 2 | 0,9 |
| Министерство за здравство | раков. работни места | 60 | 50 | 83,3 | 9 | 15,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 1,7 |
| | нерак. работни места | 140 | 52 | 37,1 | 80 | 57,1 | 3 | 2,1 | 1 | 0,7 | 2 | 1,4 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 200 | 102 | 51,0 | 89 | 44,5 | 3 | 1,5 | 1 | 0,5 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 |
| Министерство за зем., шумарство и водостопанство | раков. работни места | 148 | 133 | 89,9 | 11 | 7,4 | 1 | 0,7 | | 0,0 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | | 0,0 | 1 | 0,7 |
| | нерак. работни места | 885 | 678 | 76,6 | 149 | 16,8 | 18 | 2,0 | 6 | 0,7 | 18 | 2,0 | 5 | 0,6 | 8 | 0,9 | 3 | 0,3 |
| | вработени во органот | 1033 | 811 | 78,5 | 160 | 15,5 | 19 | 1,8 | 6 | 0,6 | 19 | 1,8 | 6 | 0,6 | 8 | 0,8 | 4 | 0,4 |
| Мин. за информат. општество и јавна администрација | раков. работни места | 21 | 18 | 85,7 | 2 | 9,5 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 4,8 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 99 | 75 | 75,8 | 11 | 11,1 | 2 | 2,0 | 2 | 2,0 | 3 | 3,0 | 3 | 3,0 | 2 | 2,0 | 1 | 1,0 |
| | вработени во органот | 120 | 93 | 77,5 | 13 | 10,8 | 2 | 1,7 | 2 | 1,7 | 4 | 3,3 | 3 | 2,5 | 2 | 1,7 | 1 | 0,8 |
| Министерство за култура | раков. работни места | 42 | 34 | 81,0 | 5 | 11,9 | 1 | 2,4 | | 0,0 | 1 | 2,4 | 1 | 2,4 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 102 | 44 | 43,1 | 48 | 47,1 | 2 | 2,0 | 1 | 1,0 | 4 | 3,9 | 1 | 1,0 | 2 | 2,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 144 | 78 | 54,2 | 53 | 36,8 | 3 | 2,1 | 1 | 0,7 | 5 | 3,5 | 2 | 1,4 | 2 | 1,4 | 0 | 0,0 |
| Министерство за локална самоуправа | раков. работни места | 14 | 10 | 71,4 | 4 | 28,6 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 30 | 7 | 23,3 | 22 | 73,3 | 1 | 3,3 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 44 | 17 | 38,6 | 26 | 59,1 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Министерство за надворешни работи | раков. работни места | 143 | 119 | 83,2 | 15 | 10,5 | 3 | 2,1 | | 0,0 | 3 | 2,1 | | 0,0 | 1 | 0,7 | 2 | 1,4 |
| | нерак. работни места | 349 | 241 | 69,1 | 89 | 25,5 | 6 | 1,7 | 3 | 0,9 | 3 | 0,9 | 3 | 0,9 | 1 | 0,3 | 3 | 0,9 |
| | вработени во органот | 492 | 360 | 73,2 | 104 | 21,1 | 9 | 1,8 | 3 | 0,6 | 6 | 1,2 | 3 | 0,6 | 2 | 0,4 | 5 | 1,0 |
| Министерство за образование и наука | раков. работни места | 24 | 18 | 75,0 | 5 | 20,8 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 4,2 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 263 | 162 | 61,6 | 78 | 29,7 | 9 | 3,4 | 1 | 0,4 | 9 | 3,4 | 1 | 0,4 | 3 | 1,1 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 287 | 180 | 62,7 | 83 | 28,9 | 9 | 3,1 | 1 | 0,3 | 10 | 3,5 | 1 | 0,3 | 3 | 1,0 | 0 | 0,0 |
| Министерство за одбрана | раков. работни места | 90 | 77 | 85,6 | 9 | 10,0 | 2 | 2,2 | | 0,0 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 772 | 616 | 79,8 | 113 | 14,6 | 10 | 1,3 | 2 | 0,3 | 7 | 0,9 | 7 | 0,9 | 10 | 1,3 | 7 | 0,9 |
| | вработени во органот | 862 | 693 | 80,4 | 122 | 14,2 | 12 | 1,4 | 2 | 0,2 | 8 | 0,9 | 8 | 0,9 | 10 | 1,2 | 7 | 0,8 |

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Министерство за правда | раков. работни места | 43 | 37 | 86,0 | 4 | 9,3 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 2,3 | | 0,0 | 1 | 2,3 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 210 | 114 | 54,3 | 81 | 38,6 | 6 | 2,9 | 3 | 1,4 | 2 | 1,0 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 |
| | вработени во органот | 253 | 151 | 59,7 | 85 | 33,6 | 6 | 2,4 | 3 | 1,2 | 3 | 1,2 | 2 | 0,8 | 2 | 0,8 | 1 | 0,4 |
| Министерство за транспорт и врски | раков. работни места | 67 | 61 | 91,0 | 4 | 6,0 | 1 | 1,5 | | 0,0 | 1 | 1,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 248 | 180 | 72,6 | 52 | 21,0 | 8 | 3,2 | 1 | 0,4 | 3 | 1,2 | 1 | 0,4 | 2 | 0,8 | 1 | 0,4 |
| | вработени во органот | 315 | 241 | 76,5 | 56 | 17,8 | 9 | 2,9 | 1 | 0,3 | 4 | 1,3 | 1 | 0,3 | 2 | 0,6 | 1 | 0,3 |
| Министерство за труд и социјална политика | раков. работни места | 49 | 36 | 73,5 | 6 | 12,2 | | 0,0 | 3 | 6,1 | 2 | 4,1 | 2 | 4,1 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 409 | 256 | 62,6 | 121 | 29,6 | 5 | 1,2 | 8 | 2,0 | 8 | 2,0 | 7 | 1,7 | 3 | 0,7 | 1 | 0,2 |
| | вработени во органот | 458 | 292 | 63,8 | 127 | 27,7 | 5 | 1,1 | 11 | 2,4 | 10 | 2,2 | 9 | 2,0 | 3 | 0,7 | 1 | 0,2 |
| Министерство за финансии | раков. работни места | 99 | 87 | 87,9 | 8 | 8,1 | 1 | 1,0 | | 0,0 | 1 | 1,0 | 2 | 2,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 567 | 479 | 84,5 | 66 | 11,6 | 4 | 0,7 | 3 | 0,5 | 7 | 1,2 | 4 | 0,7 | 3 | 0,5 | 1 | 0,2 |
| | вработени во органот | 666 | 566 | | 74 | | 5 | | 3 | | 8 | | 6 | | 3 | | 1 | |
| Генерален секретаријат | раков. работни места | 53 | 45 | 84,9 | 4 | 7,5 | 2 | 3,8 | 0 | 0,0 | 1 | 1,9 | | 0,0 | 1 | 1,9 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 294 | 159 | 54,1 | 8 | 2,7 | 55 | 18,7 | 45 | 15,3 | 9 | 3,1 | 7 | 2,4 | 9 | 3,1 | 2 | 0,7 |
| | вработени во органот | 347 | 204 | 58,8 | 12 | 3,5 | 57 | 16,4 | 45 | 13,0 | 10 | 2,9 | 7 | 2,0 | 10 | 2,9 | 2 | 0,6 |
| Служба за општи и заеднички работи | раков. работни места | 8 | 7 | 87,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 12,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 363 | 321 | 88,4 | 21 | 5,8 | 4 | 1,1 | 5 | 1,4 | 5 | 1,4 | 2 | 0,6 | 3 | 0,8 | 2 | 0,6 |
| | вработени во органот | 371 | 328 | 88,4 | 21 | 5,7 | 4 | 1,1 | 5 | 1,3 | 6 | 1,6 | 2 | 0,5 | 3 | 0,8 | 2 | 0,5 |
| Секретаријат за законодавство | раков. работни места | 8 | 7 | 87,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 12,5 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 14 | 10 | 71,4 | 3 | 21,4 | 1 | 7,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 22 | 17 | 77,3 | 3 | 13,6 | 1 | 4,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Секретаријат за европски прашања | раков. работни места | 22 | 17 | 77,3 | 4 | 18,2 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 4,5 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 78 | 50 | 64,1 | 17 | 21,8 | 2 | 2,6 | 2 | 2,6 | 2 | 2,6 | 3 | 3,8 | 1 | 1,3 | 1 | 1,3 |
| | вработени во органот | 100 | 67 | 67,0 | 21 | 21,0 | 2 | 2,0 | 2 | 2,0 | 2 | 2,0 | 4 | 4,0 | 1 | 1,0 | 1 | 1,0 |
| Секретаријат за спроведедување на Рамковниот дог* | раков. работни места | 51 | | 0,0 | 48 | 94,1 | 1 | 2,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 3,9 | | 0,0 |
| | нерак. работни места | 1630 | 26 | 1,6 | 1341 | 82,3 | 134 | 8,2 | 93 | 5,7 | 10 | 0,6 | 7 | 0,4 | 19 | 1,2 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 1681 | 26 | 1,5 | 1389 | 82,6 | 135 | 8,0 | 93 | 5,5 | 10 | 0,6 | 7 | 0,4 | 21 | 1,2 | 0 | 0,0 |
| Виши јавни обвинителства | раков. работни места | 20 | 15 | 75,0 | 3 | 15,0 | 1 | 5,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 5,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нерак. работни места | 45 | 35 | 77,8 | 9 | 20,0 | 1 | 2,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 65 | 50 | 76,9 | 12 | 18,5 | 2 | 3,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Основни јавни обвинителства | раков. работни места | 89 | 74 | 83,1 | 15 | 16,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нерак. работни места | 207 | 171 | 82,6 | 25 | 12,1 | 4 | 1,9 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 | 4 | 1,9 | 1 | 0,5 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 296 | 245 | 82,8 | 40 | 13,5 | 4 | 1,4 | 1 | 0,3 | 1 | 0,3 | 4 | 1,4 | 1 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Апелациони судови | раков. работни места | 109 | 80 | 73,4 | 23 | 21,1 | 1 | 0,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 1,8 | 0 | 0,0 | 3 | 2,8 |
| | нерак. работни места | 232 | 195 | 84,1 | 23 | 9,9 | 2 | 0,9 | 0 | 0,0 | 1 | 0,4 | 9 | 3,9 | 1 | 0,4 | 1 | 0,4 |
| | вработени во органот | 341 | 275 | 80,6 | 46 | 13,5 | 3 | 0,9 | 0 | 0,0 | 1 | 0,3 | 11 | 3,2 | 1 | 0,3 | 4 | 1,2 |
| Основни судови | раков. работни места | 481 | 385 | 80,0 | 66 | 13,7 | 3 | 0,6 | 1 | 0,2 | 9 | 1,9 | 9 | 1,9 | 4 | 0,8 | 3 | 0,6 |
| | нерак. работни места | 1851 | 1543 | 83,4 | 196 | 10,6 | 29 | 1,6 | 24 | 1,3 | 19 | 1,0 | 26 | 1,4 | 6 | 0,3 | 5 | 0,3 |
| | вработени во органот | 2332 | 1928 | 82,7 | 262 | 11,2 | 32 | 1,4 | 25 | 1,1 | 28 | 1,2 | 35 | 1,5 | 10 | 0,4 | 8 | 0,3 |
| Фондови | раков. работни места | 150 | 117 | 78,0 | 29 | 19,3 | 1 | 0,7 | 0 | 0,0 | 2 | 1,3 | 1 | 0,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нерак. работни места | 1308 | 1069 | 81,7 | 188 | 14,4 | 3 | 0,2 | 3 | 0,2 | 18 | 1,4 | 21 | 1,6 | 2 | 0,2 | 4 | 0,3 |
| | вработени во органот | 1458 | 1186 | 81,3 | 217 | 14,9 | 4 | 0,3 | 3 | 0,2 | 20 | 1,4 | 22 | 1,5 | 2 | 0,1 | 4 | 0,3 |
| Центри за социјална работа | раков. работни места | 78 | 58 | 74.4 | 17 | 21,8 | 1 | 1,3 | 1 | 1,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,3 |
| | нераководни раб. места | 881 | 684 | 77,6 | 132 | 15,1 | 14 | 1,6 | 18 | 2,0 | 11 | 1,2 | 11 | 1,2 | 3 | 0,3 | 8 | 0,9 |
| | вработени во органот | 959 | 742 | 77,3 | 149 | 15,6 | 15 | 1,6 | 19 | 2,0 | 11 | 1,1 | 11 | 1,1 | 3 | 0,3 | 9 | 0,9 |
| Единици на локална самоуправа | раков. работни места | 693 | 547 | 78,9 | 109 | 15,7 | 10 | 1,4 | 3 | 0,4 | 6 | 0,9 | 5 | 0,7 | 2 | 0,3 | 11 | 1,6 |
| | нерак. работни места | 4465 | 3448 | 77,2 | 769 | 17,2 | 84 | 1,9 | 34 | 0,8 | 62 | 1,4 | 27 | 0,6 | 14 | 0,3 | 27 | 0,6 |
| | вработени во органот | 5158 | 3995 | 77,5 | 878 | 17,0 | 94 | 1,8 | 37 | 0,7 | 68 | 1,3 | 32 | 0,6 | 16 | 0,3 | 38 | 0,7 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни установи | раков. работни места | 37 | 29 | 78,4 | 7 | 18,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нерак. работни места | 578 | 492 | 85,1 | 73 | 12,6 | 0 | 0,0 | 1 | 0,2 | 3 | 0,5 | 9 | 1,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 615 | 521 | 84,7 | 80 | 13,0 | 0 | 0,0 | 1 | 0,2 | 4 | 0,7 | 9 | 1,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Самостојни државни органи | раков. работни места | 956 | 793 | 82,9 | 109 | 11,4 | 8 | 0,8 | 2 | 0,2 | 16 | 1,7 | 14 | 1,5 | 5 | 0,5 | 9 | 0,9 |
| | нерак. работни места | 8746 | 6891 | 78,8 | 1413 | 16,2 | 109 | 1,2 | 59 | 0,7 | 118 | 1,3 | 70 | 0,8 | 33 | 0,4 | 53 | 0,6 |
| | вработени во органот | 9702 | 7684 | 79,2 | 1522 | 15,7 | 117 | 1,2 | 61 | 0,6 | 134 | 1,4 | 84 | 0,9 | 38 | 0,4 | 62 | 0,6 |

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Јавни претпријатија | раков. работни места | 1253 | 1048 | 83,6 | 140 | 11,2 | 10 | 0,8 | 4 | 0,3 | 28 | 2,2 | 8 | 0,6 | 5 | 0,4 | 10 | 0,8 |
| | нерак. работни места | 15649 | 12050 | 77,0 | 1926 | 12,3 | 332 | 2,1 | 672 | 4,3 | 306 | 2,0 | 83 | 0,5 | 73 | 0,5 | 207 | 1,3 |
| | вработени во органот | 16902 | 13098 | 77,5 | 2066 | 12,2 | 342 | 2,0 | 676 | 4,0 | 334 | 2,0 | 91 | 0,5 | 78 | 0,5 | 217 | 1,3 |
| Јавно здравство | раков. работни места | 2357 | 1997 | 84,7 | 202 | 8,6 | 26 | 1,1 | 0 | 0,0 | 63 | 2,7 | 32 | 1,4 | 15 | 0,6 | 22 | 0,9 |
| | нерак. работни места | 12765 | 10424 | 81,7 | 1543 | 12,1 | 156 | 1,2 | 137 | 1,1 | 249 | 2,0 | 75 | 0,6 | 63 | 0,5 | 118 | 0,9 |
| | вработени во органот | 15122 | 12421 | 82,1 | 1745 | 11,5 | 182 | 1,2 | 137 | 0,9 | 312 | 2,1 | 107 | 0,7 | 78 | 0,5 | 140 | 0,9 |
| Основно образование | раков. работни места | 423 | 235 | 55,6 | 154 | 36,4 | 16 | 3,8 | 0 | 0,0 | 6 | 1,4 | 3 | 0,7 | 4 | 0,9 | 5 | 1,2 |
| | нерак. работни места | 17523 | 11512 | 65,7 | 4902 | 28 | 534 | 3,0 | 77 | 0,4 | 201 | 1,1 | 76 | 0,4 | 66 | 0,4 | 155 | 0,9 |
| | вработени во органот | 17946 | 11747 | 65,5 | 5056 | 28,2 | 550 | 3,1 | 77 | 0,4 | 207 | 1,2 | 79 | 0,4 | 70 | 0,4 | 160 | 0,9 |
| Средно образование | раков. работни места | 164 | 116 | 70,7 | 40 | 24,4 | 4 | 2,4 | 0 | 0,0 | 3 | 1,8 | 1 | 0,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нерак. работни места | 7919 | 5891 | 74,4 | 1661 | 21,0 | 143 | 1,8 | 24 | 0,3 | 104 | 1,3 | 51 | 0,6 | 14 | 0,2 | 31 | 0,4 |
| | вработени во органот | 8083 | 6007 | 74,3 | 1701 | 21,0 | 147 | 1,8 | 24 | 0,3 | 107 | 1,3 | 52 | 0,6 | 14 | 0,2 | 31 | 0,4 |
| Високо образование | раков. работни места | 318 | 248 | 78,0 | 51 | 16,0 | 1 | 0,3 | 0 | 0,0 | 7 | 2,2 | 4 | 1,3 | 2 | 0,6 | 5 | 1,6 |
| | нерак. работни места | 2027 | 1575 | 77,7 | 392 | 19,3 | 10 | 0,5 | 5 | 0,2 | 15 | 0,7 | 21 | 1,0 | 1 | 0,0 | 8 | 0,4 |
| | вработени во органот | 2345 | 1823 | 77,7 | 443 | 18,9 | 11 | 0,5 | 5 | 0,2 | 22 | 0,9 | 25 | 1,1 | 3 | 0,1 | 13 | 0,6 |
| Установи со различни дејности | раков. работни места | 242 | 205 | 84,7 | 27 | 11,2 | 1 | 0,4 | 0 | 0,0 | 6 | 2,5 | 1 | 0,4 | 0 | 0,0 | 2 | 0,8 |
| | нерак. работни места | 5973 | 5169 | 86,5 | 443 | 7,4 | 81 | 1,4 | 42 | 0,7 | 119 | 2,0 | 52 | 0,9 | 20 | 0,3 | 47 | 0,8 |
| | вработени во органот | 6215 | 5374 | 86,5 | 470 | 7,6 | 82 | 1,3 | 42 | 0,7 | 125 | 2,0 | 53 | 0,9 | 20 | 0,3 | 49 | 0,8 |
| ВКУПНО | раков. работни места | 9719 | 7824 | 80,5 | 1352 | 13,9 | 101 | 1,0 | 18 | 0,2 | 186 | 1,9 | 100 | 1,0 | 46 | 0,5 | 92 | 0,9 |
| | нерак. работни места | 98359 | 73582 | 74,8 | 18213 | 18,5 | 1875 | 1,9 | 1347 | 1,4 | 1514 | 1,5 | 610 | 0,6 | 401 | 0,4 | 817 | 0,8 |
| | вработени во органот | 108078 | 81406 | 75,3 | 19565 | 18,1 | 1976 | 1,8 | 1365 | 1,3 | 1700 | 1,6 | 710 | 0,7 | 447 | 0,4 | 909 | 0,8 |
| Споредбени податоци | 2013 | 108078 | 81406 | 75,3 | 19565 | 18,1 | 1976 | 1,8 | 1365 | 1,3 | 1700 | 1,6 | 710 | 0,7 | 447 | 0,4 | 909 | 0,8 |
| | 2012 | 107238 | 80588 | 75,1 | 19073 | 17,8 | 2160 | 2,0 | 1380 | 1,3 | 1701 | 1,6 | 734 | 0,7 | 582 | 0,5 | 1020 | 1,0 |

Напомена:

1. Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, достави вкупни податоци во кои се содржани и дел од вработените по спроведените конкурси, кои се уште не се распоредени во органите на државната управа.

2. Податоците на Државниот универзитет од Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип за разлика од минатата година доставија збирни податоци.

3. Податоците на Јавното обвинителство на Република Македонија и Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција не се ажурирани.

## Споредбен табеларен преглед 2007-2013 година

| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| години | Вкупно вработени | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| 2013 | 108078 | 81406 | 75,3 | 19565 | 18,1 | 1976 | 1,8 | 1365 | 1,3 | 1700 | 1,6 | 710 | 0,7 | 447 | 0,4 | 909 | 0,8 |
| 2012 | 107851 | 81095 | 75,2 | 19151 | 17,8 | 2164 | 2,0 | 1383 | 1,3 | 1709 | 1,6 | 741 | 0,7 | 585 | 0,5 | 1023 | 0,9 |
| 2011 | 102103 | 77879 | 76,3 | 17598 | 17,2 | 1691 | 1,7 | 1304 | 1,3 | 1665 | 1,6 | 678 | 0,7 | 387 | 0,4 | 901 | 0,9 |
| 2010 | 82555 | 63761 | 77,23 | 13966 | 16,92 | 1340 | 1,62 | 574 | 0,70 | 1315 | 1,59 | 570 | 0,69 | 256 | 0,31 | 773 | 0,94 |
| 2009 | 69148 | 55266 | 79,92 | 9712 | 14,05 | 895 | 1,29 | 551 | 0,80 | 1301 | 1,88 | 524 | 0,76 | 259 | 0,37 | 640 | 0,93 |
| 2008 | 67728 | 55193 | 81,49 | 8642 | 12,76 | 825 | 1,22 | 527 | 0,78 | 1269 | 1,87 | 449 | 0,66 | 205 | 0,30 | 618 | 0,91 |
| 2007 | 59629 | 49923 | 83,72 | 6429 | 10,78 | 649 | 1,09 | 464 | 0,78 | 1050 | 1,76 | 405 | 0,68 | 201 | 0,34 | 508 | 0,85 |

Од добиените податоци може да се заклучи дека постои одреден напредок во имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност, но има голем број институции кои се уште го немаат постигнато задолжителното ниво на соодветна и правична

застапеност. Со оглед на ова, Народниот правобранител констатира дека во одделни институции недоволно е применето и спроведено начелото на соодветна и правична застапеност, при што истакнува дека ова особено е карактеристично кога се анализираат податоците за застапеноста на припадниците на помалубројните заедници, како и кај раководните работни места.

Имено и оваа година, како и претходните години, може да се констатира дека кај јавните претпријатија, јавното здравство и казнено-поправните и воспитно-поправните установи се уште не е на потребното ниво примената на начелото на соодветна и правична застапеност. Ваквата констатација е присутна како во однос на раководните, така и на нераководните работни места во наведените институции, поради што Народниот правобранител искажува јавна критика кон овие субјекти и воедно упатува непосредна препорака до сите институции за доследна имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците.

За надминување на проблемите присутни во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност, Народниот правобранител смета дека е неопходно да продолжат дејствата и мерките за афирмација на овој уставен принцип, а особено институциите кои не го постигнале соодветното ниво на имплементирање на начелото на соодветна и правична застапеност, без одлагање да преземат дејства за исполнување на овој уставен постулат. Од друга страна Народниот правобранител смета дека е потребно да се посвети особено внимание на имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на помалубројните заедници, а особено во однос на пополнувањето на раководните работни места.

Во извештајната 2013 година, Народниот правобранител во рамки на предметното постапување имаше мал број на предмети (3) кои се однесуваа на спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедници, при што сите се однесуваа на почитувањето на ова начело при спроведување на огласи за вработување во органите спрема кои Народниот правобранител надлежно постапува.

Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител укажуваше на потребата од доследна примена на начелото на соодветна и правична застапеност, при што како позитивен пример го издвојуваме постапувањето по претставката од граѓанин припадник на влашката етничка заедница кој ги исполнувал условите за прием на Воената академија, но не бил примен. Поради тоа Народниот правобранител му укажа на надлежниот орган на потребата за примена на ова начело што беше прифатено со проширување на квотата на примени кандидати на јавниот оглас, со што подносителот на претставката го оствари своето право.

### Констатации

Забележан е мал напредок во однос на примената на начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници. Сепак во одредени институции примената на ова начело не е на задоволително ниво, особено застапеноста на припадниците на помалубројните етнички заедници.

Отсуствува доследно имплементирање на примената на начелото за соодветна и правична застапеност и во однос на распоредувањето на раководните работни места на припадниците на заедниците кои не се мнозинство, а особено на припадниците на помалубројните етнички заедници.

### Препораки

Задолжително почитување и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, особено на припадниците на помалубројните етнички заедници.

Зајакнување на активностите за имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност во однос на раководните работни места на припадниците на заедниците кои не се мнозинство.

## ДРУГИ ПРАВА

По својата содржина и изнесените барања претставките распоредени во оваа област најчесто се надвор од надлежностите на Народниот правобранител, заради што при постапувањето по претставките од оваа област Народниот правобранител настојува да им помогне на подносителите на претставките на посреден начин, по пат на давање на правни поуки и совети за начинот на кој можат да побараат заштита на своите права.

Оваа година значителен дел од претставките се однесуваа за ненавремено постапување на органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања по барањата на граѓаните, поради што во постапувањето по истите Народниот правобранител на органите пред кои беа поднесени барањата им укажуваше дека се должни да постапат и да достават одговор на подносителите.

За разлика од претходната година, оваа година претставките поднесени од страна на правни лица беа во помал број, меѓутоа и во тие случаи Народниот правобранител ги советуваше за можноста и начинот на остварувањето на нивните права.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Демократскиот развој на едно општество не треба да се оценува само од правните гаранции што државата ги обезбедува на граѓаните во остварувањето на нивните права, туку и од начинот на нивното непосредно и непречено остварување од страна на локалната власт и функционирањето на механизмите за заштита на овие права.

Процесот на децентрализација, овозможува локалните проблеми на граѓаните, да бидат решени преку подобрување на услугите, партиципација на самите граѓани и нивна поефективна контрола на активностите на локалната самоуправа.

Општите состојби по однос на имплементацијата на процесот на децентрализација во Република Македонија, укажуваат дека општините иако добија зголемени и проширени ингеренции, сепак, остануваат зависни од централната власт во однос на финансиската поддршка на областите со кои управуваат. Имено, одредени општини должат средства за исплата на патните трошоци на учениците, за затоплување на училиштата, општини со блокирани сметки, со што се отежнува нивното нормално функционирање, а некои општини, пак, се соочуваат со технички и кадровски проблеми. Сето ова придонесува за незадоволство на граѓаните од квалитетот на јавните услуги кои ги добиваат од локалната власт. Исто така, граѓаните реагираат заради невклученоста на немнозинските заедници на локално ниво, како на нераководните, така и на раководните работни места, со непочитување на критериумот за стручност и компетентност. На овој начин во одредени локални самоуправи нецелосно се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на немнозинските заедници, кое е гарантирано со Уставот и со законите.

Како проблеми кои придонесуваат за ваквата состојба, Народниот правобранител ги детектира недоволната транспарентност, отчетност и одговорност на општините, како и недоволно ефикасните начини на кои општините одговараат и ги решаваат проблемите, барањата и очекувањата на граѓаните.

Општина која работи според принципите на доброто владеење, самата наоѓа и користи разни начини и облици преку кои овозможува граѓанско учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво, потенцирајќи ја важноста на ова право, кое во голема мера го определува животот и работењето на граѓаните. Иако, споредено со состојбата од пред неколку години, особено во оваа сфера од децентрализацијата се чуствува напредок, сепак, поголемото учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки во општините останува потреба и предизвик и во иднина. Народниот правобранител смета дека процесот на донесување на одлуки на локалната власт треба континуирано да се унапредува, при тоа да им се овозможи на граѓаните да го изразат нивното мислење и да придонесат во

севкупното планирање и развој на областите во надлежност на општините, а со тоа ќе се придонесе кон зголемување на довербата и соработката меѓу граѓаните и локалната власт.

Народниот правобранител постапувајќи по поднесени претставки од граѓани, како и од констатираните состојби при реализација на Програмата за работа за 2013 година, во овој дел од Годишниот извештај ги презентира констатациите за степенот на остварување на правата на граѓаните пред локалната власт, поединечно по области кои се во надлежност на локалната самоуправа.

## Урбанизам и градба

Просторното планирање е многу значајно за севкупниот развој на општините. Преку информациите содржани во просторните планови, а кои се однесуваат на природните ресурси на општината, на состојбата и насоките за развој, граѓаните можат правилно да го насочат својот интерес за работата, живеењето, културата. Со создавање плански предуслови за отворање - изградба на нови стопански субјекти се отвораат нови работни места за вработување на локалното население, а со вработувањето се подобрува социоекономската состојба на населението. Оттука, секоја општина која сака да го развива своето стопанство и да им овозможи подобри услови за живеење на своите жители, мора континуирано да донесува, ревидира, да ги дополнува и изменува урбанистичките планови, следејќи ги современите трендови на развој во земјата и во светот.

Следењето на состојбата во овој домен покажува дека оваа извештајна година повеќе општини донесоа нови детални урбанистички планови, со кои се предвидува изградба на стопански капацитети, со цел понатамошен развој на општината и секако можност за вработување на локалното население.

Придобивките кои ги овозможуваат деталните урбанистички планови, не треба да бидат злоупотребени од страна на локалните власти, а на сметка на хуманизацијата на самиот простор и пред се заштита и унапредување на животната средина и природата. Не смее да се дозволи на сметка на стопанскиот развој на една општина, да се уништува животната средина, да се уништуваат зелените површини и парковите, како природни филтри за загадениот воздух, со кој за жал се соочуваат многу општини. Умешноста на локалните власти е да направи правилна проценка и во никој случај да не доведе до загрозување на здравјето на локалното население.

Карактеристично за деталните урбанистички планови е тоа што не се почитуваат законските одредби во однос на важењето на донесените Деталните урбанистички планови, иако согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање пред истекувањето на рокот донесувачот на планот најмалку еднаш годишно треба да изработи стручна анализа на плановите, со која се утврдува дали има потреба од измена и дополнување на планот. Во многу општини плановите не се ревидираат по 10,15 и повеќе години, со што се попречува владеењето со имотот-сопственост на граѓаните.

Народниот правобранител постапувајќи по претставки по овој основ ѝ укажуваше на локалната власт дека сопственоста создава права и обврски и треба да му служи и на поединецот и на заедницата. Потенцираше дека со Уставот на Република Македонија е гарантирано правото на сопственост, а правата кои произлегуваат од сопственоста, никому не можат да му бидат одземени или ограничени, освен кога се работи за јавен интерес утврден со Закон, како што е уредувањето, рационалното користење и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Воедно, имајќи ја предвид Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи во однос на правото на сопственост и кога физичко или правно лице може да биде лишен од уживање на својата сопственост, Народниот правобранител укажуваше на потребата за доследно почитување на законските одредби и вршење на стручна анализа на постојните планови, во насока на нивно реализирање и започнување на постапки за експропријација, или по согледување на неможноста за нивна реализација од кои било причини (најчесто од финансиска природа), да се пристапи кон нивно менување, со цел овозможување непречено располагање на граѓаните со нивниот имот.

Како поткрепа на изнесеното, постапувајќи по претставка од граѓанин од Битола, Народниот правобранител констатира дека согласно ДУП, објектот на граѓанинот не е задржан во ДУП од 1989 година и истиот влегува во профил на планирана улица. Оваа состојба неспорно го ограничува граѓанинот во располагањето со сопственоста повеќе од 23 години, затоа што од една страна цели 23 години не е реализирана планираната улица, а од друга страна не се направени измени и дополнувања на ДУП. По 23 години, објектот на граѓанинот се здобил со оштетувања и имало потреба од негова реконструкција, но поради тоа што со ДУП е предвидена изградба на улица, од страна на службите во општина Битола не му се издава одобрение за реконструкција. На ваков начин граѓанинот не само што се ограничува во правото да располага со сопственоста, туку на посреден начин од страна на локалната власт се дозволува негово понатамошно оштетување, се загрозува безбедното живеење во него и крајно се намалува пазарната вредност на објектот. Во иста состојба се наоѓаат и други сопственици на објекти во општина Битола и пошироко.

Исто така во неколку општини во Скопје граѓаните реагираа дека со ново донесените ДУП им се ограничува правото на сопственост, затоа што на местото на нивните куќи се предвидува изградба на улици, паркинг простори, деловни објекти, се сечат и уништуваат зелени површини-паркови и дрвја, заради што од Народниот правобранител бараа интервенција ваквите ДУП да се стават вон сила.

Народниот правобранител заради неговата ненадлежност да влијае во донесувањето и поништувањето на урбанистичките планови, ги информира граѓаните дека изработката на урбанистичките планови е во надлежност на стручни правни лица со лиценца за вршење на таа дејност, издадена од државен орган, кои се обврзани да ги почитуваат начелата во процесот на планирање и уредување на просторот во однос на обезбедување рамномерен просторен развој, одржлив развој, заштита и унапредување на животната средина и природата, како и да обезбедат усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето. Од ова произлегува дека просторното планирање, согласно Закон, е во надлежност на стручни лица во оваа област и не треба локалните власти да имаат влијание, односно да нудат решенија за уредување на просторот и при изработката на урбанистичките планови.

Од друга страна граѓаните не секогаш навремено реагираат, па нивните доставени поплаки не вродуваат со резултати. Како пример е претставката од жителите на с.Колешино-Општина Ново Село, кои побараа интервенција на Народниот правобранител во насока на преземање дејства, со цел измени на донесениот Детален урбанистички план, со кој на местото викано Даревица е предвидено изградба на деловен објект. Со Петицијата поднесена до Општината, жителите укажаа дека отсекогаш ова место се користело за одмор, собиралиште и игра на децата од цела Мала Подгорица, местото овозможувало лесен пристап до болницата и до земјоделските реони. По преземените дејства, Народниот правобранител констатира дека постапката за донесување измени и дополнувања на Детален урбанистички план е спроведена согласно Закон и согласност за истиот е добиена од Министерството за транспорт и врски. Народниот правобранител констатира дека жителите на с.Колешино, навремено не реагирале и не доставиле приговор по изложените измени на ДУП, во периодот на отворена јавна анкета(расправа).

Ова ја потврдува констатацијата на Народниот правобранител дека граѓаните најчесто реагираат по донесувањето на деталниот урбанистички план, односно не ја користат законската можност навремено да дадат свои забелешки и предлози до стручната комисија, формирана од страна на градоначалниците во текот на јавната анкета и тоа најчесто поради непознавање на текот на постапката. Од друга страна, непознавањето на постапките, неактивното учество во јавните анкети и недавањето предлози и забелешки на предложените измени и дополнувања на деталните урбанистички планови не ја намалува одговорноста на граѓаните, ниту пак претставува основ за оправдана реакција спрема локалните власти.

Од овие причини и оваа извештајна година, Народниот правобранител препорачува преземање проактивни и поефикасни мерки од страна на единиците на локалната самоуправа за континуирано запознавање на граѓаните со правата кои ги имаат при донесувањето на ДУП, за запознавање со одговорностите кои ги имаат, како и последиците со кои може да се

соочат поради неучество или неблаговремено учество во овие постапки.

Народниот правобранител бара од локалните власти, партиципативното тело при општините, кое има овластување да ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните, непречено и во целост да ги врши надлежностите според Закон, односно да има проактивна улога во постапките за донесување на деталните урбанистички планови, со што нема да претставува декларативно тело кое навидум обезбедува вклученост на граѓаните во донесувањето на плановите, туку практично ќе ги претставува и застапува нивните интереси.

Во областа градба, иако во нешто помал број од претходните години, граѓаните најмногу реагираа на одолжување на постапката за одлучување по нивните барања за легализација на бесправно изградените објекти од страна на локалната власт. Потоа, за неизвршување на правосилни решенија за отстранување на градби од страна на општинската администрација, заради непостапување на овластените градежни инспектори по барањата за вршење инспекциски надзор, одолжување на постапките за издавање на одобрение за градба и сл.

Ефикасноста во постапувањето по барањата за легализација на бесправно изградените објекти, зависи пред се од локалната власт, поточно од градоначалниците, кои со свои акти ги формираат комисиите кои постапуваат по овие предмети и го менаџираат целиот процес. По доставените барања за легализација треба да бидат донесени управни акти од општинските комисии во рок од шест години, а во овој двегодишен изминат период, процентот на решени предмети е далеку од задоволувачки.

За разлика од локалната власт, која како главна причина за бавното спроведување на процесот ја посочуваа некомплетната документација доставена од страна на граѓаните, особено недоставувањето на геодетски елаборат, или нерешените имотно-правни односи, граѓаните, во поднесените претставки, укажуваат дека и со целосно поднесена документација-веќе две години не се одлучува по нивното барање, а образложението кое го добиваат од општинската администрација е дека имаат голем број на предмети за постапување.

Народниот правобранител постапуваше и по предмети во кои граѓаните бараа реализација на веќе донесени решенија за отстранување на бесправни градби кои го попречуваа нивното нормално живеење, при што укажуваше дека согласно законот сите овие постапки се запрени се до завршувањето на процесот на легализација, притоа уверувајќи ги граѓаните дека сите бесправни објекти кои нема да се вклопат во урбанистичките планови, од страна на локалните власти ќе бидат отстранети. Но, секако постапуваше и бараше од општинската администрација да изврши отстранување на оние градби кои не се опфатени со процесот на легализација. Во таа насока општина Крива Паланка го прифати укажувањето на Народниот правобранител за преземање на конкретни мерки за отстранување на градба за која имаше и правосилно решение, односно делот од укажувањето на Народниот правобранител за поднесување на кривична пријава до надлежното обвинителство за инвеститорот кој гради без одобрение за градба. Инаку, Општината, како и многу други општини, како причина за неможноста за административно извршување на решението за отстранување на градбата ги наведуваат неуспешните јавни тендери за избор на правни субјекти кои ќе го вршат истото, недостатокот на финансиски средства, недоволен број на службени лица и сл.

Народниот правобранител смета дека наведеното не смее да биде причина за непостапување на определена единица на локалната самоуправа, односно неуспешните јавни тендери, немањето на финансиски средства и сл. може да придонесат за зголемувањето на правната несигурност кај граѓаните, особено заради селективноста во постапувањето и на посреден начин да ги поттикнат градбите без одобрение.

Исто така, Народниот правобранител постапуваше по претставки во кои бараше одложување на извршување на управни акти за отстранување на помошни објекти на дивоградби се до правосилно завршување на постапката за легализација, која граѓаните ја имаа покренато, а за кое отстранување органите на локалната власт имаа обезбедено финансиски средства за административно извршување.

Нотирани се поплаки за попречување на остварување на правото на легализација

на диоградби. Во тој контекст Народниот правобранител постапуваше по претставки од поголема група граѓани од општина Охрид каде со Одлука на Советот на општината, а врз основа на одредбите од Законот за постапување со бесправно изградените објекти и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација, Советот ја утврди потребата од измена на урбанистичко планската документација, заради усогласување на намените на земјиштето на кое се изградени бесправните објекти, кои според Генерален урбанистички план се наменети за стопанство. Во постапувањето по овие претставки Народниот правобранител и укажа на Комисијата за легализација на обврската да ги има предвид актите при одлучувањето за легализирање на објектите. По повеќе писмени обраќања и ургенции, Општината со краток одговор го извести Народниот правобранител дека е постапено по барањата за утврдување правен статус на бесправните објекти и донесени се управни акти, без притоа да даде информација дали со истите е признато или не правото на легализација. По сознанијата дека Комисијата ги одбила барањата на граѓаните, Народниот правобранител ги посоветува да поднесат жалба до второстепениот орган, кој ги уважи нивните жалби и предметите ги врати на повторно одлучување пред Комисијата за легализација при Општина Охрид.

Имајќи ја предвид состојбата со легализацијата на дивоградбите и административното извршување на решенијата за отстранување на градби кои не се опфатени со легализација, Народниот правобранител препорачува да се зајакнат кадровски и технички комисиите кои постапуваат по барањата на граѓаните, да се зголеми бројот на комисиите кои излегуваат на терен, да се интезивираат обуките на службените лица, со цел ефикасна обработка на предметите. Исто така, препорачува преземање на поконкретни, поефикасни мерки и дејства во насока на запознавање на граѓаните со обврските при остварување на правото на легализација на дивоградби, особено за потребната документација која треба да ја доставaт заради постапување по нивните барања , како и за последиците, доколку истите не се испочитуваат.

Во однос на административното извршување на правосилни решенија за отстранување на градби, Народниот правобранител укажува локалната власт да ги извршува актите кои ги донела, односно да обезбеди право на граѓаните на владение со своите имоти и континуирано да го спроведува Законот, без изнаоѓање на неосновани и неоправдани причини за селективно постапување.

Инаку и оваа извештајна година голем е бројот на претставки за неблаговремено постапување, односно известување по барањата за инспекциски надзор од страна на овластените градежни инспектори. Народниот правобранител укажуваше на законската обврска која инспекторатот ја има согласно Законот за општа управна постапка, односно повратно писмено да го извести пријавувачот за исходот од извршениот надзор. Граѓаните често реагираа дека инспекторатот се огласува за ненадлежен да презема мерки и дејства за веќе постоечки градби кои го попречуваат владението на имотот. Народниот правобранител ги советуваше граѓаните да покренат судска постапка по основ на попречување на владение, но истите најчесто овој совет го одбиваа, односно не сакаа да се подложат на долготрајни и скапи судски постапки.

Во таа насока, Народниот правобранител ја потенцира важноста на превентивната улога на овластените градежни инспектори, односно потребата повеќе да бидат присутни на терен, со што ќе може благовремено да се стопира градба, без потребното одобрение, а со тоа полесно, побрзо и ефективно ќе се реагира за отстранување на градбата од страна на локалната власт. Истовремено со тоа ќе се придонесе за непречено уживање на правата на граѓаните и во однос на нивниот имот и во однос на живеење во урбана средина.

Народниот правобранител го поздравува воведувањето на електронскиот систем „е-одобрение за градење" од 1 јуни 2013 година и смета дека на овој начин ќе се обезбеди поголема функционалност и транспарентност во постапувањето на локалната власт по барањата на граѓаните, но и ќе се овозможи унифицираност во постапувањето од страна на надлежните органи, следење на роковите за постапувања по барањата за издавање на одобренија за градба, утврдени со Закон. Народниот правобранител постапуваше по претставки во кои граѓаните реагираа за непочитување на законските рокови во издавањето

на одобренијата, и при тоа успеа да ги забрза постапките и да ги заштити предходно повредените права на граѓаните.

Народниот правобранител смета дека со воведувањето на електронските дозволи за градба ќе се спречат повредите на правата на граѓаните и во иднина постапките значително ќе бидат пократки, а со транспарентната постапка ќе се намалат можностите за коруптивно однесување од кое било лице.

## Образование

Подигнувањето на образовното ниво на населението, особено на децата и младите е една од стратешките определби на државата. Целта на образованието се состои во подобрување на квалитетот на образовниот процес, постигнување на повисоки стандарди во образованието, подобрување на пристапот до образованието и зголемување на нивото на академските достигнувања.

Децентрализацијата во однос на образовниот процес овозможува локалната власт да управува со финансиските средства наменети за образование, поголемо учество на локалната заедница во процесот на донесување на одлуки, како и поактивно и транспарентно управување со училиштата, вклучувајќи поголем број субјекти во донесувањето на одлуките. Исто така, овозможува проверка на квалитетот на наставата во училиштата и ефикасна контрола на работните активности во истите.

Следењето на општите состојби, покажува дека главен проблем во областа на децентрализацијата на образованието се финансиите и неможноста на локалната власт непречено да ги применува и развива процесите во образованието.

Имено, во услови на децентрализирано образование државата делумно ги финансира општините, врз база на распределба на средствата за образование од централниот буџет, во форма на блок-дотации, кои не се доволни за спроведување на надлежностите во образованието.

На овој проблем, Народниот правобранител укажува во секој Годишен извештај и бара и од централната и од локалната власт да се преземаат мерки, односно да донесат акти, уредби, методолгии, со цел да се надмине проблемот со недостатокот на финансиски средства.

Комуникацијата меѓу централната и локалната власт треба да биде насочена кон изнаоѓање на заеднички решенија за поуспешно менаџирање на надлежностите од страна на општините, затоа што многу општини немаат средства за да го платат превозот на учениците, затоплувањето на училиштата, а имаат и проблеми со задолженоста. Средствата од блок-дотациите најчесто се доволни за платите и придонесите на наставниот кадар и за дел од режиските трошоци. Според градоначалниците на голем дел општини, овие средства опфаќаат само мал дел од трошоците на училиштата поради што бараат промени во начинот на распределба на средствата за образование. Додека централната власт наведува дека средствата за блок-дотациите редовно се префрлаат на сметките на општините, а нивниот износ се определува во зависност од бројот на училиштата, квадратурата и бројот на учениците и истите се доволни за непречено вршење на надлежностите во областа на образованието. Централната власт укажува дека локалната самоуправа треба да изнајде начин за организирање и распределба на средствата според приоритетите.

Народниот правобранител смета дека ваквите спротивни ставови не се најдобар интерес на детето, односно единствено трпат штета учениците. Затоа неопходно е да се изнајде прифатливо решение за начинот на утврдување на методологијата за потребните средства за блок- дотациите, кои ќе бидат доволни за нормално функционирање на училиштата и непречено одвивање на образовниот процес за учениците. Воедно, Народниот правобранител посочува дека локалната власт треба да вложи поголеми напори и знаења за изнаоѓање сопствени средства и други извори на финансирање, со кои ќе се развива образованието во секој сегмент.

Со децентрализираната надлежност во образованието, општините станаа и сопстве-

ници на училишните објекти, поради што се очекува да се грижат за нивната состојба. Во насока на обезбедување нормални услови за изведување на настава потребно е локалната власт да започне со реално извршување на оваа надлежност, односно да обезбеди финансиски средства за континуирано одржување на училишните објекти и спортски сали, како и да започне со градба на нови училишта, особено во руралните средини, со што образовниот процес ќе се одвива во нормални и соодветни услови.

Според Конвенцијата за правата на детето и Уставот на Република Македонија, државата има обврска да обезбеди задолжително и бесплатно основно образование на секое дете, а со Законот за средното образование ова право се гарантира и во средното образование. Практиката покажува дека покрај учебници и работни тетратки учениците користат и други помошни материјали, односно тетратки (разни видови и големини), потоа прибори за пишување, за цртање, боење, а едновремено се обврзани да носат и работни униформи во скоро сите училишта, што пак е на трошок на родителите. Родителите исто така се товарат и со трошоци за искршени прозорци, оштетен мебел, компјутери, оштетени учебници, за тестови, во одделни случаи и за одржување на училиштата, за набавка на свидетелства... Заради, се поосетната сиромаштија и тешката материјална состојба на граѓаните, ваквите трошоци за некои семејства претставуваат преголем товар и на дел од децата им е оневозможено да посетуваат основно образование, особено ромските деца.

Токму по овој основ реагираа родителите од Општина Врапчиште чии деца учат во ОУ „Наум Фрашери" во с.Неготино и во подрачното училиште во с.Сенокос, затоа што класните раководители им наплатувале на учениците по 100,00 денари за учебниците кои ги користеле во учебната година, заради нивно оштетување, а укажале дека им било побарано наплата за секој тест по 10-20,00 денари и по 100,00 денари за свидетелства. Директорот на основното училиште ги негираше ваквите наводи како неточни, образложувајќи дека во училиштето немало ниту формирано Комисија за вреднување на оштетените учебници, но не даде информација дали се точни наводите за плаќањето на тестовите, свидетелствата. Државниот просветен инспекторат кој изврши надзор по барање на Народниот правобранител, потврди дека во училиштето не е спроведена постапка за наплата на оштетените учебници, што не значи дека таква постапка нема ниту да се спроведе. Ова од причина, што Законот предвидува за оштетен учебник ученикот да плати 70% од каталошката вредност на учебникот, а на веб-страницата на Министерството за образование и наука е објавен и ценовникот за оштетените учебници.

Народниот правобранител смета дека не е реално да се очекува од учениците по завршувањето на учебната година учебниците да ги вратат неоштетени (се разбира не мислејќи притоа на намерно оштетување), затоа што во текот на годината истите ги користат на училиште, дома, за исполнување на училишните обврски, а родители укажуваат и на слабиот квалитет на учебниците, затоа што страниците лесно се откинуваат. Поради тоа, Народниот правобранител препорачува единиците на локалната самоуправа да обезбедат средства во буџетите и на нивна сметка да се врши набавка на нови учебници наместо оштетените, како единствен законит начин за почитување на одредбите од Уставот на Република Македонија, со кои се гарантира задолжително основно образование кое е бесплатно. Истовремено, да се обезбедат средства за дополнителните трошоци на образовниот процес, а учеството на родителите во истиот да биде сведено на минимум, заради целосно исполнување на бесплатниот карактер на образованието.

Во врска со правото на бесплатен превоз Народниот правобранител утврди дека во пракса и ова право се остварува со потешкотии, заради неможноста на локалната власт да ги плати трошоците кон превозниците избрани на јавен тендер, поради што локалната власт се соочува со судски постапки и блокирани сметки. Во некои случаи учениците не посетуваа настава затоа што родителите не беа задоволни од начинот и квалитетот на обезбедената услуга од страна на општината, како што е примерот со децата од с.Сливник кои учат во ОУ „Васил Главинов" и ССОУ „Коле Неделковски" во Општина Велес.

Во конкретниот случај родителите 3 седмици не ги испраќаа децата на училиште затоа што не беа задоволни од превозот на компанијата избрана од општината и бараа превозот да се врши од друга компанија, односно да се ангажира друго лице за возач.

Постапувањето по претставката од група родители, покажа дека компанијата за превоз на учениците била избрана на јавен тендер од општината и поседувала Лиценца за вршење на превоз на ученици. Народниот правобранител нема надлежност да влијае врз одлуката на локалната власт за избор на најповолен понудувач за вршење превоз на учениците, но укажа дека при изборот локалната власт треба да го земе предвид и правото на најдобар интерес на децата, на начин што при изборот на компанијата максимално и од сите аспекти ќе врши селектирање на пријавените превозници и нема да биде пресуден финансискиот дел на дадените понуди.

И оваа извештајна година нема видлив напредок во однос на остварувањето на правото на образование на децата со посебни потреби од страна на локалната власт. Се уште недоволно се посветува внимание на обврската за обезбедување наставен кадар за квалитетно и стручно образование, подеднакво за сите деца, ниту пак се изнаоѓаат соодветни педагошки методи за вклучување на децата во училишната средина, при тоа да не се чувствуваат различни од другите.

Минатата година Народниот правобранител успеа во соработка со невладина организација во општина Битола да иницира постапка за отворање на средно училиште за деца со посебни потреби, во кое правото на средно образование ќе може да го остварат и децата од поблискиот регион. Во текот на 2013 година не се спроведе постапката и покрај доставеното укажување до Министерството за образование и наука дека општина Битола има и просторни и кадровски можности за реализација на барањата на родителите за отворање на средно училиште од ваков вид. Сепак, Народниот правобранител го истакнува како позитивен пример затоа што локалната власт презеде дејства за реално обезбедување на правото на средно образование на децата со посебни потреби во регионот. Народниот правобранител очекува започната постапка во наредната година да биде реализирана.

Во овој контекст не е доволен бројот на основни и средни училишта за деца со посебни потреби, а во определени подрачја каде во пошироката околина не постојат ваков тип на училишта, правото на образование на децата реално не е остварливо. Воедно, децата кои одат на училиште се соочуваат со проблеми во врска со трошоците и исплатата на средства за превоз, затоа што добиваат надоместок за превозот по цена на јавниот превоз, а исплатата задоцнува и по неколку месеци. Има и случаи кога родителите ги носат децата со сопствен превоз кој чини многу повеќе.

Како потврда на изнесеното е претставката од родител на две деца со посебни потреби кој поради тоа што во реонот на општина Дебар каде што живее нема училиште, бил принуден да живее во Битола во закупен стан. Во овој случај, кој не е единствен, семејството е принудено да го напушти својот дом, да живее во друга општина, со што им се менува животот во целост и се подложуваат на дополнителни трошоци. Барањето на родителот да му се исплатат реалните трошоци за превоз од Дебар до Битола, со што на некој начин би се компензирале дел од трошоците што ги има во Битола е неостварливо и правно неиздржано.

Народниот правобранител и оваа година укажува на потребата да се зголеми бројот на училиштата за деца со посебни потреби во редовното образование и навремена исплата на реално направениот трошок за превозот до училиштата. Локалната власт за оваа потреба во своите буџети да обезбеди средства за вработувања на стручни тимови обучени за работа со деца со посебни потреби, како и за дообучување и стручно усовршување на постојниот наставен кадар во училиштата.

Со цел на секое дете да му се посвети должно внимание и да се создадат можности за индивидуална работа, како и да се совлада наставниот материјал, Народниот правобранител смета дека е потребно да се намали бројот на ученици во паралелките во кои се вклучени деца со посебни потреби. Исто така, локалната власт преку подготовка и реализација на посебни програми или проекти да придонесе за едукација на родителите на овие деца, односно за начинот како да им помогнат на децата во совладувањето на наставните програми, како и потребата од редовна и добра соработка помеѓу родителите и наставниците, која соработка е во најдобар интерес на овие деца. Народниот правобранител констатира нееднаква примена на реонизацијата при запишување на децата во образовниот систем, од страна на општините,

а со тоа и сегрегација на ромските деца во училиштата. Имено, користејќи го правото на можност за упис во училиште надвор од реонот на живеење, а заради слободниот број на места за упис, родителите ги запишуваа децата во други училишта, затоа што во училиштето во реонот каде што припаѓаат, се запишуваат ромски деца. На овој начин се придонесува за создавање на етнички чисти ромски паралелки во одредени училишта. Така на пример, во ОУ „Ѓорги Сугарев" Битола, каде традиционално, заради реонската припадност, учеа заедно ромските со децата од македонската заедница, во учебната 2013/2014 година се запишани само 15 Македонци. Поради ова, во ова училиште, во оваа учебна година има 3 етничко чисти паралелки од ромски деца, а само во 1 паралелка заедно учат деца од македонска, турска и влашка заедница.

Народниот правобранител укажува дека треба да се преземат мерки за надминување на ваквата појава од страна на локалната власт, а со тоа и да се спречи ромските деца уште од најрана возраст да се чувствуваат дискриминирани, нееднакви и различни од другите.

Пример како една локална власт треба да дејствува во насока на рушење на стереотипите и да спречи континуирана дискриминација врз ромските деца е Општина Виница, каде со години наназад, со поддршка на „Roma Education Fund" (REF) се преземаат активности за дооформување на образованието на возрасните Роми, а истовремено се ангажира во поттикнување на поголемо вклучување во образовниот систем на ромските деца што живеат на територијата на општината.

Народниот правобранител е на мислење дека концептот на интегрирано образование треба да се спроведе и почитува во секоја локална самоуправа, затоа што тој претставува добра основа за зголемување на меѓуетничката свест кај децата и младите и рушење на стереотипните бариери меѓу нив.

Народниот правобранител истакнува дека интеграцијата, преку заеднички активности на учениците кои следат настава на различен јазик е многу полезна и во наставните и во воннаставните активности во самите училишта и помеѓу различни училишта од истата општина или пак од целата земја и истото треба да биде прифатено како позитивна пракса која меѓудругото ќе придонесе да се промени односот на децата едни кон други, а ќе ја зајакне и толеранцијата и дијалогот меѓу самите деца.

## Работни односи

Следењето на состојбата во оваа област покажува нецелосна примена на законската легислатива, а особено примената на начелото на недискриминација и еднаков пристап на сите граѓани до секое работно место под еднакви услови.

Народниот правобранител смета дека локалната власт со поголема посветеност и одговорност треба да се насочи кон професионално дообучување на општинската администрација во секој сегмент од работењето, особено во односот кон граѓаните, заради квалитетно и ефикасно постапување по нивните барања за прашања во надлежност на локалната самоуправа. Вработувањата во општинската администрација треба да се спроведуваат во транспарентна постапка, врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Притоа, треба да се имаат предвид професионалните квалификации на кандидатите, работното искуство, како и персоналните карактеристики и вештини на кандидатот.

За подобрување на состојбата потребна е поголема ефикасност на државните органи кои вршат надзор над примената на законите и преземање мерки спрема одговорните лица во општините, во случаи кога се констатира повреда на постапките за вработување, унапредување на вработените и сл.

Инаку, оваа извештајна година поднесени се повеќе претставки за повреда на права од работен однос на вработени во општинските администрации или на вработени во правни лица и установи чиј основач е локалната власт. Повредата на правата е пред се поради неспроведување на законски предвидените постапки од страна на градоначалниците.

Народниот правобранител постапуваше по поголем број претставки поднесени од страна на директори на основни и средни училишта, разрешени од функцијата пред завршување на мандатот од страна на градоначалниците на Општините Гостивар и Теарце. Разрешувањата се извршени пред истекот на мандатот, без правилна примена на материјалното право и без спроведена законска постапка предвидена за предвремено прекинување на мандатот.

Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител констатира дека разрешувањата се извршени спротивно на предвидените законски процедури само врз основа на доставен записник од страна на училишните одбори со предлог за разрешување, без да се даде право на произнесување на наводите од записниците од страна на директорите, без присуство на државниот просветен инспекторат кој е целосно игнориран во постапката, а во донесените решенија за разрешување не е наведен ниту правниот основ врз кој истото и се врши.

Имајќи ја предвид вака констатираната повреда на правата на подносителите на претставките Народниот правобранител достави Препорака на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, пред која се наоѓаа посочените предмети во постапка по жалба. Со Препораката, во која најнапред е укажано за сите констатирани законски пропусти во постапката за разрешување, Народниот правобранител на  Комисијата и препорача да донесе одлука со која ќе ги уважи жалбите и ќе ги поништи донесените решенија. Државната комисија во сите предмети постапи по препораките на Народниот правобранител, односно ги уважи жалбите на разрешените директори, ги поништи незаконито донесените решенија и предметите ги врати на повторно одлучување.

Во постапувањето по други претставки за истиот проблем со разрешување од функција пред истек на мандат, Народниот правобранител констатира дека по поништувањето на решенијата за разрешување од функцијата директор од страна на Државната комисија, училиштата во повторната постапка ја испочитуваа со Закон предвидената постапка, по што од страна на градоначалниците повторно се донесени Решенија за разрешување. Во овој случај жалбите на подносителите на претставката се одбиени како неосновани од страна на Државната комисија.

Народниот правобранител постапи и по претставки од вработени во општинската администрација во Општина Карпош, во кои се укажуваше дека по завршувањето на локалните избори, од страна на градоначалникот се распоредуваат на работни места во месните заедници „Злокуќани" и „Бардовци" како и во урбаната заедница „Влае 2",  каде што немаат елементарни услови за вршење на работните задачи, поточно немаат тоалет, чешма, немаат средства за работа – компјутер, ниту им било дозволено да си ги земат службените компјутери на кои години наназад работеле. Исто така, спрема некои вработени се покренувале дисциплински постапки по основ доцнење на работа или доцнење од пауза, а некои вработени пак биле распоредувани на други работни места.

Подносителите на претставките укажуваа дека и спрема претседателот на синдикатот била поведена дисциплинска постапка, а тој формално требало да биде член на Комисијата за водење на дисциплинските постапки, со цел  заштита на правата на работниците. Вработените од оваа општина укажуваа дека сите вработени, кои по завршувањето на локалните избори се прогласувале за „неподобни", дале голем придонес за развојот и успешното функционирање на општината, а сега биле оценувани со најниски оценки.

Во врска со изнесеното Народниот правобранител побара од Општината детална писмена информација за сите наводи во  претставката и приложување на материјални докази кон истата. Од страна на секретарот на општина Карпош, по изминување на период од скоро 3 месеци од доставеното барање, доставен е краток одговор во кој Народниот правобранител се известува дека од страна на Општината некои вработени биле пониско оценети, за некои вработени  биле донесени решенија за распоредување на други работни места, дека биле донесени решенија за дисциплински казни и дека спрема еден вработен била покрената постапка за престанок на работниот однос по негово барање. Сите постапки во изминатиот период од 3 месеци правосилно завршиле,  а правото на приговор го искористиле само оние вработени кои биле оценети со пониски оценки.

Во одговорот не беа дадени информации за правниот основ и причините за извршените распоредувања во месни и урбани заедници, дали работните простории ги исполнуваат основните хигиено-санитарни услови, дали се обезбедени компјутери како основни средства за работа на еден државен службеник, дали новите решенија се во исто или пониско звање и слични прашања на кои Народниот правобранител побара информации, со цел правилно да се утврди фактичката состојба по претставката.

Во Општина Крива Паланка градоначалникот изрекол престанок на вработувањето на државен службеник во општинската администрација, без притоа да ги почитува и спроведува одредбите од Законот за државни службеници. Имено, пред донесувањето на решението за престанок на работниот однос не предложил програма за распоредување, истата не ја пратил на усвојување на Владата на Република Македонија, не му понудил на службеникот работно место во исто или пониско звање. Народниот правобранител во постапувањето побара од Комисијата за решавање во втор степен по жалби и приговори при Агенцијата за администрација да ги има предвид сите материјални докази и факти и да донесе одлука со која решението за престанок на работен однос ќе биде укинато. Комисијата постапи по укажувањето на Народниот правобранител, односно го укина решението и предметот го врати на повторно одлучување пред градоначалникот.

Карактеристично за овој предмет е тоа што решението за престанок на работен однос било донесено по втор пат, по веќе спроведена повторна постапка во која градоначалникот не ги испочитувал, односно не постапил по укажувањата на Комисијата, за спроведување на законски предвидената постапка. Градоначалникот во два наврати, во две последователно спроведени постапки, кон подносителот кој бил вработен во Општината, свесно не го почитувал Законот, што е недозволиво од еден носител на јавна функција.

Градоначалникот на Општина Студеничани пак, со усна наредба распоредил вработен од општинската администрација, во едно основно училиште. Во оваа постапка Народниот правобранител укажа дека согласно Закон распоредувањето од Општина, во правно лице (училиште) на кое основач е Општината треба да се спроведе, согласно Закон и во пропишана постапка, со донесување на управен акт или со изменување или дополнување на Договорот за вработување, односно со нов променет Договор за вработување, но никако со усмен налог.

Градоначалникот не само што не постапи по даденото укажување на Народниот правобранител, туку спротивно и на одредбите од Законот за народниот правобранител, воопшто не достави каква било информација, со што ја попречи работата на Народниот правобранител.

Исто така, градоначалникот извршил распоредување и на друг вработен на работно место, кое согласно актите на Општината, не одговара на неговата стручна подготовка. Во постапка по жалба на вака донесеното решение за распоредување, Државната комисија постапи по укажувањето на Народниот правобранител и по целосно разгледување на предметот и констатирање на фактичката состојба, донесе решение со кое ја уважи жалбата на вработениот.

Постапувајќи по претставка од државен службеник во Општина Чучер Сандево по основ добиена незадоволителна оценка во постапка за оценување, Народниот правобранител и укажа на Комисијата за одлучување по приговори и жалби на државните службеници при Агенцијата за администрација, да ги има предвид материјалните докази и факти за случајот, во насока на донесување на правилна и законита одлука. Комисијата и во овој случај постапи по укажувањето на Народниот правобранител, односно ја уважи жалбата на државниот службеник.

Горенаведените примери за неспроведување и непочитување на закони во вршењето на работите во надлежност на градоначалниците, потврдено и од второстепените органи кои ги поништуваа донесените акти од нивна страна, покажуваат дека е крајно недозволиво и неприфатливо градоначалниците како носители на јавна функција да постапат надвор од правната регулатива.

Симптоматични се наводите на подносителите на претставките дека овие разрешувања од функција-директор, како и распоредувањата, дисциплинските постапки, пониските

оценувања на вработените во општинските администрации по спроведените локални избори во нашата држава се од политичка, а не од професинална природа. По конечноста на донесените управни акти од страна на градоначалниците, понатамошното постапување на Народниот правобранител немаше правен основ, ниту целисходност, заради што граѓаните беа упатувани заштита на своите права да бараат во судска постапка. Ова, заради тоа што согласно Уставот на Република Македонија и Законот за народниот правобранител, Народниот правобранител нема надлежност да поништува правосилен и конечен управен акт, ниту пак има надлежност мериторно да одлучува по определени права на граѓаните, кое право го имаат само судовите.

Сепак останува констатацијата дека градоначалниците имаат обврска при вршењето на работите од нивна надлежност да ги почитуваат законите, а државните органи кои, согласно Законот за локалната самоуправа, вршат надзор над работењето на органите на општината, треба да го спречат и санкционираат незаконитото вршење на градоначалничката функција во врска со правата од работен однос. Едновремено Народниот правобранител укажува на примената на принципите на Етичкиот кодекс на локалните функционери од 2008 година, со кој се поставуваат стандарди на однесување и според кои принципи градоначалникот (како еден од локалните функционери) е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, а особено треба да докаже дека неговите одлуки се во согласност со законите и во прилог на јавниот интерес, на кој начин ќе го остварува и принципот „отчетност пред граѓаните".

Оваа година пред Народниот правобранител е поведена и постапка за дискриминација по основ работен однос и нееднаков третман на подносителот на претставката со другите вработени.

Во детската градинка „Естреја Овадија Мара" во Општина Битола, вработен од страна на директорот бил подложен на нееднаков третман во однос со другите вработени, од причина што истиот бил припадник на албанската заедница. Директорот негираше каква било дискриминација и нееднаков третман кон овој вработен, укажувајќи дека и покрај пропустите и однесувањето на работно место на вработениот, не покренал постапка за утврдување на неговата вина, ниту преиспитување на начинот на вршење на работните задачи.

Во ниту една одредба од домашното законодавство, ниту во меѓународните правни акти, дискриминацијата не се поврзува со тоа дали еден вработен одговара или не за начинот на вршење на своите работни обврски. Согласно одредбите кои ја третираат појавата на дискриминација и во домашното и во меѓународното законодавство, се смета дека има дискриминација доколку едно лице се третира на понеповолен начин во споредба со друго лице во идентична ситуација и тоа со дискриминаторски основ - во конкретниот случај врз основа на етничка припадност, на која подносителот се повикуваше.

Во текот на постапката, Народниот правобранител не успеа да констатира постоење на дискриминација, или мобинг поради немање докази, заради што го советува подносителот на претставката за можноста да покрене судска постапка за констатирање на дискриминаторски однос или мобинг на работно место.Народниот правобранител постапуваше и по друга претставка поднесена од повеќе лица, спрема истата јавна установа заради дискриминација по политичка основа, во постапка на вработување. Подносителите наведоа дека директорот на детската градинка „Естреја Овадија Мара"-Битола, вработил повеќе лица додека траеле локалните избори.

Народниот правобранител констатира дека огласот за вработување во градинката бил објавен пред распишувањето на изборите, кога била добиена и согласноста за обезбедени средства од Министерството за финансии. Државната комисија за спречување на корупцијата, за постапките на вработување кои беа започнати и беа во тек во изборниот период, заседе став дека сите вработувања за кои претходно се обезбедени согласности од Министерството за финансии, ќе можат да се реализираат и продолжат и во текот на изборниот процес. Изборот на кандидатите од страна на директорот на установата е извршен во почетокот на месец март, пред денот на одржување на локалните избори. Поради тоа што постапката на вработување правосилно веќе беше завршена во установата, Народниот

правобранител на подносителите на претставката, им укажа на можноста за поднесување на тужба пред редовниот суд за преиспитување на законитоста на ставот на Државната комисија за спроведување на постапките за вработувања во тек на изборен процес, како и по основ дискриминација по политичка основа.

Народниот правобранител постапи и по претставка за вработување во основното училиште „Никола Карев" во општина Радовиш. Подносителот наведе дека изборот на наставник од страна на директорот бил спроведен во постапка спротивна на Законот за основното образование. Народниот правобранител побара од Државниот просветен инспекторат да изврши инспекциски надзор, при што беа констатирани низа неправилности во самата постапка за вработување, како и во постапката за проверка на познавањето на турскиот јазик на кандидатите. Поради ова, инспекторатот го задолжил директорот да го поништи изборот на наставник во паралелки, каде што наставата се изведува на турски јазик.Карактеристично за оваа постапка е тоа што и покрај неспорно констатираните повреди на правата на подносителот на претставката и покрај започнатите дејства во насока на поништување на извршениот избор на наставник, подносителот на претставката ненадејно се одлучи да ја повлече претставката и побара од Народниот правобранител да запре со постапувањето по истата.

Народниот правобранител, имајќи ги предвид ваквите состојби ги охрабрува граѓаните и им укажува дека правата им се загарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните акти и во нивни раце е одлуката дали ќе бараат нивно целосно остварување од органите на власт, како што ги охрабрува и секоја манипулација или уцена со која се попречува или оневозможува нивното право, со која истите се ставаат во понеповолна, поточно нееднаква положба со друг граѓанин, веднаш да ја пријавуваат.

Од областа права од работен однос, пред Народниот правобранител се поднесуваа и претставки од наставници или вработени во јавни претпријатија, по основ на правото на реален надоместок за превоз од и до работното место. По овие претставки, Народниот правобранител ги информираше подносителите дека со воведувањето на исплата на бруто плата, надоместокот за превоз е вклучен со определен износ, но не секогаш во реален износ кој вработените го плаќаат за превоз до работно место, кога истото се наоѓа на поголема оддалеченост од местото на живеење. Што се однесува пак до правото на исплата на реални патни трошоци на наставниците, Народниот правобранител информираше дека истите иако не се предвидени во колективните договори за основното и средно образование, се предвидени во Општиот Колективен договор за јавниот сектор. Укажувајќи на можноста во судска постапка да бараат исплата на реалниот трошок, Народниот правобранител посочи дека различна е судската пракса, поточно некои судии го досудуваат ова право, а некои не, што дополнително ја отежнува одлуката кај работникот, по судски пат да бара исплата на разликата до реалните патни трошоци.

Имајќи ја предвид вака констатираната состојба во однос на остварувањето на правата од работен однос на вработените во општинските администрации, како и на вработените во јавните претпријатија и установи основани од локалните власти, Народниот правобранител уште еднаш посочува и укажува на законската обврска на локалните функционери, доследно да ги почитуваат постапките и процедурите од областа на работните односи предвидени со Закон, доследно да ги почитуваат и остваруваат правата на припадниците на заедниците за приоритет при вработување дадено со Уставот и со законите, секако почитувајќи ги при тоа критериумите на компетентност и стручност, како и да нема дискриминација по кој било основ, кон кое било лице.

## Потрошувачки права

Надлежностите на единиците на локалната самоуправа во делот на комуналните дејности се разновидни, а воедно, овие надлежности имаат големо влијание врз секојдневниот живот на граѓаните и на општината во целина. Генерален заклучок е дека општините покажуваат задоволителни резултати во организирањето и во испораката на комуналните

услуги, но исто така, имаат потреба од поголеми финансиски средства за да можат да го одржат и да го развијат комуналниот сектор според стандардите. Финансиската поддршка што локалните власти ја добиваат од централната власт за инфраструктурни инвестиции во комуналната дејност е далеку од доволна.

Поради важноста што ја имаат комуналните услуги, од една страна, и ограничените капацитети на општинските администрации, од друга страна, скоро сите општини во Република Македонија имаат формирано јавни комунални претпријатија на кои им е пренесено правото да испорачуваат една или повеќе услуги од комуналната област.

Следењето на состојбата во овој домен покажува дека јавните комунални претпријатија не се во состојба непречено да ги вршат своите надлежности, пред се поради амортизираната механизација, старите возни паркови, недоволниот степен на наплата на комуналните такси, финансиските загуби. Поради ова, не ретко локалните власти го субвенционираат работењето на конкретните комунални претпријатија. Од причина што капиталните инвестиции се минимални, овој податок укажува дека субвенционирањето најчесто е наменето за да се обезбедат тековните трошоци од работењето. Затоа, локалните власти често се принудени да донесуваат непопуларни мерки – зголемување на цената на комуналната услуга, за што кај граѓаните се јавува револт затоа што не добиваат квалитетна комунална услуга за средствата кои се обврзани да ги плаќаат.

Имајќи предвид дека се повеќе граѓани не се во можност да ги плаќаат своите обврски од користењето на комуналните услуги, некои единици на локалната самоуправа, со цел да им помогнат на граѓаните од социјално ранливите групи, од една страна, а и да ја подобрат финансиската состојба на комуналните претпријатија од друга страна, како еден од начините го избраа субвенционирањето за плаќање на комуналните такси. Така на пример, Општина Неготино врши субвенционирање на потрошувачката на комуналните услуги во делот на испораката на вода за пиење, канализација, одведување на отпадни води и подигање и изнесување на комунален отпад, со тоа што одлуката се однесува на домаќинствата кои се корисници на право на социјална парична помош. Општина Гевгелија за субвенционирање на комуналните трошоци на 150 социјално загрозени лица, обезбедува износ од 500,00 денари. Општина Охрид, отиде чекор понапред, што врши субвенционирање на име комунални трошоци во износ од 600,00 денари и тоа не само на корисниците на социјални надоместоци, туку и на стечајните работници и на инвалидизираните лица со најмалку 70% инвалидност. Советот на Општина Куманово пак, донесе одлука за субвенционирање на комунални услуги на социјално загрозените лица во износ од 1.200,00 денари. Народниот правобранител ги поздравува овие мерки, но укажува на потребата единиците на локалната самоуправа недостатокот на средства за инфраструктурни проекти и подобрување на квалитетот на јавните услуги да го надополнуваат изнаоѓајќи и други начини, користејќи ги меѓународните фондови и секако различните модели на јавно-приватно партнерство.

Во Статутот на Општините на скоро секоја единица на локалната самоуправа, како редовно тело при Советот на општината има предвидено и формирано Совет за заштита на потрошувачите. Ова тело има генерална надлежност да разгледува прашања и утврдува предлози коишто се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено да ја следи состојбата при вршење на комуналните услуги од јавните претпријатија, да се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги, да се грижи за унапредување на односот на вработените кон корисниците на услугите. Но, ова тело како составен дел на Советот на Општината е повеќе од формална природа, наместо реално да придонесува кон развојот на комуналните дејности.

Реално гледано, при недостаток на финансиски средства на локалната власт за зголемувањето на стандардите при вршењето на оваа дејност, мал е просторот за дејствување на овој Совет и истото најчесто се сведува само на следење на состојбата дали и како комуналните претпријатија согласно своите можности (со опрема и финансиски средства) ги вршат комуналните услуги.

Народниот правобранител препорачува поголема ангажираност и ефикасност на ова тело во работите кои реално може да ги врши, како и на организирање јавни трибини и други

форми на учество на граѓаните на кои граѓаните ќе бидат транспарентно информирани за реалната состојба во комуналната сфера, на кои ќе се расправа за начинот и квалитетот на вршење на комуналната дејност, ќе се запознаваат со нивните права и обврски кои ги имаат во оваа област и секако ќе се расправа за унапредување на заштитата на граѓаните во својство на потрошувачи. Голем е бројот на претставките во кои граѓаните укажуваа дека од страна на јавните комунални претпријатија, основани од страна на Општините, им се доставуваат опомени со кои се бара наплата на долг за испорака на вода и користење на комунални услуги, под закана за присилна наплата на истиот или за исклучување. Постапувајќи по претставките на овие граѓани, Народниот правобранител констатира дека се бара наплата на заостанат долг од пред повеќе години наназад, без притоа одредени Јавни претпријатија да ја достават и бараната информација дали ваквите долгови се утужени или не. Карактеристично за ваквите случаи е тоа што јавните претпријатија најнапред поднесуваа тужба, а потоа доставуваа опомена пред тужба, со што се постапува спротивно на Закон, а дополнително, неосновано ги задолжуваа граѓаните со судските такси.

Имено, ЈКП „Маврово" Маврови Анови, своето барање на наплата на заостанати, неутужени, а со тоа застарени побарувања, го правдаше со неизвршениот траен отпис од сметководствената евиденција. За ова, одлучувал Управниот одбор на претпријатието кој одлуката ја носел генерално – за сите корисници наеднаш на неколку години. Во конкретниот случај се работеше и за веќе платен долг, кој и покрај тоа, се побаруваше од граѓанинот, само поради тоа што поединечно не можел да биде избришан од сметководствената евиденција.

ЈП „Водовод" Куманово, поради неплатен долг за 2007, 2008 и 2009 година на претходниот корисник на објектот за кој имало склучено спогодба за начинот на подмирување, одбиваше да го евидентира новиот корисник кој со тоа својство се стекна со договор за купопродажба на објектот. Бараше од новиот корисник да го исплати долгот, како услов за негово евидентирање како нов корисник. На овој начин, претпријатието се обидуваше да наплати комунален трошок од лице кој истиот воопшто не го сторил, кој не ја користел комуналната услуга.

Народниот правобранител достави укажувања до сите комунални претпријатија со кои укажа дека со наплатата на застарени долгови и со доставувањето на опомени пред тужба за таквите долгови, се создава ситуација во која еден дел од граѓаните под страв на присилно извршување спремни се веднаш да го платат долгот или да ја прифатат нивната понуда и да склучат договор за наплата на долгот на рати, без оглед на тоа дали истиот е застарен и без оглед на тоа дали се законски должни да го исполнат побарувањето.

Најмногубројни беа претставките во врска со задолжувањето со наплата на комунална такса за јавно осветлување од страна на Општините. Имено, од граѓаните се бараше наплата на оваа комунална такса без притоа на тие подрачја Општините да имаат спроведено улично осветлување. Согласно одредбите од Законот за комунални дејности, обврската за плаќање на таксата за јавно осветлување се поврзува со поставувањето на електрично броило во објект и негово вклучување во електричната мрежа и тоа без разлика дали тој објект се користи или не, но сепак основен предуслов за наплата на таксата е да се користи услугата-да има спроведено јавно осветлување. Во Законот предвидени се ослободувањата од плаќањата на комунални такси за имателите на броила за мерење на електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување. Со оваа одредба недвосмислено се потврдува намерата на законодавачот да не се бара плаќање на такси за услуги кои граѓанинот не ги користи. На локалните власти, поточно на Советите на општините им е дадено право со Одлука да ги утврдат пасивните населени места со изразена миграција, дефицитарните занимања и занаети во изумирање и населените места каде нема јавно осветлување, со која овие корисници се ослободуваат од обврската за плаќање на комунална такса за улично осветлување. Но во пракса, чести се случаите кога Советите на Општините не донесуваат одлуки со кои ќе ги ослободат граѓаните од оваа обврска, иако во одделни реони не само што нема спроведено улично осветлување или истото се третира дека го има и покрај тоа што едно место за осветлување, опфаќа реон со дијаметар од по 1 и повеќе километри, туку од страна на општините воопшто, ниту се обезбедува потребната мрежна инфраструктура, како што често недостасуваат и светилки на веќе поставените, со децении стари, дрвени бандери. Ваквата состојба не е констатирана само во руралните средини,

иако таму е најчеста, туку и во урбаните средини.

Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител им укажа на градоначалниците дека согласно одредбите од Законот за комунални такси обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

Народниот правобранител потенцира дека не смеат да се злоупотребуваат граѓаните доколку со ваквата одлука не се опфаќаат сите реони и на тој начин да се занемарува фактичката состојба дали во определено населено место има или не спроведено јавно осветлување. Истовремено, Народниот правобранител, како еден од начините за решавање на овој реален проблем со уличното осветлување, кој исто така, пред се е темелен заради недостаток на финансиски средства, ги посочува позитивните примери на неколку општини, кои проблемот го решаваат преку јавно-приватно партнерство. Така на пример, Општина Чаир пушти во употреба модерен систем за јавно осветлување изграден по принципот на енергетска ефикасност. Општините Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево по пат на јавно-приватно партнерство ги заменуваат уличните светилки на жива со штедливи, со што се очекува заштеда на енергија од 80 проценти, како и заштеда на општините. Советниците пак, на Општина Битола, кон крајот на годината дискутираа за започнување на постапка за склучување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територијата на Општина Битола.

До Народниот правобранител поднесени се и претставки во кои граѓаните наведоа дека од страна на Јавните комунални претпријатија одговорни за собирање на сметот, истиот не се подига редовно и не се одржуваат чисти јавните површини, а на граѓаните им се наплаќа надомест за услуга која не ја користат. Така на пример, жителите на с. Буково, Општина Битола, реагираа на тоа што од страна на ЈП „Комуналец" Битола, не се врши редовно собирање на сметот од селото, како што и не се чистат дивите депонии. Јавното претпријатие наведе дека чистењето на дивите депонии не е во надлежност на ЈП „Комуналец", туку тие имаат обврска отпадот да го собираат од специјализирани садови за изнесување на смет, што и се прави редовно, без притоа да даде информација кое друго претпријатие ја има должноста да ја одржува чистотата на јавните места.

Жителите на с. Лопатица, Општина Битола, укажуваа на неоснованото наплатување на надоместок за јавно зеленило и одржување на зелените површини, поради тоа што во селото нема јавно зеленило. Народниот правобранител побара информација дали жителите на с.Лопатица ја користат услугата за одржување на јавни зелени површини и јавна чистота, како и да се наведат јавните зелени површини и јавното зеленило во селото. Јавното претпријатие, во одговорот потврди дека такви јавни зелени површини во с. Лопатица не постојат, но дека селото припаѓа во Општина Битола, каде има јавно зеленило. Јавните зелени површини во градот Битола се за општа и заедничка употреба на жителите на Општината, по што како жители на Општината, истите, според Одлуката на Советот на Општината, имаат обврска да го плаќаат надоместокот, кој е приход на Општината.

Граѓаните реагираа и за одолжување на постапките за приклучок кон водоводната мрежа, неотстранување благовремено на пријавени дефекти на водомерите. Во овој домен, констатирани се и случаи во руралните средини, каде водоводните мрежи се во сопственост на месните заедници на селата, како и попречување на правото на приклучок за новоизградени објекти, пред се поради веќе оптоварената мрежа и слабиот притисок на вода.

Народниот правобранител препорача во сите вакви случаи локалната власт да изнајде начин и средства да се вклучува како сосопственик, како единствен начин за обновување и зголемување на капацитетот на водоводните мрежи во руралните средини, со што ниту еден граѓанин не би бил принуден да живее без водоводен приклучок во својот дом.

## Социјална заштита

Во насока на зголемување на социјалната сигурност и правилно лоцирање на вистинските проблеми со кои граѓаните непосредно се соочуваат во локалната заедница каде што живеат, со процесот на децентрализација на единиците на локалната самоуправа им е пренесена надлежноста во областа на социјалната заштита.

Имено, по пренесената надлежност и согласно донесените закони, им се довери одговорноста за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми во соработка со останатите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и невладините организации. Оттука, децентрализацијата бара постоење на соодветни капацитети на локално ниво. Генерален заклучок  за сите општини е дека процесот на децентрализација во областа на социјалната заштита не бележи видливи резултати. Причините за вака забавеното темпо на реализација на оваа надлежност се наоѓаат во специфичната, финансиски скапа и сложена надлежност, како и недостатокот на добро обучени кадри во општинските администрации, кои би ја спроведувале и воделе оваа децентрализирана услуга.

Одреден прогрес се забележува во основањето и одржувањето на детските градинки и домовите за стари лица. Но и во овој домен локалната власт не е во можност сама да го финансира нивното работење, односно зависи од финансирањето од централната власт, кое се врши преку наменски или блок-дотации. Објектите на детските градинки и домовите за стари лица, кои преминаа во сопственост на општините, се во многу лоша состојба и на нив не е направена никаква интервенција години station наназад, од причина што немаат финансиска моќ самите да се справат со овој проблем, односно општините повторно зависат од финансиската поддршка на централната власт.

Иако повеќето единици на локалната самоуправа донесоа Програми за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита, во кои се определуваат и активности по одредени целни групи ( деца на улица, стари лица, лица со посебни потреби, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост), не секогаш има повратна информација во колкав процент овие програми и реално се остваруваат.

При следењето на состојбата во оваа област, Народниот правобранител констатира дека нема јасен стратегиски план за унапредување на состојбата на социјално загрозените лица во општините. Мерките што се преземаат се сведуваат на краткотрајни проекти без резултати на подолг рок, отсуствува проактивна соработка на општината со бизнис-секторот или конкретни иницијативи за прибирање средства за сиромашните и за ранливите групи граѓани. Не постои континуирана активност на општините за ангажирање работоспособни граѓани за извршување работи од јавен интерес. Мерката најчесто се сведува на финансиски средства од централната власт и не е постојана. Народниот правобранител посочува на важноста и потребата од социјалната превенција која треба да се спроведува од локалната власт која ќе овозможи рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, на кој начин можат да се надминат или да се ублажат штетните последици од изложеноста на социјален ризик кај граѓаните. Истовремено, Народниот правобранител укажува на потребата на преземање на конкретни, ефективни и ефикасни мерки на локално ниво, со цел социјално исклучените граѓани повторно да бидат вклучени во општеството.

Исто така, граѓаните не се доволно информирани за правата од социјална заштита од страна на локалната власт и единствено бараат еднократна парична помош, најчесто при тоа сметајќи дека тоа е добра волја на градоначалникот, а не нивно законско дадено право. Ваквата констатација се потврдува и од неколкуте претставки од оваа област по основ – право на еднократна парична помош, каде што во оделни случаи Народниот правобранител успеа да ја забрза постапката за доделување на паричната помош или им укажуваше на граѓаните дека и покрај нивната неспорна потреба од финансиска помош за решавање на некој  проблем, сепак истите не ги исполнуваат условите предвидени од локалната власт, како можност за добивање на истата.

Оттука, потребна е поголема ангажираност, преземање на проактивни мерки и политики во насока на запознавање на граѓаните со правата од социјалната сфера, а кои

можат да ги остваруваат пред локалната власт. Во тој контекс потребно е при утврдувањето на локалните буџети да се предвидуваат финансиски средства со кои барем до некој степен би се решиле проблемите на социјално загрозените граѓани и би се унапредила нивната состојба во општините.

## Животна средина

Законите и подзаконските акти од сите сфери на животната средина во себе ги содржат основните принципи врз основа на кои се уредени постапките во управувањето со животната средина.

Планираните активности за заштита на животната средина се утврдени во Националните еколошки акциони планови, Локалните еколошки акциони планови, како и во согласност со меѓународните конвенции и договори во оваа област.

Забележителна е недоволната обученост на општинската администрација, како и на другите инволвирани субјекти (особено во индустрискиот сектор) за спроведување на законските прописи. Реално, проблемите во ефикасно вршење на оваа пренесена надлежност се се поголеми, поради отсуството на функционална поврзаност помеѓу локалното и централното ниво. Имајќи ги предвид новите надлежности и задачи што треба да ги преземат, единиците на локалната самоуправа имаат потреба од модалитети за размена на искуства.

Во практика граѓаните се уште живеат во простори опкружени со диви депонии, со комунален и градежен отпад по населбите и улиците, живеат покрај загадени канали за вода, загадени реки, живеат дишејќи загаден воздух од стопанските субјекти изградени во близина на градовите и селата. Народниот правобранител смета дека тоа е резултат и на недоволно развиената еколошка свест на граѓаните, недоволната едуцираност за нивните права од оваа област, но и од стандардот на граѓаните и времето во кое живееме кое е исполнето со егзистенцијалните проблеми кои го намалуваат интересот за решавање на ваков тип проблеми. Граѓаните многу малку посветуваат внимание на дивите депонии од кои се шири неподнослива смрдеа и кои се грда слика покрај магистрален пат, како што е случајот при влезот на Битола, како да се навикнуваат на складираниот отпад на излезот на градот во близина на силоси на жито и фабрики во кои се произведува храна, како што е случајот во Тетово. Кичевската депонија со децении се наоѓа на само десетина метри од најблиската куќа до неа и во непосредна близина на градската болница. Не се посветува внимание дека фрлањето на отпад, ѓубре во реките кои течат низ градовите, ја загадува животната средина и им штети на граѓаните и на нивното здравје. Поточно граѓаните самите тоа го прават, како што е случајот со реката Пена, со водите на Вардар кои со секое надоаѓање кај Велес, ја носат сета нечистотија на жителите од Гостивар, Тетово и Скопје.

Поради ваквата состојба Народниот правобранител смета дека е потребно локалната власт да преземе поактивни, поефикасни мерки, со цел подигање на јавната свест за потребата на здрава животна средина и мобилизирање на граѓаните кои го подржуваат спроведувањето на плановите и програмите за здрава животна средина. Истовремено, потребно е зајакнување на инспекциските служби, нивно професионално доусовршување, како и одговорност за пропустите во нивното работење.

Недоволната заинтересираност на граѓаните за непречено и целосно остварување на нивното право на здрава животна средина се потврдува и од бројот на поднесени претставки пред Народниот правобранител од оваа област, кој континуирано е мал и кој не претставува реален одраз на состојбите во оваа сфера. Најголемиот број на претставки се однесуваат на зголеменото ниво на бучава предизвикано од гласната музика од угостителските објекти или од дејности вршени од самостојни занаетчии или правни лица кои своите работилници најчесто ги лоцираат во близина на нивниот дом или во централните градски подрачја. По однос на претставките поради гласната музика, инспекторатот за животна средина постапува по барањата на Народниот правобранител и по преземените надзори секаде онаму каде ќе констатира повисоко ниво на бучава од она со Закон определеното, презема соодветни

мерки и донесува решенија со  кои ги санкционира сопствениците на угостителските објекти.

Што се однесува до бучавите предизвикани од вршењето на дејности од самостојните занаетчии, или правни лица, овластените инспектори за животна средина, исто така постапуваат по барањата на Народниот правобранител, извршуваат инспекциски надзори и по истите преземаат дејства. При постапувањето по овие претставки, Народниот правобранител констатира дека не секогаш самостојните занаетчии, или правните лица го почитуваат Законот и пред да започнат со својата дејност не го изработуваат и доставуваат на одобрение до градоначалникот, Елаборатот за заштита на животната средина. При надзорот, во неколку претставки инспекторатот констатирал дека истите започнале со  вршење на дејноста и без одобрен Елаборат или воопшто не почнале постапка за негово изготвување. Поради ваквата состојба Народниот правобранител укажува на потребата од вршење на почести контролни инспекциски надзори, со цел да се спречи повреда на законот, како и да се зголеми капацитетот на одделенијата за заштита на животната средина и тоа и во бројност на инспектори за заштита на животната средина и во нивна континуирана обука и надоградување на знаењата, сето во функција на континуирано следење на состојбите од оваа област и овозможување на граѓаните уживање на правото на здрава животна средина.

Претставките кои се однесуваат на загадувањето на медумите на животната средина (почвата и воздухот), најчесто се заради несоодветно чување на добиток и живина, или нивно чување во приградски населби, со што соседите се подложни на постојана врева и неподнослива смрдеа.

Народниот правобранител констатира дека инспекторите при Општините, по констатирањето на сторен прекршок донесуваат управни акти со кои го задолжуваат сторителот на определени дејства. Многу често, сторителот не постапува по задолженијата, по што се поведуваат прекршочни постапки, но факт е дека додека течат постапките сторителот на загадување на животната средина и понатаму продолжува да го прекршува законот, а многу често ја плаќа казната, но не го отстранува добитокот, живината. Проблемот е во тоа што локалните власти не го извршуваат присилно актот кој самите го донеле. Народниот правобранител укажува на потребата единиците на локалната самоуправа да изнајдат ефикасни мерки и начини за решавање на овој присутен проблем.

Во однос на загадувањето на воздухот, оваа година се поднесени и претставки по основ загадување од чад од угостителски објекти и од објекти во кои се вари ракија.

Нема ниту една претставка која би се однесувала на загадувањето на воздухот од индустриските објекти, од палењето на ѓубрето во „градските" депонии, што секако не значи дека такви загадувања немаше во 2013 година, напротив.

Имајќи ја предвид констатираната состојба за степенот на почитување и остварување на правата од животната средина во Републиката, Народниот правобранител констатира дека еколошката свест кај граѓаните се уште е на ниско ниво, поради што укажува на потребата од преземање на итни мерки за нивна едукација за важноста на животната средина која директно влијае врз нивното здравје, а и врз самиот амбиент на нивното секојдневно живеење. Зголемување на превентивни активности со директно вклучување на граѓаните ценејќи дека со тоа ќе се влијае и на подигнување на нивната свест за потребата од здрава и чиста животната средина.

## Финансии

Процесот на децентрализација донесе позитивни новини во сферата на финансиите на локално ниво, меѓу кои можноста и обврската локалните даноци и такси да бидат администрирани (утврдување и наплата) од страна на единиците на локалната самоуправа, како директен корисник на средствата. Сепак, Народниот правобранител смета дека висината на даноците е повеќе декларативна. Ова од причини што за да се обезбеди самостојност треба да се има целосна фискална автономија, на начин што локалната власт ќе има право да ги утврдува и менува даночните стапки и даночните основици. Во принцип, тоа значи право на локалната власт самата да избере, поточно Советите на општините сами да го утврдат

процентот на даноците.

Постојните законски решенија предвидуваат самостојност на локалната власт преку Советите на општините при избор на висината на процентот на данокот кој веќе е со лимитиран износ „од-до", даден во самиот Закон. Имајќи го предвид наведеното, се наметнува сосема логично прашањето дали со ваквиот начин на обезбедување на приходи, се врши вистинска фискалана децентрализација или само се префрлаат надлежностите и одговорностите за утврдување и наплата на овие даноци.

Исто така, приходот на локалната власт се обезбедува со веќе изготвени  закони и единствен нов Закон, донесен во процесот на децентрализацијата, со кој се дополнуваат приходите на локалната власт е Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со кој им се обезбедува и приход кој централната власт ќе го трансферира на општините во законски утврден процент од 3% од персоналниот данок на доход и од данокот на додадена вредност, кој процент за 2013 година изнесува 4,5%. Инаку, во законот се утврдуваат и други начини со кои се обезбедуваат приходи (блок и наменски дотации, донации, средства од закуп и продажба на недвижности, казни итн.). Состојбата на терен покажува дека иако фискалната децентрализација приврширува, поголем број општини се уште се соочуваат со проблемот на автономно прибирање на приходите, а процентот на администрирање на приходите зависи од даночниот капацитет на општините. Правилното постапување при утврдувањето и наплатата на локалните даноци и такси, високиот степен на наплатеност на локалните даноци и такси се карактеристика на локална самоуправа, која има соодветен капацитет за управување со правата и обврските овозможени со соодветните закони. Пример општина Карпош наплати 90,68% од утврдениот данок на имот за 2012 година, општина Центар - 87,73%, општина Аеродром - 82,57%, општина Гевгелија на почетокот на 2013 година информира дека успеала да наплати 81,60% од вкупното даночно задолжување за 2012 година, додека пак општина Прилеп заклучно со третиот квартал од 2013 година има реализација од околу 80% од предвидените за наплата локални даноци, такси и придонеси. Наспроти овие примери, дури на 27 општини им се намалиле приходите за 20%, затоа што не успеале навреме да ги наплатат даноците.

Народниот правобранител во насока на подобрување на реалната состојба во областа на фискалната децентрализација, препорачува да се воспостават  процедури и стандарди во администрирањето на даноците од страна на локалната власт, преку иницирање измени и дополнувања на законските и подзаконските прописи како и утврдување на соодветни постапки и процедури на постапување во администрирањето на локалните даноци и такси. Исто така, препорачува да се преземат активности за понатамошно подобрување на наплатата на даноци, односно навремено доставување на даночните решенија до физичките и правните лица и континуирано следење на степенот на наплата на данокот на имот по годишни квартали, со цел да се утврди динамиката на наплатата на даноците и таксите, а со тоа и благовремено реагирање и преземање соодветни мерки за зголемување на наплатата. Само со професионален однос на администрацијата во прибирањето на сопствените приходи, со зголемување на ефикасноста, транспарентноста и отчетноста на овој процес, ќе се зголемува и довербата на граѓаните кон локалната власт што само по себе ќе доведе и до зголемување на лојалноста на граѓаните, изразена токму преку исполнување на нивните обврски за плаќање на даноците и локалните такси.

Според поднесените претставки пред Народниот правобранител од оваа област во 2013 година, граѓаните повторно се соочуваа со обидите на администрацијата да наплати застарен данок, со непочитување на законско предвидената постапка за утврдување на даноци-особено со начинот на примена на Методологијата за утврдување на вредноста на недвижниот имот, одолжување на жалбена постапка, неизвршување на присилна наплата на данок, кога должник е Владата на Република Македонија или правно лице основано од неа, како и проблеми заради неможноста за поврат на погрешно уплатен данок.

Народниот правобранител констатира значителен  напредок во однос на почитување на законските одредби за застареност на наплатата на данокот од страна на локалната власт и во тој контекст претставки по овој основ се поднесени само спрема општина Битола.

Постапувајќи по претставка од граѓанин, Народниот правобранител констатира дека

градоначалникот донел решение за данок на имот за 2013 година и решение за присилна наплата на неплатен данок на имот од 2000 година, а при тоа е блокирана и трансакциската сметка на граѓанинот. Двете решенија беа на име на починато лице. Народниот правобранител му укажа на градоначалникот на потребата за итна примена на одредбата од Законот за даночна постапка која предвидува промена на даночно решение и истото да се наслови до наследниците на починатиот даночен должник, утврдени по завршувањето на оставинската постапка, согласно Законот за наследување. Поконкретно, укажа на законската обврска за примена на одредбата од Законот, според која,  правото на наплата на данокот и правото на наплата на трошоци за присилна наплата застарува за пет години по истекот на годината во која требало да се изврши наплатата.

Во конкретниот случај, општинската администрација не располага со доказ дека до 2005 година, Управата за јавни приходи презела дејства спрема должникот за наплата на данокот на имот, ниту пак општинската администрација располага со доказ дека претходно, пред донесувањето на опомената за плаќање на данок на име на даночниот должник во 2012 година, презела некои дејства со кои би се прекинала застареноста на побарувањето на данокот.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка состојба, Народниот правобранител  укажа дека општинската администрација има законско право да бара наплата од наследниците на починатиот даночен должник, по основ данок на имот само за последните 5 години. Наплатата на данок на имот повеќе од 5 години, во конкретниот случај би била противзаконско дејствување на општинската администрација, за кое се сносат и правни последици.

Повикувањето на општинската администрација дека мора да ги наплаќа даноците за 10 години station наназад, од причина што градоначалникот не дал предлог за траен отпис на даночните обврски до Советот на општината, за Народниот правобранител е неприфатливо и правно неиздржано. Општинската администрација  е должна да го почитува Законот во делот на застареноста за наплата на данок и да не бара од граѓаните наплата на данок кој е застарен, без разлика дали станува збор за релативна (5 години), или апсолутна (10 години) застареност. Нема никаква причинско-последична врска на сметковотствен траен отпис на даночни обврски со законска наплата на тие обврски, поточно застареноста на побарувањата на данок, во ниту една одредба од Законот за данок на имот не е условена со тоа дали застарените побарувања се смектоводствено отпишани или не. На ваквата примена на оваа одредба укажа и директорот на Управата за јавни приходи по побарано мислење од страна на Народниот правобранител во однос на оваа законска одредба.

Спротивно на Општина Битола, градоначалникот на Општина Штип, достави Предлог до Советот на општината за траен отпис на неплатени, а застарени за наплата даноци на имот до 2007 година, за околу 15.000 граѓани и фирми. Со спроведувањето на Законот, градоначалникот на Општина Штип ослободи околу 15.000 граѓани од неоснованите и незаконито блокирани трансакциски сметки и извршни постапки, со кои за жал се соочуваат граѓаните на Битола.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка, во која се бараше констатирање на законитоста на задолжувањето со данок на имот од страна на Општина Битола, од причина што подносителот на претставката не поседува никаков имот на територијата на општината, туку неговиот имот се наоѓа во Општина Могила, каде редовно ги намирува обврските по основ данок на имот. Секторот за финансиски прашања потврди дека овој граѓанин години наназад се задолжувал со имот за неаграрно земјиште кој редовно го плаќал, но за 2013 година ќе бил избришан од евиденцијата на даночни обврзници. Повторно недостасуваше информација, ниту како е констатирано од администрацијата дека овој обврзник има имот за оданочување, ниту пак, како по интервенцијата на Народниот правобранител, констатирале дека сега нема имот, кога граѓанинот не доставил никаков правен акт, ниту таков акт има, а со кој тоа неаграрно земјиште гласи на друго лице.

Образложението дека граѓанинот не поднесувал жалба на решенијата од Општина Битола (во кои данокот бил во износ од 30,00 денари ) не може да биде прифатено како законски оправдано да се наплаќа данок на имот, кој никогаш не бил во посед на граѓанинот. Таквото оправдување само ја покажува недоволната стручност на администрацијата во

водењето на постапките со кои треба точно и неспорно да се утврдат даночните обврзници на територијата на општината. Народниот правобранител го советуваше подносителот на претставката да покрене постапка за враќање на погрешно наплатениот данок на имот.

Оваа извештајна година Народниот правобранител постапуваши по предмети од граѓани кои водеа постапки кон Општина Битола и Општина Пробиштип заради неправилно утврдена пазарна вредност на недвижност, како основа за утврдување на данокот на имот за истата. Подносителите сметаа дека од страна на администрацијата погрешно е применета Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Во овие претставки, Народниот правобранител констатира дека подносителите нај-напред ја имаа прифатено утврдената пазарна вредност од страна на Комисијата и ги советуваше доколку во новите решенија им е утврден повисок данок на имот, истите да поднесат жалба, но истовремено им укажа на обврската, доколку во меѓувреме настанала измена во смисла на зголемување или намалување на имотот со купопродажба, доградба или пренамена на корисната површина, да поднесат даночна пријава до 31 јануари во годината за која се врши утврдувањето на данокот, затоа што во спротивно, во прекршочна постапка може да им се изрече парична казна.

Кон општинската администрација на Општина Делчево и Град Скопје се постапуваше по основ на ненавремена и неуредна достава на решенијата за данокот на имот повеќе години наназад, поради што граѓанинот беше принуден еднократно да плати данок за повеќе години наназад. Народниот правобранител констатира дека секоја година решенијата биле доставувани по пошта, на адреса која била пријавена од страна на граѓаните, кои од непознати причини истите не ги примале. Во Општина Штип, граѓанин пред 2 години поднел жалба на решение за данок на имот до второстепениот орган, но немал одлука по истото. При постапувањето констатирано е дека предметот е изгубен, поточно не можеше да се констатира дали воопшто е пратен до второстепениот орган или не. Постапено е по укажувањето на Народниот правобранител и извршена е целосна обнова на списите во предметот, по што е донесен нов управен акт – решение.

Граѓаните се соочуваа со попречување на упис на нивните новокупени недвижности во катастарските евиденции, поради одолжување на постапките за утврдување на данокот на промет со недвижност од страна на општините, или со одолжување на присилната наплата на истиот од даночниот должник. Народниот правобранител по овој основ постапуваше спрема администрациите на општините Делчево, Крива Паланка, Градот Скопје, Куманово и Битола. Најчесто одолжување на постапката се констатира во случаи кога како даночен должник се јавуваше Владата на Република Македонија, или АД за стопанисување со станбен простор сопственост на Републиката.

Во однос на ова, Град Скопје има донесено Решенија за наплата на данок на промет со недвижност на име на Влада на Република Македонија уште во 2010 година, започната е постапка за присилна наплата за истите, но наплатата не извршена на сите решенија цели 3 години, поради што присилната наплата за некои се уште е во тек. Општина Гевгелија донела Решение за утврдување на данокот во 2011 година, доставила две Опомени во 2011 и една во 2012 година, по кои од страна на Владата не е постапено, по што Народниот правобранител укажа дека е потребно веднаш да се спроведе постапка за присилна наплата на даночната обврска. Општина Куманово го задолжила со Решение за наплата на данок на промет со недвижности АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката, кое е обжалено. Второстепениот орган ја одбил жалбата на АД како неоснована, по што Друштвото повело управен спор.

Народниот правобранител и укажа на општинската администрација за неоснованоста на незапочнувањето на присилната наплата на даночната обврска, потенцирајќи ги законските одредби во кои јасно е наведено дека жалбата, ниту спорот, не го одлага извршувањето. Општината постапи по укажувањето и го извести Народниот правобранител дека ќе започне со присилната наплата на данокот.

Имајќи ја предвид вака констатираната состојба на почитување на правата на граѓаните во областа на администрирање на даноците од страна на локалните власти, Народниот правобранител, најнапред им укажа на општинските администрации за законската обврска

да спроведат присилно извршување на секој достасан неплатен долг, без разлика кој е даночен обврзник, од причина што непреземањето на таквите дејства, го попречува правото на упис на преносот на правото на сопственост на недвижности во катастарските книги, на кој начин несомнено се повредува и правото на непречено располагање на сопственоста на граѓаните кои во законска постапка ги купиле и платиле имотите.

Народниот правобранител укажува на потребата општинската администрација недвосмислено да ги применува одредбите од законите со кои се регулира начинот на достава на управните акти со кои се врши задолжување на граѓаните со плаќање на данок. Истовремено, во целост професионално и неспорно да се евидентира на кој од начините, предвиден со закон, се доставуваат опомените за достасан, а неплатен даночен долг до даночните должници, како истите би претставувале неспорен даночен управен акт кој произведува правни последици за даночните должници. Исто така, Народниот правобранител укажува децидно да се почитуваат одредбите од Законот за данок на имот во насока истите да не се злоупотребуваат и граѓанинот да не се условува за остварување на некое право со предходно уплатени даноци по кој било основ, што најчесто се случува при наплатата на данокот на промет на недвижност.

Само со целосно, недвосмислено и точно постапување по одредбите од законите и со почитување на законските рокови, општинската администрација ќе биде вистински сервис на граѓаните во оваа област и во целост ќе ги остварува и заштитува нивните права, со што ќе се зголемува правната сигурност на граѓаните, но и ќе се зголеми нивната лојалност кон локалната власт и редовно плаќање на нивните обврски, што ќе биде од полза за развојот на локалната заедница во целост.

## ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА

### НП бр. 1943/13

*Постапувајќи по претставка на барател на правото на постојана парична помош, Народниот правобранител констатира дека надлежниот Центар воопшто не преземал мерки по барањето на подносителот на претставката, односно не изготвил правен акт со кој одлучува по барањето. По интервенција на Народниот правобранител предметот е земен во работа и донесено е решение по две години од поднесеното барање. За несоодветното постапување Народниот правобранител ги информираше одговорните органи и укажа на потребата за преземање мерки, за да се обезбеди соодветна социјална заштита.*

### НП бр. 2558/13

*Подносителка на претставка од Врапчиште-гостиварско, побара од Народниот правобранител заштита на своите права, затоа што Министерството за труд и социјална политика не постапило по Пресудата на Управниот суд, со која се поништува Решението на Министерството за труд и социјална политика и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител се обрати до Министерството за труд и социјална политика и укажа веднаш да постапи по пресудата и да донесе законито решение, согласно укажувањата на Управниот суд во пресудата, при што се повика за задолжителноста на судските одлуки, согласно Законот за судовите и Законот за управните спорови. Министерството за труд го прифати укажувањето на Народниот правобранител и постапи по пресудата, односно донесе решение кое го достави и до странката.*

### НП бр. 1638/13

*Граѓанка од Прилеп побара интервенција од Народниот правобранител затоа што не и бил исплатен паричен надомест на трошоците за купена терапија-инекции, односно од страна на Министерството за здравство не беше одлучено по жалбата поднесена против Решението на Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба Прилеп.*

*Народниот правобранител се обрати до Министерството за здравство со укажување во најкраток можен рок да се преземат мерки за надминување на проблемот со одолжувањето на постапката по поднесената жалба. Министерството за здравство презеде мерки и донесе Решение по жалбата на подносителката, со што го остварила правото за кое побара заштита од Народниот правобранител.*

### НП бр. 2522/13

*Граѓанин од Скопје побара интервенција пред „Топлификација" АД-Скопје заради нереализирање на одобрениот износ со кој бил повеќе задолжен. Подносителот во претставката наведе дека од страна на „Топлификација" АД-Скопје на неговата трансакциска сметка не биле префрлени повеќе наплатените средства, иако уредно ги доставил потребните документи.*

*Постапувајќи по изнесените наводи, Народниот правобранител побара да се изврши проверка во евиденцијата на друштвото, при што беше потврдено дека паричните средства не се префрлени.*

*По интервенцијата на Народниот правобранител беше реализирана трансакцијата на средствата што беше потврдено и од страна на подносителот на претставката.*

## НП бр. 417/13

*Граѓанин побара интервенција од страна на Народниот правобранител поради одолжување на постапката за одлучување по поднесена жалба против Решението на првостепениот орган за престанок на правото на постојана парична помош. Народниот правобранител во неколку наврати интервенираше пред Министерството за труд и социјална политика и надлежниот Центар за социјална работа со барање да се преземат мерки за забрзување на постапката и правилно да се утврди фактичката состојба. По интервенциите на Народниот правобранител, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје достави известување дека одлучил по барањето на граѓанинот со Решение, со кое му се признава правото на постојана парична помош.*

## НП бр. 141/13

*Граѓанка на Република Чешка достави претставка во која наведе дека и се повредени правата со неисплата на пензијата остварена со акт на надлежен орган од пензиското и инвалидско осигурување во Скопје. Народниот правобранител констатирајќи повреда на правата, контактираше со претставници на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, укажувајќи на повреда на правата на странката со неисплата на пензијата. Народниот правобранител беше известен дека одолжувањето на исплатата е последица на нере-шеното оштетно побарување помеѓу двете земји и по дополнително преземени мерки од надлежните органи проблемот беше надминат и на странката и беа исплатени пензиите.*

## НП бр.2233/13

*Граѓанка од Република Црна Гора достави претставка во која наведе дека и се повредени правата со неодлучување по барањето за остварување на правото на семејна пензија, од надлежниот орган за пензиско осигурување во Скопје.*

*Народниот правобранител констатирајќи повреда на правата, контактираше со претставници на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и побара веднаш да се одлучи по барањето, по што беа преземени мерки од надлежните органи за забрзување на постапката, односно беше донесено Решение и беа исплатени пензиите.*

## НП бр.1394/13

*Подносителка од Скопје достави претставка за повреда на правата во која меѓудругото наведе дека дипломирала на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" на Медицинскиот факултет Скопје и се стекнала со право на стручен назив дипломиран радиолошки технолог, а откако го положила стручниот испит ЈЗУ Универзитетски клинички центар-Скопје и издал Уверение во кое стоело дека подносителката има завршено вишо образование, односно е со занимање виш радиолошки техничар. Подносителката се обратила до Универзитетската клиника за радиологија за да се исправи оваа грешка, но долго време никој не постапувал по барањето.*

*Народниот правобранител постапи по претставката и побара забрзување на постапката, по што грешката во Уверението е исправена.*

## НП бр. 2983/13

*Граѓанин од Струмица достави претставка во која наведе дека Фондот за здравствено осигурување-Подрачна служба Скопје му ги повредил правата, затоа што му била одбиена жалбата како ненавремена.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител изврши увид во предметот и притоа констатира несогласности во диспозитивот и образложението на решението, односно утврди различни генералии на осигуреници во решението. Воедно констатира дека граѓанинот благовремено го обжалил решението, меѓутоа заради пропусти на службите на Фондот жалбата е одбиена како ненавремена. Народниот правобранител, исто така утврди грешка и при утврдување на фактичката состојба. Имено, документацијата за која Фондот наведува дека не била комплетна, поради што било донесено негативно решение беше дел од предметот.*

*Со оглед на наведените пропусти од страна на Фондот, Народниот правобранител побара повторно да се разгледа предметот и да се одлучи во најкраток можен рок. Укажувањата на Народниот правобранител беа прифатени од страна на Фондот кој ги исправи констатираните пропусти и подносителот го остварил правото на признавање на трошоците за болничкото лекување.*

## НП бр.1627/13

*Граѓанин од Скопје до Народниот правобранител достави претставка заради непостапување на Министерството за здравство по пресуда на Управен суд со која му е уважено тужбеното барање, а оспореното Решение е поништено и предметот вратен на повторна постапка.*

*Народниот правобранител се обрати до Министерството за здравство укажувајќи на повреда на правата поради непостапување по пресудата на Управниот суд и препорача надлежниот орган во рамките на своите надлежности веднаш да постапи по пресудата и да донесе законито решение, согласно укажувањата на судот во пресудата.*

*По повеќе интервенции од страна на Народниот правобранител (ургенции, информација и укажувања), Министерството донело решение со кое ја уважува жалбата на граѓанинот и предметот го вратил на повторно разгледување и одлучување во Фондот за здравствено осигурување-Подрачна служба Скопје.*

## НП бр.1281/13

*Постапувајќи по барање на родител Народниот правобранител покрена постапка и се обрати до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и до Детската градинка „13 Ноември" - Скопје, заради тоа што градинката одбивала да го прими детето, поради неговата здравствена состојба. Станува збор за дете кој е носител на бактерија, но не и пренесувач на истата.*

*Народниот правобранител побара од Министерството за труд и социјална политика да се преземат соодветни мерки за конкретниот случајот, со оглед на тоа дека во наведената градинка се повторува појавата на бактеријата „стрептокока" кај повеќето деца. Исто така од здравствените институции побара мислење за случајот со детето, односно дали постои можност бактеријата да биде пренесена на други деца, за начинот на кој треба да се применува заштитата и дали истата е заразна, имајќи предвид дека детето веќе подолг период прима терапија. По преземените мерки, особено по мислењето од здравствените институции детската градинка го информирала родителот дека детето може да оди во градинка.*

## НП бр. 227/13

*Вработена во Културно-информативен Центар-Скопје, побара интервенција поради непостапување по донесен наод, оцена и мислење на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за распоредување на друго работно место.*

*Народниот правобранител откако констатираше повреда на нејзините права од страна на Културно-информативен Центар-Скопје, упати укажување со цел постапување согласно наод, оцена и мислење од надлежниот орган. Народниот правобранител беше информиран дека работодавачот донел решение за распоредување на подносителката на работно место кое не е поврзано со тешка физичка работа заради спречување од настанување на инвалидност.*

## НП бр. 2159/13

*Граѓанин од Скопје, поднесе претставка поради повреда на неговите уставни и законски права од Центарот за катастар на недвижности Скопје.*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител утврди дека пријавата за запишување на промена во катастарот на недвижности за КО Сингелиќ - 1, од Центарот за катастар на недвижности Скопје е одбиена со образложение кое е крајно контрадикторно и нејасно. Заради што Народниот правобранител од Секторот за внатрешна контрола и надзор во Агенцијата за катастар побара да преземе дејства за увид и контрола на законитоста во постапувањето на Центарот за катастар на недвижности Скопје, во контекст на предметната постапка.*

*Интервенцијата на Народниот правобранител е прифатена на начин што од Центарот за катастар на недвижности Скопје, во меѓувреме е спроведена потребната постапка и предметот е позитивно решен, за што е донесена Потврда за запишување на промена во катастарот на недвижностите и недвижниот имот е запишан во соодветен имотен лист.*

## НП бр. 2990/13

*До Народниот правобранител е доставена претставка од родител во која наведува дека во неколку наврати се обратил до ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, поточно до директорката, со барање за упатување на неговото дете да се лекува во странство. Со цел преземање на мерки за подобрување на здравствената состојбата на детето подносителот побарал од Клиниката за детски болести-Скопје, оддел Хемоонкологија да му издаде конзилијарно мислење за упатување на детето на лекување во странство.*

*Имајќи го предвид најдобриот интерес на детето и правото на највисоко ниво на здравствена заштита гарантирано со Конвенцијата за правата на детето, Народниот правобранител побара од Клиниката да се преземат мерки за непречена здравствена заштита на малолетното дете и во таа насока да се постапи по барањето на родителот. Клиниката го прифати барањето и изготви конзилијарно мислење по барањето за лекување во странство.*

## НП бр. 2719/13

*Поради молк и непостапување на државен орган овластен за лиценцирање документ во областа на градежништвото, доставена е претставка до Народниот правобранител од граѓанин кој шест месеци чекал на остварување на своите права. Поради тоа што подносителот на претставката е припадник на помала етничка заедница, неговото обраќање во претставката беше поднесено како дискриминација по етничка основа.*

*Од увидот во расположливата документација доставена од подносителот поткрепено со прописи за правната процедура со која се овозможува лиценцирање за работа во областа на градежништвото, Народниот правобранител утврди дека овластениот орган за лиценцирање - Комора на архитекти има извршено повреда преку несоодветна примена на подзаконски норми, поради што упати укажување за доследно почитување на постапката и примената на прописите при издавање на лиценци.*

*Комората како овластена инстанца за лиценцирање во областа на градежништвото, го прифати укажувањето на Народниот правобранител, така што подносителот на претставката го оствари своето право.*

## НП бр. 775/13

*До Народниот правобранител доставена е претставка, во која меѓудругото се наведува дека подносителката дипломирала филозофија, а потоа магистрирала психологија на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнала со звање магистер по психолошки науки. Побарала од Комората на психолози на Република Македонија да и издаде Лиценца за вршење на психолошка дејност и по барањето Комората донела Решение со кое и се издава посебна лиценца за вршење на психолошка дејност, која опфаќа поспецифични стручни облици на работа во областа на Психологија на здравје. Во меѓувреме, откако и било издадено решението Комората побарала истото да го врати назад, по што повеќе не преземала никакви активности. Народниот правобранител интервенираше по претставката, со цел одлучување по барањето на подносителката, по што Комората на психолози со Заклучок го прогласи претходното решение за ништовно и донесе ново решение со кое одлучила по барањето негативно, затоа што подносителката дипломирала филозофија, а лиценцата се издава на лице кое дипломирало психологија.*

## НП бр. 3990/12

*Родител од Скопје побара заштита на правата на детето, инаку ученик во основно училиште, укажувајќи на несоодветно однесување на наставниците кон него, поради што детето не сакало да оди во училиште.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител презеде низа дејства до училиштето, Општината и Државниот просветен инспекторат, а исто така изврши и непосредни увиди до надлежните институции, со цел да се промени наведената состојба, по што родителот информира дека интервенциите на Народниот правобранител доведоа до забележителни промени во однесувањето на наставниците кон ученикот, во позитивна насока.*

*Како резултат на тоа се подобри и односот на детето кон училишните обврски, како и односот на стручната служба на училиштето која отпочна да работи со детето и да соработува со родителите. Детето продолжи да оди во ова училиште и не беше префрлено во друго основно училиште, како што претходно им беше кажано на родителите.*

## НП бр. 470/13

*Поради неоправдано одолжување на постапка за денационализација, граѓанин од Скопје, поднесе претставка до Народниот правобранител. Постапувајќи по претставката утврди дека со Пресуда У-2 бр. 1224/2011 од 30.05.2010 година на Управниот суд, била уважена тужбата на граѓанинот и Решението од 28.03.2011 година на Комисијата за одлучување по барања за денационализација со седиште во Чаир–Скопје, е поништено. Притоа, иако во меѓувреме се изминати повеќе од две години, предметот се уште не е решен.*

*Врз основа на таквата фактичка состојба, Народниот правобранител на односната комисија и укажа да биде постапено согласно изнесеното правно сфаќање и дадени укажувања и да биде донесен нов управен акт.*

*Интервенцијата на Народниот правобранител е прифатена и е донесено ново решение, со кое конкретното барање за денационализација е уважено.*

## НП бр.2842/13

*Подносител од Скопје достави претставка до Народниот правобранител во која наведе дека иако до извршителот доставил Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје дека на трансакциската сметка добива средства по основ на социјална помош, извршителот издал налог со кој му ја блокирал сметката и започнал наплата на утврдениот долг од овие средства.*

*Народниот правобранител достави писмен допис до извршителот и притоа укажа на одредбите од Законот за извршување, кои предвидуваат дека се изземени од извршување примањата што должникот ги прима врз основа на социјална помош. Воедно, Народниот правобранител побара трансакциската сметка на должникот да биде веднаш одблокирана, а наплатата на долгот да биде запрена.*

*Извршителот го извести Народниот правобранител дека како резултат на даденото укажување, трансакциската сметка на должникот била одблокирана, а утврдениот долг ќе биде наплатен единствено доколку должникот пристапи кон намирување, по сопствена иницијатива.*

## НП бр. 323/13

*Подносител на претставка од Прилеп побара интервенција заради повреда на правата од пензиското и инвалидското осигурување, односно поради непостапување по Пресуда на Управниот суд.*

*Народниот правобранител констатира повреда на правата со одолжување на постапката, за што интервенираше до надлежната подрачна служба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и побара по пресудата да се постапи веднаш, односно да се донесе законито решение почитувајќи го правното сфаќање на судот. По интервенција на Народниот правобранител првостепениот орган донесе Решение, со кое странката го оствари правото на старосна пензија, во одреден месечен износ.*

## НП бр. 3258/13

*Подносител на претставка од Народниот правобранител побара заштита на неговите законски права пред првостепениот орган сметајќи дека му се повредени од страна на овластениот градежен инспектор.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител се обрати до единицата на локалната самоуправа со Барање известување во кое истовремено побара и времено запирање од извршување на управните акти за отстранување на доградба до правосилно окончување на постапката за легализација на куќата во чиј склоп е и спорната доградба, односно до утврдувањето на нејзиниот правен статус.*

*Предлогот за времено запирање од извршување на управниот акт е прифатен со што целата постапка ќе биде повторена.*

## НП бр. 1656/13

*Граѓанин од Кочани достави претставка во која наведе дека му се повредени правата од пензиското и инвалидското осигурување со одолжување на постапката пред Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и второстепената комисија.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител интервенира до Државната комисија како второстепен орган, меѓутоа констатира дека во меѓувреме органот постапил по пресудата, односно ја прифатил жалбата и го вратил предметот на повторна постапка пред надлежниот првостепен орган. Понатаму, Народниот правобранител во неколку наврати интервенираше до првостепениот орган укажувајќи на обврската да се одлучи во законскиот рок по утврдување на фактичката состојба по предметот и да се донесе законито решение. Во натамошниот тек на постапката Фондот за пензиско и инвалидско осигурување донесе решение со кое граѓанинот го оствари правото на сразмерен дел на инвалидска пензија.*

## НП бр. 2345/13

*Родител достави претставка до Народниот правобранител во која укажа на одолжување на постапката за извршување на Пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје, со која малолетното дете се доверува на грижа, чување, воспитување и делумно издржување на мајката.*

*Народниот правобранител имајќи го предвид најдобриот интерес на детето и правото да биде со родителот кај кој со судска пресуда е доверено детето, се обрати до надлежниот Центар за социјална работа и до Основниот суд со барање да се преземат законски мерки за извршување на судската пресуда за доверување на дете. Во натамошното постапување Народниот правобранител беше известен дека со интервенција на полиција малолетното дете е вратено кај својата мајка, односно дека е извршено судското решение за одземање на малолетното дете од таткото и негово доверување кај мајката, а против другиот родител е иницирана соодветна постапка.*

## НП бр. 5/13

*Граѓанин од с.Сирково-Кавадарци, до Народниот правобранител поднесе претставка во која се пожали на Управата за јавни приходи-Генерална дирекција Скопје. Имено, и покрај тоа што по донесувањето на решение за присилна наплата од парични средства го платил паричниот износот на име глоба и на име еднократна посебна такса од 5% за други јавни приходи (за што впрочем до Управата доставил и соодветен доказ-уплатници), сепак истото во меѓувреме било извршено и предметниот долг повторно наплатен.*

*Народниот правобранител, од самата претставка, околностите и приложените факти и докази, покрај останатото, утврди дека станува збор за повреда на правата на односниот граѓанин и на Управата и укажа веднаш да преземе дејства за враќање на предметниот присилно наплатен износ на име глоба и еднократна посебна такса од 5% за други јавни приходи. Препораката е прифатена.*

## НП бр. 3108/13

*До Народниот правобранител со претставка се обрати семејството на притворено лице со нарушена здравствена состојба, кој беше сместен во просторија со поголем број притворени лица од предвидениот капацитет на собата. Во просторијата се пушело, така што и така влошената здравствена состојба на притвореникот уште повеќе се влошила. Незадоволен од постапувањето на затворската управа, семејството на притвореното лице побара од Народниот правобранител преземање мерки заради заштита на неговото здравје.*

*По добивање на претставката Народниот правобранител изврши увид на просторијата и разговараше со притворени лица, при што констатираше повреда на загарантираните права.*

*Народниот правобранител и укажа на управата на затворот притвореното лице да го премести во друга соба во која не се пуши, со помалку притворени лица, а истовремено укажа од потребата од редовно следење на неговата здравствена состојба. Укажувањата на Народниот правобранител беа прифатени.*

## НП бр. 1457/13

*По барање на доверител, извршител издал налог да се спроведе извршување од трансакциска сметка на должникот, заради намирување парично побарување. Должникот наведе дека остварува примања по основ на пензија, од кои врз основа на налог за присилно извршување, издаден од друг извршител, веќе му се запира една третина од приходите.*

*Граѓанинот побара Народниот правобранител да интервенира, во смисла извршувањето по новиот налог да запре, бидејќи доколку продолжи ќе остане без основни средства и не ќе може да ги задоволи егзистенцијалните потреби.*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител констатира дека со спроведување на новиот налог за извршување се повредуваат правата на подносителот, бидејќи со Законот за извршување е предвидено извршувањето врз пензија на должникот да се спроведува до износ од 1/3, а доверителите се намируваат од средствата на должникот по оној ред по кој стекнале право да се намират од ист предмет, во случајот пензијата на подносителот на претставката.*

*Народниот правобранител упати укажување до овластениот извршител, при што побара во постапката за присилно извршување да се води сметка за заштита на интересите на должникот, односно да се почитува одредбата од Законот за извршување.*

*Извршителот го извести Народниот правобранител дека во смисла на даденото укажување, присилното извршување по издадениот налог ќе се реализира откако должникот ќе го намири претходниот долг, односно нема да му се запира повеќе од 1/3 од неговата пензија.*

## НП бр. 933/13

*Жител на с.Студеничани достави претставка до Народниот правобранител во која го извести дека од страна на извршител добил налог за присилно извршување за долг за кој редовно ги подмирува ратите, согласно склучена спогодба со ЕВН Македонија АД – Скопје, при што му бил одбиен одреден износ на средствата од пензијата. По интервенција на Народниот правобранител извршното решение беше повлечено и одбиените средства му беа вратени (платени).*

## НП бр. 643/13

*Подносител од Скопје од Народниот правобранител побара да се преземат мерки за испитување на заостанат долг, поради констатирано неовластено користење на електрична енергија од 2009 година, за кој подносителот не добил никакво известување во врска со тоа дали долгот е тужен или е утврдена застареност.*

*Народниот правобранител се обрати до ЕВН Македонија АД – Скопје со укажување да се почитуваат законските одредби за застареност ако не е покрената судска постапка за констатирано неовластено користење на електрична енергија. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено.*

## НП бр. 844/13

*До Народниот правобранител со претставка се обрати подносител од Скопје во која наведе дека од страна на ЕВН Македонија АД – Скопје било повредено неговото право на владение, односно од страна на службени лица на ЕВН бил поставен мерен орман на столб кој се наоѓа на неговиот имот.*

*Народниот правобранител се обрати до ЕВН Македонија АД – Скопје и побара да биде известен врз основа на кои законски и подзаконски акти бил поставен мерниот орман во столбот кој се наоѓа во приватна сопственост и побара истиот да се дислоцира. Барањето на Народниот правобранител беше прифатено од страна на ЕВН Македонија АД – Скопје и мерниот орман беше преместен.*

## НП бр. 2059/13

*Семејство од 5 члена (маж, жена, син, снаа и внук) се пожали на одолжување на постапката за прием во државјанството на Република Македонија, бидејќи аплицирале во 2010 година, по член 11 од Законот- по потекло Македонци кои живееле во областа Гора-Република Косово.*

*По интервенција на Народниот правобранител до Министерството за надворешни работи, кој е орган кој дава мислење до Владата на Република Македонија за постоење на особен национален интерес за прием во државјанството на Република Македонија, Владата усвои позитивно мислење, а Министерството за внатрешни работи донесе решение за прием во државјанството на Република Македонија.*

## НП бр. 1733/13

*Граѓанка од Скопје поднесе претставка во која побара интервенција за заштита на потрошувачките права незадоволна од квалитетот на купениот производ.*

*Народниот правобранител констатира повреда на Законот за потрошувачки права и Законот за облигациони односи во делот кој се однесува на гаранцијата за исправното функционирање на продадениот предмет.*

*Поради наведеното побара од Државниот пазарен инспекторат да се преземат соодветни дејства пред продажниот салон во кој е купен производот кој го нема пропишаниот квалитет, како и можностите/карактеристиките за неговата основна функција. Едновремено беа посочени и законските можности со кои може да се заштитат правата на подносителката на претставката, односно да се замени купениот производ со нов или да му се врати платениот износ на потрошувачот за купениот производ.*

*Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено и по извршениот инспекциски надзор на подносителката и беше овозможено купениот производ од чиј квалитет не беше задоволна, да го замени со нов производ.*

## НП бр. 2476/13

*Граѓанин припадник на влашката заедница поднесе претставка до Народниот правобранител затоа што при избор на јавен оглас, спроведен од државен орган не е испочитувано и спроведено уставното начело на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија.*

*Согледувајќи ја целокупно доставена документација и доставените листи за прием на кандидати на објавениот јавен оглас, Народниот правобранител констатираше дека подносителот на претставката ги исполнува условите за прием на огласот согласно уставните и законски норми кои го предвидуваат спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност, поради што беше доставено укажување до надлежниот орган кој истото го прифати и ја прошири квотата на кандидати кои се примени на јавниот оглас, со што подносителот на претставката го оствари своето право.*

## НП бр. 2737/13

*Граѓанин од Скопје побара интервенција од Народниот правобранител, бидејќи од страна на операторот „Т-Мобиле" Македонија бил задолжен за роаминг услуга која не ја користел.*

*Народниот правобранител постапувајќи по изнесените наводи, констатира дека во овој случај нереално се наплаќа оваа услуга, од причина што спорните разговори биле остварени од територијата на Република Македонија на локација која била 20-30 км оддалечена од границата со Република Србија.*

*Поради ваквата состојба, Народниот правобранител од Агенцијата за електронски комуникации побара правилно да се утврди фактичката состојба во однос на фактурираниот износ за наплата, односно подносителот да не се задолжува со услуга која не ја користел, бидејќи не е негова вина користењето на услугата во мрежата на операторот во услови кога има пропуст во заштитните механизми за корисниците на услуги од несакан роаминг.*

*Агенцијата за електронски комуникации го прифати даденото укажување, односно донесено е решение со кое се задолжува „Т-Мобиле" Македонија да изврши корекција на сметката во делот за наплатен сообраќај за роаминг во мрежата на мобилен оператор од Србија, како истиот сообраќај да е реализиран во негова мрежа.*

## НП бр. 2920/13

*Граѓанин од Скопје поднесе претставка до Народниот правобранител заради тоа што Министерството за култура подолг период не склучил договор со него за проект од национален интерес, со што не можел да се реализира самиот проект иако бил усвоен од страна на Министерството. Постапувајќи по претставката Народниот правобранител се обрати до министерството за култура и во целост ги презентираше наводите. Притоа побара да се преземат мерки со цел склучување договор и непречена реализација на проектот, кој според наводите е од национален интерес.*

*По интервенција на Народниот правобранител, Министерството за култура постапи по барањето и изготви решение, со што подносителот го оствари правото и постапката заврши успешно.*

## НП бр. 3092/13

*До Народниот правобранител со претставка се обрати граѓанка од Скопје и побара интервенција, бидејќи од страна на Снабдување со топлина „Балкан енерџи" ДООЕЛ Скопје и биле испорачувани фактури за нејзиниот стан на друго име.*

*Поради ваквата состојба подносителката не била во можност да ги плати фактурите заради што се пресметувала и камата.*

*Постапувајќи по изнесените наводи и приложената документација од која неспорно се потврдува сопственоста на станот, Народниот правобранител се обрати до Снабдување со топлина „Балкан енерџи" ДООЕЛ и побара корекција на корисничкото име и ослободување од каматите, бидејќи фактурите не се платени не по вина на подносителката на претставката. Укажувањето на Народниот правобранител е прифатено, односно е извршена корекција на корисничкото име и е дозволена отплата на рати без пресметани камати за спорниот период кога е фактурирано на име различно од сопственикот на станот.*

## НП бр.1760/13

*Граѓанка од Скопје достави претставка во која наведе дека и се повредени правата од пензиското и инвалидското осигурување, затоа што и било оневозможено да го оствари правото на семејна пензија, при што незадоволна од првостепеното решение вложила жалба.*

*Народниот правобранител констатира повреда на правата, за што во неколку наврати интервенираше до надлежниот второстепен орган, при што укажа на законската обврска да се постапи веднаш, затоа што законскиот рок беше изминат и да се донесе законито решение по утврдување на фактичката состојба. Жалбата беше прифатена и предметот вратен на одлучување пред Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Подрачна единица Скопје.*

## НП бр. 54/13

*Граѓанин од Скопје побара интервенција од Народниот правобранител поради наплата на услуга која не била реализирана од страна на ЈП ,,Водовод и канализација"-Скопје.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител побара образложение за непостапувањето односно неизвршувањето на услугата хлорирање и испирање на објект, поточно извршување на истата или враќање на уплатените парични средства.*

*По преземените дејства, беше утврдено дека услугата не била извршена поради неутврден термин за постапување, меѓутоа беше одговорено дека извршената уплата не е спорна и поради нереализирањето на услугата по интервенција на Народниот правобранител средствата беа вратени на корисникот на услугата.*

## НП бр. 2809/13; 2810/13 и 2816/13

*Во три поеднечни случаи за ист проблем осудени лица поднесоа претставки во кои се пожалија на однесувањето на други осудени лица кои со физичко и психичко малтретирање се обидувале да изнудат материјална корист од нив, како и за индолетниот однос на Службата за обезбедување. Во претставката беше наведено дека истите лица така се однесувале и со други осудени лица во затворското крило. Поради неподносливата состојба на постојан страв во затворското крило во кое се наоѓале подносителите на претставките, како и тензичноста со можност целата работа да ескалира во инцидент со потешки последици, тие побарале од управата на установата преместување на двете проблематични осудени лица во друго одделение на установата, меѓутоа по барањето и петицијата не било постапено.*

*Народниот правобранител по извршениот увид, утврди пропусти во работата на Службата, за што до управата на Казнено-поправен дом „Идризово" достави укажување за доследна примена на Правилникот за вооружување и начинот на вршење на работите на Секторот за обезбедување на Казнено-поправна установа и Воспитно-поправна установа. Во врска со укажувањата на Народниот правобранител Казнено-поправен дом „Идризово" достави информација со која извести дека е постапено по дадените укажувања и лицата за кои се однесувале поплаките се префрлени во други одделенија, со цел оневозможување на понатамошни насилства, како и физичко и психичко малтретирање.*

# ПРОМОЦИЈА
# НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Промоцијата на човековите права е важен сегмент од работата на Народниот правобранител. Взаемното функционирање и надополнување на промоцијата и заштитата на човековите слободи и права е предуслов за ефективна заштита на правата на граѓаните.

Во текот на 2013 година, Народниот правобранител организираше низа средби, тркалезните маси и работилници, со цел размена на искуства и добри практики со институциите спрема кои надлежно постапува. Во рамките на оваа соработка, Народниот правобранител укажуваше за важноста од имплементирање на неговите забелешки и препораки, а со тоа и елиминирање на слабостите во работата на институциите кои влијаат врз прекршувањето на правата на граѓаните.

Во оваа насока, Народниот правобранител во соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци, организираше работилница во врска со видео надзорот во места на лишување од слобода, по што беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу овие две институции на полето на проектното работење и меѓусебното поддржување.

Воедно, следеа работилници посветени на улогата на судијата во остварување на правата на лицата лишени од слобода, како и задржувањето на малолетници во полициските станици

Во функција на промоција и заштита на човековите права, Народниот правобранител и оваа извештајна година со поддршка на Инструментот за техничка помош и размена на информации на Европската комисија - TAIEX, успешно реализираше пет работилници, од кои една регионална.

Имено, под покровителство на TAIEX Народниот правобранител-Национален превентивен механизам (НПМ), организираше регионална конференција на која покрај претставници на НПМ од регионот, учествуваа и претставници од Асоцијацијата за превенција од тортура, Комитетот против тортура на Советот на Европа и претставници на НПМ од земјите членки на Европската Унија, Словенија и Полска. Конференцијата претставуваше форум за дискусија по однос на надлежностите на НПМ, структурните и организациските подробности, како и соработката со меѓународните тела за превенција од тортура и друг вид сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување.

Последната работилница поддржана од инструментот на Европската комисија TAIEX беше посветена на предметното работење. На неа компаративен приказ за работата по предмети со примери од домашното и европското законодавство, како и примери од праксата дадоа претставници на Омбудсманот на Република Хрватска. Покрај размената на искуства и најдобри пракси, оваа работилница придонесе и кон јакнење на односите помеѓу двете омбудсман институции.

Како во претходните години така и оваа година тековната работа на Народниот правобранител беше надополнета со низа проектни активности што имаа за цел јакнење на институционалните капацитети на полето на заштитата на човековите права и слободи, но истовремено и промоција на институционалниот мандат и надлежности, со цел доближување до граѓаните и заштита на нивните права.

На проектен план во 2013 година успешно се заврши и последните активности од проектот што институцијата го имаше со амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, кој започна кон крајот на 2011 година.

Последната фаза од повеќегодишниот проект за поддршка на Омбудсманот кој до 2011 година беше финансиски поддржан од страна на Шведската меѓународна агенција за развој, а имплементиран од страна на Мисијата на ОБСЕ заврши со реализација на студиското патување во Холандија, на кое претставници на институцијата од одделенијата за антидискриминација и детски права разменија искуства и добри пракси со сродните институции и тела на оваа држава. Во рамките на последните активности од овој проект се отпечатија и две изданија на Билтенот на институцијата посветени на екологијата и социјалната заштита и сигурност.

Во рамките на регионалниот проект ,,Најдобри пракси за интегрирање на Ромите" поддржан од Европската комисија, а во реализација на ОДИХР, во септември минатата година, во Охрид се одржа регионална работилница со учество на претставници на Омбудсман институциите од регионот на Западен Балкан, како и претставници на други релевантни тела што работат на полето на антидискриминацијата, особено дискриминацијата над Ромите.

Кога станува збор за активностите на Народниот правобранител за промоцијата на човековите права, неизбежно е да се спомене дека граѓаните преку средствата за јавно информирање навремено беа информирани за работата и новите надлежности на Народниот правобранител.

Оттука, и оваа извештајна година продолжи отворената комуникација и непречената соработка на институцијата Народен правобранител со медиумите, која резултираше со објавување на соопштенијата, ставовите и апелите на народниот правобранител, следење на прес-конференции, интервјуа, како и негово учество во електронските медиуми.

Со цел доближување на институцијата до граѓаните и во 2013 година продолжи печатењето на Билтенот на Народниот правобранител, кој освен во канцелариите на Народниот правобранител, беше доставен и во информативните пунктови во скопските општини.

# ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Народниот правобранител кој по ратификацијата на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување е назначен за Национален превентивен механизам, во 2013 година спроведе 32 превентивни посети, преку кои го испитуваше постапувањето кон лицата лишени од слобода во местата на лишување од слобода и даваше препораки на надлежните органи, со цел надминување на констатираните слабости.

Во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување е утврдено дека лишување од слобода значи која било форма на притвор или затворање, или задржување на лица во јавни или приватни капацитети во кои на лицето не му е дозволено своеволно да ги напушти, а по наредба на судски, административен или друг орган.

Националниот превентивен механизам во 2013 година спроведе 16 редовни и 16 последователни/контролни посети. Согласно член 18 од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура, Народниот правобранител – Национален превентивен механизам во изминатиот период вклучи надворешни соработници-експерти од Здружението на психијатри, Здружението на социјални работници на Град Скопје, Комората на психолози, Сојузот на дефектолози, Здружението на форензичари при Институтот за судска медицина, Здружението за кривично право и криминологија, како и Македонското здружение на млади правници, како овластено здружение за бесплатна правна помош, кои ги имаат потребните способности и стручни познавања во делот на овластувањата кои ги презема механизмот во местата на лишување од слобода. На тој начин се обезбеди мултидисциплинарен пристап при спроведувањето на превентивните посети, што е и една од препораките на Асоцијацијата за превенција од тортура.

Покрај стандардните посети на места каде лица се лишуваат од слобода, НПМ спроведе посети и во отворени институции (de facto институции каде слободата на движење е ограничена), со цел да се утврди постапувањето со ранливите категории на лица, особено со лицата кои се со посебни потреби, децата, како и барателите на азил. Оваа година, НПМ започна и со посета на граничните премини и Царинската управа, како места каде се врши лишување од слобода, согласно позитивните законски прописи. Посебен фокус во 2013 година се посвети на состојбата со илегалните мигранти, имајќи предвид дека се повеќе се зголемува бројот на мигранти и азиланти кои доаѓаат од земји со конфликти и кои преку земјата транзитираат кон посакуваните дестинации.

Оваа извештајна година беа спроведени 10 посети во полициски станици, 7 посети во затвори, 1 посета во воспитно-поправен дом, 3 посети на гранични премини, 2 посети во центри за странци и азиланти, 3 посети во институции за лица со посебни потреби, 4 посети во институции за згрижување на деца, посета на Клиниката за психијатрија, како и посета на Царинската управа.

При спроведените посети можеше да се забележи дека има подобрување во однос на евиденцијата за лицата лишени од слобода во полициските станици, а истото беше нотирано и при редовните посети на овие места на лишување од слобода, при што во поголем дел од нив, НПМ констатираше дека се почитува препораката за постоење на логичен тек на настаните при водењето на евиденцијата.

При последователната посета на Специјалниот завод Демир Капија беше утврдено дека е спроведена препораката на НПМ за обезбедување на согласност од корисникот,

односно од неговиот старател, за примање на контрацепциски средства. По посетите на другите установи каде се сместуваат лица со посебни потреби, НПМ со службена белешка иницираше два предмети во Одделението за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби.

Покарактеристични случаи за кои реагираше Националниот превентивен механизам врз основа на затекнатите состојби при последователните посети во казнено-поправните домови беа Затвор Струмица и Затвор Охрид. По спроведените посети на овие две установи, НПМ побара и стручно-инструкторски надзор од Управата за извршување на санкциите. Врз основа на дадените препораки од Националниот превентивен механизам, Затвор Струмица уреди посебна просторија за здравствени прегледи – Амбуланта, која претходно не постоеше во ова место за лишување од слобода, а директорот на Затвор Охрид даде наредба да не се користат просториите за изрекување мерка самица, прифаќајки ги препораките на НПМ дека истите се нехумани и под посакуваните меѓународни стандарди. Дополнително заради загрижувачките состојби во Затвор Скопје и Воспитно–поправниот дом, Националниот превентивен механизам спроведе вонредни посети за кои достави и барање за преземање на итни мерки до Министерството за правда.

# ВОНПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

# Истражувања, Иницијативи, Мислења и Препораки

Врз основа на одредени појави иницирани од предметното работење, Народниот правобранител во текот на 2013 година спроведе истражувања во неколку области, со цел воочување и отстранување на одредени проблеми со кои се ограничуваат правата на граѓаните.

Истражувањата беа спроведени врз основа на прашалници и анкетни листови, но и со непосреден увид и разговор со вработените во институциите, по што беа изготвени Информации и Посебни извештаи доставени до надлежните институции, со конкретни препораки за надминување на утврдените недостатоци.

Имено, од **областа на граѓанските состојби** Народниот правобранител спроведе истражување за согледување на општите состојби со бројот на нерегистрираните лица во матичната евиденција, за што изготви Информација во која констатираше дека во Република Македонија се уште има значителен број на незапишани лица во матичната евиденција. Со оглед на тоа што оваа појава претставува сериозна пречка за остварување на основните права на граѓанинот, Народниот правобранител препорача интензивирање на запишувањето на лицата во матичната евиденција на родените.

Следејќи ја **состојбата со бездомните лица** во државата, Народниот правобранител истражи дали и во која мера се почитуваат нивните права - правото на социјалната заштита, образование, здравствената заштита, домување и друго, како и тоа дали се почитува принципот на недискриминација. За таа цел, Народниот правобранител изврши увид во Прифатниот центар во Чичино село, при што утврди несоодветни услови за домување. Имено, констатиран е отежнат пристап до правата од основна здравствена заштита, односно немање на медицински персонал и ненавремено постапување на здравствените служби, особено на итната медицинска помош, како и непостоење на еднакви услови за остварување на правото на образование на децата припадници на ромската заедница, со елементи на дискриминација поради етничка припадност.

За констатираната состојба на бездомните лица Народниот правобранител преку Посебен извештај препорача преземање конкретни мерки за подобрување на условите за живеење и престој на лицата од овој прифатен центар.

Во **областа заштита од дискриминација**, Народниот правобранител во 2013 година учествуваше во регионалниот проект „Најдобри практики за интеграција на Ромите‟, во рамките на кој беше направена теренска анкета ,,Аспекти на дискриминација кон ромската заедница и нивна заштита‟. Проектот беше спроведен со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОБСЕ/ОДИХР.

Со анкетата беа обезбедени податоци за личната перцепција на ромската заедница за дискриминација, како и за информираноста на припадниците на оваа заедница за институцијата Омбудсман.

Од добиените податоци може да се заклучи дека припадниците на ромската заедница се уште се чувствуваат дискриминирани по одделни основи, особено по основ на етничка и политичка припадност и бојата на кожата. Исто така, истражувањето покажа дека голем дел од испитаниците се информирани за постоењето на институцијата Народен правобранител, но не и за начините и механизмите за заштита на правата на граѓаните. Резултати од

истражувањето беа презентирани на посебни тркалезни маси што се одржаа во Скопје, Тетово и во Штип.

Во текот на 2013 година Народниот правобранител направи истражување за познавањата на поимот дискриминација и користењето на механизмите за заштитата од дискриминација.

Истражувањето беше спроведено со анонимен Прашалник кој содржеше 12 прашања на кои граѓаните доброволно одговараа во канцелариите на Народниот правобранител во Скопје и во шестте подрачни канцеларии (Битола, Куманово, Кичево, Струмица, Тетово и Штип).

Врз основа на добиените податоци Народниот правобранител констатира дека на голем број од испитаниците им е познат поимот дискриминација, но дека е потребно зајакнување на механизмите за заштита од дискриминација. Анкетата покажа дека е потребно преземање на поголем број активности за едукација на граѓаните, со цел осознавање и препознавање на дискриминацијата, нејзините појавни облици и форми, како и можностите и постапката за заштита.

Во функција на заштита на **правата на децата и лицата со посебни потреби**, Народниот правобранител направи истражување за состојбите со запишувањето на децата во посебните основни и средни училишта, со акцент на децата од ромската заедница. Истражувањето беше спроведено врз основа на доставен Прашалник, но и со непосреден увид во установите, со цел да се утврди дали децата се запишани со соодветна документација во овие училишта и дали надлежните институции ги уважиле претходно доставените препораки на Народниот правобранител.

По анализата на податоците Народниот правобранител изготви Информација во која констатира намалување на бројот на ромските деца во овие училишта и препорача поголема посветеност на надлежните органи, во поглед на подобрување на образованието на децата со посебни потреби.

Следејќи ја состојбата **со остварување на правото на социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните**, Народниот правобранител спроведе истражување за работата на центрите за социјална работа, во поглед на остварување на социјалната парична помош, постојаната парична помош и правото на помош од друго лице.

Од извршениот увид и утврдените состојби и по анализата на добиените податоци, Народниот правобранител констатира низа слабости во работата на овие центри, за што изготви Посебен извештај во кој препорача Министерството за труд и социјална политика да преземе конкретни мерки за надминување на констатираните слабости, пред се во поглед на екипираноста на центрите за социјална работа, со цел поефикасна работа и подобрување на односот на вработените кон граѓаните.

Согледувајќи ги општите состојби **за познавањата на децата за своите права и механизмите за нивна заштита**, како и нивните познавања за улогата на Народниот правобранител во општеството, во текот на 2013 година, Народниот правобранител посети дел од основните и средните училишта во Републиката. Од средбите со учениците Народниот правобранител констатира дека тие недоволно ги познаваат своите права и начините за нивна заштита, а исто така утврди дека децата немаат доволно информации за надлежностите на Народниот правобранител и за значењето на Конвенцијата за правата на детето.

Од добиените сознанија Народниот правобранител изготви посебна Информација во која препорача Министерството за образование и наука да преземе активности за поголема едукација на децата за човековите слободи и права и механизмите за нивна заштита, во сите степени и видови на образование.

Народниот правобранител во 2013 година до Уставниот суд на Република Македонија поднесе **Предлог** за оценување на уставноста и законитоста на членовите 10-а, став 5 и 10-б, став 1 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, со кои на граѓанинот му се наметнува обврска да поднесува изјава за остварените приходи. Имено, Народниот правобранител утврди дека Уставниот суд еднаш веќе интервенирал и ја укинал

оваа законска одредба, но дека со измените на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, направени минатата година, повторно се наметнува истата.

Во извештајниот период Народниот правобранител достави **Иницијатива** за измена и дополнување на Правилникот за снабдување со топлинска енергија до Регулаторната комисија за енергетика. Народниот правобранител смета дека постои недоследност во овој Правилник во однос на станбените единици каде постои едно мерно место со повеќе независни линии. Имено, согласно Правилникот граѓаните се задолжени да ги плаќаат сметките без разлика што кај нив не се регистрира никаква потрошувачка.

Народниот правобранител-Национален превентивен механизам, достави **Иницијатива** за менување на Законот за кривична постапка во делот на остварување на правата на притворени лица. Тргнувајќи од фактот дека надлежноста на Јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела, Народниот правобранител смета дека истиот не треба да одлучува и за правата на притвореното лице.

Воочувајќи го проблемот со исплата на плата на вработените жени за време на отсуство поради патолошка бременост, Народниот правобранител даде свое **Мислење** до државните институции со кое посочи дека не е праведна одредбата според која жените со ризична бременост се третираат како болни и добиваат само 70% од платата, кога Уставот и законите посебно ги заштитуваат жените во време на бременост, раѓање и мајчинство и предвидуваат 100% плата.

Врз основа на сознанија дека учениците од прва година средно образование, како лектира го обработуваат „Новиот завет", Народниот правобранител достави **Препорака** до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието, со која побара оваа лектира да се повлече од наставната програма. За Народниот правобранител не е спорна целта да се добијат општи познавања за најстарите литератури на светот и во тој контекст да се учи за белезите и карактеристиките на споменатите литератури, но не е оправдано еден дел од Библијата да се предвиди како задолжителна лектира.

**Истражувањата, Иницијативите, Мислењата и Препораките** се објавени на веб-страницата на Народниот правобранител **www.ombudsman.mk.**

# КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ

Во функција на промоција и заштита на човековите слободи и права Народниот правобранител и оваа извештајна година продолжи со јакнење на комуникацијата и соработката со меѓународни тела и асоцијации за човекови права, како и национални институции на светско, европско и регионално ниво.

## Меѓународна комуникација и соработка

Имено, Народниот правобранител до Советот за човекови права на Обединетите нации ги изнесе своите ставови по однос на Универзалниот периодичен преглед (УПР) за Република Македонија каде се разгледува целокупната состојба со почитувањето на човековите права и начинот на нивна заштита. Во мислењето за УПР беа наведени констатациите и ставовите по однос на спроведувањето на претходно дадените препораки во делот на примената на Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби, состојбата со местата на лишување од слобода и постапувањето со притворени и осудени лица, заштитата од дискриминација, родовата еднаквост, како и исполнувањето на Париските принципи за стекнување Статус А за Национална институција за човекови права.

Минатата година Асоцијацијата на омбудсмани и медијатори на Франкофонијата со организирање Конгрес и тематски состанок во Дакар, Сенегал го одбележа 15 годишниот јубилеј од своето постоење и активно дејствување на полето на заштитата на човековите права. На оваа средба на која учествуваа претставници од омбудсман институциите на земјите членки на Франкофонијата, се донесоа препораки во насока на промоција на медијацијата и заштитата на детските права, а меѓудругото се избраа и новите членови на работните тела на оваа Асоцијација.

Во својство на полноправен член на Асоцијацијата на омбудсманите на Медитеранот, Народниот правобранител во Аман, Јордан учествуваше на редовната годишна средба посветена на подобро решавање на претставките што се однесуваат на администрацијата. Учесниците на средбата особено внимание посветија на соработката со администрацијата и проблемите на кои наидуваат во комуникација со органите на управата.

Во рамките на Меѓународниот омбудсман институт (ИОИ), Народниот правобранител активно ги следеше информациите што Институтот, како водечка организација во рамките на меѓународната омбудсман заедница, редовно ги споделуваше со своите членки и ги информираше за случувањата на полето на заштитата на човековите права и слободи на светско ниво.

Тргнувајќи од обврската која ја предвидува Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, Националниот превентивен механизам го достави годишниот извештај за состојбите во местата на лишување од слобода до Поткомитетот за превенција од тортура на Обединетите нации и Комитет за спречување на тортура и нечовечно и понижувачко постапување или казнување при Совет на Европа.

## Соработка на европско ниво

Европскиот омбудсман институт (ЕОИ) минатата година го одржа своето редовно Собрание во Инсбрук, Австрија, а истовремено ја одбележа и 25 годишнината од своето постоење.

Во 2013 година Европската мрежа на омбудсмани на земји членки на Европската Унија и кандидати за ЕУ, го одржа деветтиот национален семинар во Даблин, Ирска, посветен на темата „Добрата администрација и правата на граѓаните во време на штедење". Главниот акцент на семинарот беше ставен на улогата на омбудсманите во почитување на начелото на добра управа и остварување на правата на граѓаните, со особен нагласок на новите методи на омбудсман институциите во заштита на граѓанските права. Семинарот, воедно беше повод за официјално промовирање на новиот претседател на оваа Мрежа, г-ѓа Емили О'Рајли, поранешен омбудсман на Република Ирска.

Народниот правобранител ја прошири својата активност на полето на заштита на човековите права и слободи со вмрежување во уште една асоцијација. Имено, насловена како Европска мрежа на национални институции за човекови права (ENNHRI) и официјално формирана во 2013 година, Европската мрежа има за цел да ги обедини сите национални институции за човекови права од европскиот континент. На средбите што се одржаа во Женева, Виена и Будимпешта се донесоа Статутот и стратегијата за работа на Европската мрежа, како основни алатки за нејзино понатамошно работење и дејствување. Истовремено се дискутираше на теми за меѓусебна соработка по однос на правата на ранливите групи-мигрантите, Ромите, ЛГБТ популацијата, како и за начинот на работа по предмети и соработката со меѓународните тела за заштита на човековите права и слободи.

Народниот правобранител-Национален превентивен механизам (НПМ), зеде активно учество и на меѓународната НПМ средба што се одржа во Стразбур, Франција каде стана збор за имиграциското задржување во Европа. Фокусот на овој меѓународен собир беше ставен на пристапот до правна помош на имигрантите сместени во прифатните центри, грижата за жените и другите ранливи групи, здравствената заштита, како и безбедноста и социјалните активности. Присутните на конференцијата заеднички утврдија потреба од доставување Декларација до европските тела за развивање на стандарди во поглед на имиграциските центри.

Народниот правобранител беше активен и во делот на антидискриминацијата со учество на редовниот собир на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI) што секоја година се одржува во Стразбур, Франција на кој беа разгледани предизвиците на тековната институционална и буџетска средина.

## Соработката во регионот

Во 2013 година омбудсман институциите од регионот на Западен Балкан во два наврати учествуваа на средби посветени на меѓуинституционалната соработка, градење партнерство и меѓусебна поддршка. Во организација на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина првата средба се одржа во Сараево и на неа се дискутираа предизвиците за омбудсман институциите во имплементирање на своите препораки. Втората средба што се одржа во Даниловград, Црна Гора, покрај аспектот на регионалната, меѓуинституционална соработка, на дневен ред ја имаше и соработката со парламентот и улогата на омбудсманот како механизам што придонесува во функционирањето на принципот на владеење на правото.

Во организација на канцеларијата на Советот на Европа и канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации, Народниот правобранител зеде учество на регионалната конференција што се одржа во Приштина, насловена како Омбудсман институциите и судството во заштита на човековите права. На конференцијата омбудсманите од регионот зедоа заеднички став за јакнење на меѓусебната соработка, со цел поефикасна заштита на човековите права и слободи.

Сараево беше домаќин на уште една средба од меѓународен вид, овој пат посветена на позитивните практики во заштитата на човековите права на припадниците на вооружените сили. Конференцијата беше во организација на Канцеларијата на парламентарниот воен повереник на Босна и Херцеговина и Канцеларијата на УНДП за Босна и Херцеговина

На покана на Канцеларијата на УНДП и Омбудсманот на Република Хрватска, г-ѓа Лора Видовиќ, Народниот правобранител учествуваше на меѓународната работилница што се одржа во Загреб, Република Хрватска каде се дискутираше за пристапувањето на омбудсман институциите кон Европската Унија и Универзалниот периодичен преглед. На состанокот се споделија искуствата од регионот и се дискутираше за мерките потребни за јакнење на улогата на Омбудсман институциите во имплементација на препораките за човекови права со посебен акцент на УПР известувањето, како значаен процес во кој се анализираат и утврдуваат состојбите со почитувањето на човековите права на секоја земја членка на Обединетите нации.

На регионално ниво, Народниот правобранител-Национален превентивен механизам (НПМ) во 2013 година активно ги проследи НПМ состаноците одржани во Белград, Република Србија, каде се дискутираа теми од интерес за НПМ мрежата на Југоисточна Европа, мултидисциплинарниот пристап на НПМ, стандардите на здравствената заштита во местата на лишување од слобода, улогата на здравствените работници во превенција од тортура, како и стандардите за психијатриските установи, од значење за работата на НПМ.

Детските права и заштитата на детето беа во фокусот на интересот на Народниот правобранител и во 2013 година. Како член на регионалната мрежа на правобранители за деца - CRONSEE и со поддршка на Save the Children во Нови Сад, Војводина и во Загреб, Република Хрватска, Народниот правобранител учествуваше на две регионални работни средби за превенција на детето од експлоатација и за заштита на децата во судир со Законот.

Во организација на Комората на извршители во Драч, Република Албанија се одржа семинар на кој Народниот правобранител ги презентираше своите ставови, укажувања и препораки во насока на заштита на граѓаните и нивните права во постапката при извршување.

На покана на амбасадата на Република Полска и омбудсманот на оваа земја, г-ѓа Ирена Липовиц, во март 2013 година во Варшава, Народниот правобранител учествуваше на работниот состанок што Вишеградската група го организираше со Омбудсманите на Западен Балкан.

Народниот правобранител на покана на омбудсманот на Република Турција, г.Мехмет Нихат Омероглу, во септември 2013 година, учествуваше  на меѓународниот Симпозиум кој се одржа во Анкара и Истанбул, каде со својот активен придонес го отвори патот за соработка со Омбудсман институцијата на оваа земја.

# СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Во 2013 година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 4.599 претставки од кои во извештајниот период беа примени 3.780 од 4.041 подносители, а останатите 819 беа пренесени од претходната година.

И оваа извештајна година најголем број претставки 2.815 беа примени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, потоа по пошта 506, по електронска пошта 269, преку веб-страницата 104, по телефонско јавување 60, по телефакс 6, а 20 се формирани по сопствена иницијатива.

**Преглед бр.1**

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ (2008-2013)**

| | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 21 | 0,69 | 20 | 0,55 | 16 | 0,4 | 42 | 0,99 | 32 | 0,74 | 51 | 1,35 |
| Полициски постапки | 236 | 7,81 | 252 | 6,94 | 238 | 5,89 | 179 | 4,21 | 220 | 5,06 | 177 | 4,68 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 132 | 4,37 | 154 | 4,24 | 169 | 4,18 | 126 | 2,96 | 156 | 3,59 | 97 | 2,57 |
| Правосудство | 883 | 29,22 | 744 | 20,48 | 757 | 18,72 | 732 | 17,2 | 710 | 16,34 | 732 | 19,37 |
| Социјална заштита | 115 | 3,81 | 95 | 2,62 | 140 | 3,46 | 193 | 4,53 | 240 | 5,52 | 206 | 5,45 |
| Работни односи | 253 | 8,37 | 389 | 10,71 | 365 | 9,03 | 412 | 9,68 | 306 | 7,04 | 246 | 6,51 |
| Станбени односи | 34 | 1,13 | 57 | 1,57 | 89 | 2,2 | 65 | 1,53 | 57 | 1,31 | 76 | 2,01 |
| Здравствена заштита | 69 | 2,28 | 72 | 1,98 | 93 | 2,3 | 115 | 2,7 | 166 | 3,82 | 128 | 3,39 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 180 | 5,96 | 181 | 4,98 | 159 | 3,93 | 237 | 5,57 | 241 | 5,55 | 224 | 5,93 |
| Образование, наука, култура и спорт | 39 | 1,29 | 49 | 1,35 | 48 | 1,19 | 45 | 1,06 | 35 | 0,81 | 34 | 0,9 |
| Права на децата | 145 | 4,8 | 157 | 4,32 | 111 | 2,75 | 144 | 3,38 | 161 | 3,7 | 116 | 3,07 |
| Урбанизам и градба | 162 | 5,36 | 170 | 4,68 | 170 | 4,2 | 146 | 3,43 | 155 | 3,57 | 140 | 3,7 |
| Животна средина | 15 | 0,5 | 21 | 0,58 | 20 | 0,49 | 26 | 0,61 | 35 | 0,81 | 20 | 0,53 |
| Финансии | 48 | 1,59 | 50 | 1,38 | 71 | 1,76 | 101 | 2,37 | 130 | 2,99 | 106 | 2,8 |
| Имотно-правни односи | 317 | 10,49 | 361 | 9,94 | 401 | 9,92 | 360 | 8,46 | 272 | 6,26 | 261 | 6,9 |
| Потрошувачки права | 147 | 4,86 | 277 | 7,63 | 553 | 13,68 | 673 | 15,81 | 948 | 21,81 | 646 | 17,09 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | | | 347 | 9,55 | 395 | 9,77 | 352 | 5,27 | 278 | 6,4 | 247 | 6,53 |
| Лица со посебни потреби | | | | | | | | | 10 | 0,23 | 10 | 0,26 |
| Попис | | | | | | | 12 | 0,28 | 3 | 0,07 | | |
| Избирачки права | | | | | | | 90 | 2,11 | | | 42 | 1,11 |
| Друго | 226 | 7,48 | 236 | 6,5 | 248 | 6,13 | 206 | 4,84 | 191 | 4,39 | 221 | 5,85 |
| **ВКУПНО:** | **3022** | **100** | **3632** | **100** | **4043** | **100** | **4256** | **100** | **4346** | **100** | **3780** | **100** |

Во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, како и во канцелариите во Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица во 2013 година на разговор беа примени околу 7.950 граѓани. Во разговор со дел од граѓаните беше констатирано дека Народниот правобранител не е надлежен да постапува, заради што истите беа советувани за правната можност за остварување на нивните права. Но, има граѓани кои, иако се запознати дека Народниот правобранител не е надлежен да постапува, поради нивната лоша материјална положба, сепак се обраќаат кај Народниот правобранител.

Имајќи ја предвид оваа состојба, Народниот правобранител **препорачува** реално зајакнување на системот за бесплатна правна помош.

**Слика бр.1**




Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје во 2013 година постапуваше по 2.199 претставки, канцеларијата во Битола по 582, во Кичево по 271, во Куманово по 254, во Тетово по 217, во Струмица по 144 и во Штип по 113 претставки.

Во извештајната година од вкупно 3780 примени претставки, најголем број од нив 1461 или 38,65% се однесуваат на повреда на правата од страна на централната власт, 1258 или 33,28% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, во 362 претставки или 9,58% се повредени правата од страна на правните лица, во 356 претставки или 9,42% се повредени правата од страна на локалната власт, во 56 претставки или 1,48% имаше повреда на правата, како од централната, така и од локалната власт, а во 287 претставки или 7,59% подносителите се жалат на повреда на правата од други субјекти.

**Графикон бр.1**



Во извештајната година од вкупниот број 3975 граѓани-подносители, 1777 или 44,70% не се изјасниле за нивната етничка припадност, а 2198 или 55,30% се изјасниле. Најголем број од граѓаните-подносители, кои се изјасниле за својата етничка припадност се Македонци 1316 или 59,87%; 597 или 27,16% се припадници на албанската етничка заедница; 105 или 4,78% се припадници на ромската етничка заедница; 71 или 3,23% се припадници на турската етничка заедница; 51 или 2,32% се Македонци-Муслимани; 30 или 1,36% се Срби; 9 или 0,41% се Бошњаци; 11 или 0,50% се припадници на другите етнички заедници, а најмал број претставки, односно 8 или 0,36% се поднесени од припадници на влашката заедница.

**Преглед бр.2**

ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ПО ОБЛАСТИ

| | | | | | | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОБЛАСТ | Примени претставки во 2013 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организации/Здруженија | Број на подносители | Македонци | Албанци | Срби | Роми | Македонци-Муслимани | Бошњаци | Власи | Турци | Не се изјасниле за етничката припадност | Други |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 51 | | 2 | 1 | 58 | 6 | 5 | | 18 | | | | | 28 | 1 |
| Полициски постапки | 177 | | 2 | 1 | 177 | 53 | 25 | 1 | 18 | | 2 | 1 | 6 | 69 | |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 97 | | | 2 | 95 | 9 | 47 | 1 | 5 | | | | 4 | 28 | 1 |
| Правосудство | 732 | | | 12 | 738 | 278 | 149 | 7 | 21 | | 2 | | 21 | 258 | 2 |
| Социјална сигурност и заштита | 206 | | | 1 | 205 | 54 | 69 | 2 | 18 | 4 | 1 | | 4 | 53 | |
| Работни односи | 246 | 2 | | 3 | 266 | 71 | 35 | 5 | 4 | | | | 3 | 148 | |
| Станбени односи | 76 | | | 1 | 75 | 29 | 8 | | 1 | | 1 | 1 | 2 | 31 | 2 |
| Здравствена заштита | 128 | 1 | 2 | 5 | 119 | 52 | 8 | | 1 | | | 1 | 5 | 51 | 1 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 224 | | | 1 | 232 | 119 | 25 | 4 | 1 | | | | 5 | 78 | |
| Образование, наука, култура и спорт | 34 | | | 1 | 33 | 2 | 5 | | 5 | 1 | | 1 | | 19 | |
| Права на децата | 116 | 1 | 7 | 6 | 112 | 26 | 14 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | 67 | |
| Урбанизам и градежништво | 140 | | | 1 | 193 | 65 | 14 | | 4 | 40 | | | | 70 | |
| Животна средина | 28 | | | | 21 | 7 | 3 | | | | | | 1 | 10 | |
| Финансии | 106 | | | | 106 | 46 | 12 | | | | | | 3 | 45 | |
| Имотно-правни односи | 251 | | | 3 | 273 | 110 | 11 | 1 | | 2 | | 1 | 6 | 142 | |
| Потрошувачки права | 646 | | 3 | 14 | 745 | 318 | 88 | 6 | 13 | 3 | 2 | 1 | 3 | 328 | 3 |
| Комунално-поврзани и економско-поврзани дејности | 247 | 1 | 3 | 5 | 233 | 13 | 14 | | 8 | | | | | 198 | |
| Лица со посебни потреби | 10 | | 1 | | 9 | 3 | 1 | | | | | | 1 | 4 | |
| Избирачки права | 42 | 3 | | 2 | 38 | | 5 | | | | | 1 | | 32 | |
| Друго | 221 | 2 | | 6 | 253 | 59 | 55 | 2 | 3 | 1 | | | 6 | 126 | 1 |
| ВКУПНО: | 3780 | 10 | 20 | 65 | 3975 | 1316 | 597 | 30 | 105 | 51 | 9 | 8 | 71 | 1777 | 11 |

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се од Скопје, односно 1.574, потоа следат претставки на подносители од: Битола, Куманово, Кичево, Тетово, Штип, Охрид и од останатите поголеми урбани средини, како и од други држави. Може да се забележи дека најбројни се подносителите на претставките кои живеат во местата каде се наоѓаат и подрачните канцеларии на Народниот правобранител.

**Преглед бр.3**

ПРЕГЛЕД
НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ
ПО ГРАДОВИ И ДРЖАВИ НА СТРАНСКИ ПОДНОСИТЕЛИ

| Град | 2012 год. | 2013 год. | Град | 2012 год. | 2013 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 5 | 10 | Неготино | 17 | 21 |
| Битола | 615 | 421 | Охрид | 94 | 89 |
| Богданци | 2 | 6 | Пехчево | 5 | 4 |
| Валандово | 7 | 3 | Прилеп | 107 | 88 |
| Велес | 57 | 62 | Пробиштип | 15 | 14 |
| Виница | 13 | 12 | Радовиш | 19 | 31 |
| Дебар | 19 | 22 | Ресен | 18 | 4 |
| Делчево | 10 | 10 | Скопје | 1907 | 1574 |
| Демир Хисар | 17 | 13 | Струга | 82 | 52 |
| Демир Капија | 2 | - | Струмица | 93 | 99 |
| Дојран | 2 | - | Свети Николе | 10 | 13 |
| Гевгелија | 31 | 31 | Тетово | 200 | 204 |
| Гостивар | 70 | 66 | Штип | 106 | 112 |
| Злетово | | 1 | Албанија | - | 1 |
| Кавадарци | 36 | 38 | Босна и Херцеговина | 1 | - |
| Кичево | 166 | 190 | Бугарија | - | 2 |
| Кочани | 28 | 36 | Косово | 1 | - |
| Кратово | 5 | 8 | Романија | - | 1 |
| Крива Паланка | 21 | 26 | Србија | 5 | 2 |
| Крушево | 9 | 13 | Франција | - | 1 |
| Куманово | 286 | 267 | Црна Гора | - | 1 |
| Македонска Каменица | 9 | 3 | Турција | 1 | - |
| Македонски Брод | 18 | 13 | Швајцарија | - | 1 |
| Маврово | 4 | 2 | Не е избран град или држава | 233 | 213 |
| | | | ВКУПНО: | 4346 | 3780 |

## Податоци по области

Најголем број претставки беа примени од областа на: правосудството 732 или 19,37%; потрошувачките права (комунални и други надоместоци) 646 или 17,09%; од имотно-правната област 261 или 6,90%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 247 или 6,53%; од работните односи 246 или 6,51%; пензиското и инвалидското осигурување 224 или 5,93%; социјалната заштита 206, односно 5,45%; од областа на заштитата на правата при полициски постапки 177 или 4,68%; урбанизам и градба 140 или 3,70%; здравствената заштита 128 или 3,39%; заштитата на правата на децата 116 или 3,07%; финансиите и финансиското работење 106 или 2,80%; граѓанските состојби и други

внатрешни работи 97 или 2,57%; станбените односи 76 или 2,01%; недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 51 или 1,35%; избирачки права 42 или 1,11%; образованието, науката, културата и спортот 34 или 0,90%; животната средина 20 или 0,53%; лица со посебни потреби 10 или 0,26%; како и од други области за кои беа примени 221 или 5,85% претставки.

**Преглед бр.4**

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ**
**ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ОД 01.01. ДО 31.12.2013 ПО ОБЛАСТИ**

| | | | | | | | Начин на решавање | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | | |
| ОБЛАСТИ | Примени во 2013 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Предмети по сопствена иницијатива | Со одлука за запирање или непокренување постапка | Решени на друг начин | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Преземени сите законски дејствија од НП | Непостапено по интервенција на НП | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | Вкупно завршени постапки | Предмети останати во работа |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 51 | 51 | 12 | 63 | | 2 | 30 | | 19 | 15 | 1 | 3 | 1 | | | 46 | 17 |
| Полициски постапки | 177 | 178 | 54 | 231 | | 2 | 165 | 10 | 13 | 10 | 1 | 2 | | | | 186 | 45 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 97 | 97 | 51 | 148 | | | 59 | 7 | 37 | 22 | 7 | 8 | 2 | | | 95 | 53 |
| Правосудство | 732 | 742 | 92 | 824 | | | 583 | 7 | 121 | 105 | 6 | 9 | | | | 701 | 123 |
| Социјална заштита | 206 | 206 | 46 | 252 | | | 152 | 1 | 67 | 54 | 5 | 8 | | | 2 | 212 | 40 |
| Работни односи | 246 | 269 | 92 | 338 | 2 | | 177 | 11 | 87 | 53 | 29 | 5 | 2 | | | 272 | 66 |
| Станбени односи | 76 | 76 | 3 | 79 | | | 47 | 2 | 12 | 12 | | | | | | 61 | 18 |
| Здравствена заштита | 128 | 125 | 48 | 176 | 1 | 2 | 69 | 3 | 78 | 46 | 6 | 26 | 24 | | 2 | 125 | 51 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 224 | 233 | 61 | 285 | | | 159 | | 93 | 83 | 4 | 6 | | | 2 | 246 | 39 |
| Образование, наука, култура и спорт | 34 | 34 | 7 | 41 | | | 29 | | 10 | 7 | 2 | 1 | | | | 38 | 3 |
| Права на децата | 116 | 118 | 11 | 127 | 1 | 7 | 73 | 2 | 45 | 38 | 1 | 6 | 2 | 2 | 1 | 115 | 12 |
| Урбанизам и градба | 140 | 194 | 49 | 189 | | | 111 | 6 | 36 | 8 | 16 | 12 | | | 13 | 141 | 48 |
| Животна средина | 20 | 21 | 7 | 27 | | | 19 | | 7 | 5 | 1 | 1 | | | | 25 | 2 |
| Финансии | 106 | 106 | 20 | 126 | | | 58 | 1 | 54 | 44 | 3 | 7 | | | 1 | 106 | 20 |
| Имотно-правни односи | 261 | 276 | 69 | 330 | | | 189 | 1 | 109 | 86 | 12 | 11 | 3 | 3 | 3 | 288 | 42 |
| Потрошувачки права | 646 | 763 | 114 | 760 | | 3 | 430 | 14 | 239 | 214 | 20 | 5 | 1 | | 1 | 678 | 82 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 247 | 244 | 30 | 277 | 1 | 3 | 151 | 6 | 93 | 85 | 3 | 5 | 1 | | | 246 | 31 |
| Лица со посебни потреби | 10 | 9 | 2 | 12 | | 1 | 5 | 1 | 4 | 3 | | 1 | | | | 9 | 3 |
| Избирачки права | 42 | 40 | | 42 | 3 | | 35 | | 4 | 4 | | | | | | 42 | |
| Друго | 221 | 259 | 51 | 272 | 2 | | 175 | 1 | 46 | 37 | 6 | 3 | | | 2 | 221 | 51 |
| ВКУПНО: | 3780 | 4041 | 819 | 4599 | 10 | 20 | 2716 | 73 | 1174 | 931 | 123 | 119 | 36 | 5 | 27 | 3853 | 746 |

Во 2013 година бројот на поплаки на граѓаните за работата на правосудството, се зголеми во споредба со претходната извештајна година, како и бројот на граѓаните кои се жалеа дека се дискриминирани. Значително беше намален бројот на граѓаните кои бараа заштита како потрошувачи.

**Графикон бр.2**




Во 2013 година Народниот правобранител прими 51 претставка во кои граѓаните побараа заштита затоа што сметаа дека биле дискриминирани по разни основи. Споредбено со претходните години, оваа година значително беше зголемен бројот на граѓаните кои беа согласни Народниот правобранител нивните поплаки да ги истражува како дискриминација, што укажува на тоа дека граѓаните се повеќе се охрабрени да се борат против дискриминацијата.

**Графикон бр.3**




Во извештајната година во делот на недискриминацијата и соодветната и правичната застапеност беа примени 51 претставки, односно 19 повеќе од минатата година. Најголем број од овие претставки, односно 26 се однесуваа на дискриминација по етничка припадност. Од нив во 19 случаи се констатираше повреда, поради што Народниот правобранител упати укажувања и препораки. Во 15 случаи беше постапено по интервенцијата на Народниот правобранител, во еден случај беа преземени сите законски можности, а за три случаи се чека одговор.

Од вкупно 116 претставки примени од областа на правата на децата 46 или 39,66% се однесуваат на права на детето во семејството, 25 или 21,55% на повреда на права во воспитно-образовни установи, 13 или 11,21% на социјална заштита, 8 или 6,90% на семејното и друг вид насилство врз децата, 6 или 5,17% на физичко и психичко малтретирање на децата, 5 или 4,31% на здравствената заштита на деца, 2 или 1,72% на деца со посебни потреби и 11 или 9,48% на други права на децата. Народниот правобранител констатира дека и оваа извештајна година продолжуваат повредите на правата на децата во повеќе сфери, а особено се повредуваат правата на детето во семејството.

**Графикон бр.4**



## Постапување

Од вкупно 4.599 претставки постапката е завршена по 3.853 или во 83,78% случаи, додека по 746 или 16,22% претставки постапката е во тек. (Слика бр.2)

**Слика бр.2**




Од завршените постапки по 3.853 претставки, по 948 претставки или во 24,60% случаи не е покрената постапка, за 1.768 предмети или во 45,89% случаи постапката е запрена, во 931 или 24,16% претставки Народниот правобранител констатира повреди на човековите слободи и права и неговите интервенции беа прифатени. Во 123 или 3,19% случаи Народниот правобранител ги презеде сите законски дејства, 73 или 1,89% предмети решени се на друг начин, а 10 или 0,26% случаи беа анонимни. (Слика бр.3)

**Слика бр.3**




Во 2013 година Народниот правобранител од вкупно 4.599 претставки постапуваше по 3.651 или 79,39%, а во 948 или 20,61% претставки не покрена постапка. Поради ваквиот број на претставки по кои не е покрената постапка, Народниот правобранител цени дека се уште има граѓани кои недоволно ги знаат законските можности на институцијата, заради

што смета дека има потреба за промоција на човековите слободи и права и на институцијата Народен правобранител, со цел граѓаните да се информираат за нивните права, начинот на заштита на истите, како и за надлежностите на Народниот правобранител. (Слика бр.4)

**Слика бр.4**




Од вкупно 3.651 претставки по кои Народниот правобранител покрена постапка, 2.905 или 79,57% се завршени, а по 746 претставки или за 20,43% случаи постапката е се уште во тек.

И оваа извештајна година Народниот правобранител континуирано, на секои три месеци доставуваше информации до Владата на Република Македонија за бројот и видот на доставените барања од Народниот правобранител до телата на Владата и до органите во состав на министерствата. Ова придонесе за забрзување на одредени постапки кои ги водеше Народниот правобранител, но има и органи кои воопшто не соработуваа, односно ја попречуваа работата на Народниот правобранител. Останува констатацијата дека и натаму треба да се работи на подобрување на квалитетот на соработката.

## Констатирани повреди и преземени мерки

Од вкупниот број предмети по кои Народниот правобранител постапуваше, во 1174 случаи беа констатирани повреди на човековите слободи и права на граѓаните. Од нив во 931 случаи (79,30%) органите на државната управа, другите органи и организациите со јавни овластувања ги прифатија интервенциите на Народниот правобранител, за 119 случаи (10,14%) постапката е се уште во тек, а во 123 (10,48%) случаи (по констатирана повреда и упатена препорака која не беше прифатена, беа преземени други дејствија во вид на информации и посебни извештаи) Народниот правобранител ги исцрпи сите законски можности.



Најголем број констатирани повреди во 2013 година беа од потрошувачките права 239 или 20,36%, од кои во 214 или 91,63% случаи органите и организациите со јавни овластувања постапија по интервенција на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од правосудството, по кои се констатирани повреди во 121 случаи или 10,31%, од кои во 105 или 86,78% случаи беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од имотно-правните односи, констатирани се повреди во 109 случаи или 9,28%, од кои во 86 или 78,90% случаи беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител, потоа во претставките од пензиското и инвалидското осигурување итн.

**Слика бр.5**




Органи кои во најголем број не постапиле по укажањата, сугестиите, препораките, мислењата и другите интервенции на Народниот правобранител се Министерството за здравство, единици на локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјала итн.

# ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА

## Организација и начин на работа

Организацијата на работата на Народниот правобранител е утврдена согласно Законот за народниот правобранител и другите подзаконски акти на институцијата.

Народниот правобранител делокругот на работата го извршува преку организациските единици во седиштето на институцијата во Скопје и во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип.

## Кадровска екипираност

Во текот на 2013 година беа избрани седум нови заменици од кои еден во Скопје и шест во подрачните канцеларии на институцијата во Тетово, Куманово, Штип, Струмица, Кичево и Битола.

Според квалификациската структура на вработените 58 се со високо образование, а 19 со средно образование. Од нив 45 се жени, а 32 мажи.

Во институцијата Народен правобранител вработени се: 33 Македонци, 31 Албанци, 3 Роми, 3 Срби, 3 Власи, 2 Бошњаци, по еден Турчин и Хрват.

Народниот правобранител се соочува со недостаток на човечки ресурси. Почнувајќи од 2011, 2012 и 2013 година по разни основи работниот однос им престанал на 8 вработени, а упразнетите места не се пополнети. И покрај напорите на Народниот правобранител за целосна екипираност на институцијата, заради начинот на распределба на финансиските средства се уште не се одобрени средства за пополнување на упразнетите работни места. Како последица на оваа состојба се доведува во прашање ефикасноста на работата на институцијата, како и е нарушен принципот на соодветна и правична застапеност.

## Средства за работа

Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Во 2013 година предвидените активности на Народниот правобранител, согласно позитивните прописи, беа реализирани со 64.331.970,00 денари или во проценти 96,36% од планираните средства.

Во Буџетот на Народниот правобранител освен тековните расходи не се одобрени средства за промоција на човековите слободи и права. Народниот правобранител со овој буџет се соочува со потешкотии за преводи и публикации на извештаи.

Активностите за промоција на човековите слободи и права и можностите за нивна заштита во 2013 година се остваруваа со финансиска поддршка од Инструментот за техничка помош и размена на искуства на Европската комисија TAIEX, амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Начинот на финансирање на институцијата останува неадекватен на нејзините надлежности и позиција во уставно-правниот систем на Република Македонија. Ова особено што Народниот правобранител не учествува при подготвување на Буџетот, а во законот е утврдено дека на седница на Парламентот тој треба да ги образложи бараните средства. Засега ова претставува само формална обврска која суштински нема важност.

Во 2013 година беа обезбедени средства за функционирање на Националниот превентивен механизам со коишто беа опфатени трошоците за превод, печатење и дистрибуција на годишниот извештај, обврска што произлегува од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура на Обединетите нации. Воедно, беа обезбедени и средства за ангажирање на надворешни соработници со кои се обезбеди мултидисциплинарен пристап. Потребата од зголемување на човечките ресурси во Националниот превентивен механизам останува и понатаму.

| пот ставки | опис | НП буџет 2013 | НПМ буџет 2013 | НП реализација 27.12.2013 | НПМ реализација 27.12.2013 | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 32.955.000,00 | | 31.946.568,00 | | 1.008.432,0 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 12.189.000,00 | | 11.815.862,00 | | 373.138,0 |
| 40 | Плати и надоместоци | 45.144.000,00 | | 43.762.430,00 | | 1.381.570,0 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 700.000,0 | 30.000,0 | 566.024,0 | 25.033 | 138.943,0 |
| 421 | Комунални услуги | 5.500.000,0 | 65.000,0 | 4.960.123,0 | 37.966 | 566.911,0 |
| 423 | Материјали и алати | 900.000,0 | 10.000,0 | 867.480,0 | 9.494 | 33.026,0 |
| 424 | Поправка и тековно одржување | 1.450.000,0 | | 1.391.104,0 | | 58.896,0 |
| 425 | Договорни услуги | 11.620.000,0 | 400.000,0 | 11.540.721,0 | 398.526 | 80.753,0 |
| 426 | Други тековни расходи | 700.000,0 | 15.000,0 | 581.430,0 | 14.051 | 119.519,0 |
| 42 | Стоки и услуги | 20.870.000,0 | 520.000,0 | 19.906.882,0 | 485.070 | 998.048,0 |
| 464 | Разни трансфери | 130.000,0 | | 83.992,0 | | 46.008,0 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 100.000,0 | | 93.596,0 | | 6.404,0 |
| 48 | Вкупно за капитални расходи | 100.000,0 | | 93.596,0 | 0,0 | 6.404,0 |
| | Вкупно | 66.244.000,0 | 520.000,0 | 63.846.900,0 | 485.070 | 2.432.030,0 |
| | Вкупно | 66.764.000,0 | | 64.331.970,0 | | |
| | Процент на искористеност на буџетот | | | 96,36 | | 3,64 |

**Република Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Димитрие Чуповски" бр.2, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 2 3129335, факс: +389 2 3129359
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk